# ООУ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“

ул.„Антон Димитров“ бр.135 Скопје, тел./факс 2720-034
http://kuzmansapkarevkv.schools.edu.mk

**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА**

**на ООУ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“**

**н.Драчево, Кисела Вода**

**за учебната 2022/2023 година**



**ЈУЛИ 2022**

Врз основа на член 49 став 3,4 и 5 од Законот за основно образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр.161/19), член 1 и 3 и глава III и IV од Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште бр. 18-6579/1 од 06.07.2020 година, донесен од Министерот за образование и наука, Училишниот одбор при ООУ„Кузман Шапкарев“, Кисела Вода, Скопје, а на предлог од Директорот на училштето на **5.07.2022 година** даде позитивно мислење за Годишната програма за работа на ООУ„Кузман Шапкарев“, Кисела Вода, Скопје за учебната 2022/2023 година.

Годишната програма се базира на: Законот за основно образование, Наставните планови и програми од БРО, Концепцијата за деветгодишно образование, Развојната програма на училиштето 2018-2022 година, Статутот на училиштето, Самоевалуацијата на училиштето 2020-2022 година, Годишниот извештај за работа на училиштето 2021/2022г. Кодексот на однесување, записници од органите на училиштето.

Годишната програма се подготвува во форма на едногодишен развоен документ чија цел е реализација на образовно - воспитните цели на училиштето за една учебна година. Преку Годишната програма училиштето ќе ги реализира целите и задачите на воспитанието и образованието на Република Северна Македонија зацртани во Законот за основно образование.

## СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| | Вовед | 5 |
| 1. | Општи податоци за основното училиште училиште | 7 |
| 1.1. | Табела со општи податоци | 7 |
| 1.2. | Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште | 8 |
| 2. | Податоци за условите за работа на основното училиште | 9 |
| 2.1. | Мапа на основното училиште | 9 |
| 2.2. | Податоци за училишниот простор | 11 |
| 2.3. | Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор опрема и наставни средства“ | 11 |
| 2.4. | Податоци за училишна библиотека | 14 |
| 2.5. | План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година | 15 |
| 3. | Податоци за вработените и за учениците во основното училиште | 16 |
| 3.1. | Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа | 16 |
| 3.2. | Податоци за раководните лица | 18 |
| 3.3. | Податоци за вработените административни службеници | 18 |
| 3.4. | Податоци за вработените помошно-технички лица | 18 |
| 3.5. | Податоци за ангажираните образовни медијатори | 19 |
| 3.6. | Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар | 19 |
| 3.7. | Вкупни податоци за степен на образование на вработените | 19 |
| 3.8. | Вкупни податоци за старосната структура на вработените | 20 |
| 3.9. | Податоци за учениците во основното училиште | 20 |
| 4. | Материјално-финансиско работење на основното училиште | 21 |
| 5. | Мисија и визија | 27 |
| 6. | „LESSONS LEARNED“ - Веќе научено/стекнати искуства | 28 |
| 7. | Подрачја на промени, приоритети и цели | 29 |
| 7.1. | План за евалуација на акциските планови | 29 |
| 8. | Програми и организација на работата во основното училиште | 41 |
| 8.1. | Календар за организацијата и работата во основното училиште | 42 |
| 8.2. | Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите | 43 |
| 8.3. | Работа во смени | 48 |
| 8.4. | Јазик /јазици на кои/и се изведува наставата | 48 |
| 8.5. | Проширена програма | 48 |
| 8.6. | Комбинирани паралелки | 56 |
| 8.7. | Странски јазици што се изучуваат во основното училиште | 56 |
| 8.8. | Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение | 56 |
| 8.9. | Изборна настава | 57 |
| 8.10. | Дополнителна настава | 57 |
| 8.11. | Додатна настава | 57 |
| 8.12. | Работа со надарени и талентирани ученици | 58 |
| 8.13. | Работа со ученици со посебни образовни потреби | 58 |
| 8.14. | Туторска поддршка на учениците | 59 |
| 9. | Воннаставни активности | 60 |
| 9.1. | Училиштни спортски клубови | 60 |
| 9.2. | Секции/клубови | 60 |
| 9.3. | Акции | 62 |
| 10. | Ученичко организирање и учество | 63 |
| 11. | Вонучилишни активности | 65 |

11.1. Екскурзии, излети и настава во природа........ 65
12. Натпревари за учениците........ 86
13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничка интеграција........ 88
14. Проекти што се реализираат во основното училиште........ 89
15. Поддршка на учениците........ 103
15.1. Постигнување на учениците........ 103
15.2. Професионална ориентација на учениците........ 103
15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација........ 103
16. Оценување........ 105
16.1. Видови оценување и календар на оценувањето........ 105
16.2. Тим за следење, анализа и поддршка........ 106
16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно- образовниот кадар........ 107
16.4. Самоевалуација на училиштето........ 107
17. Безбедност на училиштето........ 111
18. Грижа за здравјето........ 112
18.1. Хигиена во училиштето........ 112
18.2. Систематски прегледи........ 112
18.3. Вакцинирање........ 112
18.4. Едукација за здрава исхрана - оброк во училиштата........ 112
19. Училишна клима........ 113
19.1. Дисциплина........ 113
19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето........ 113
19.3. Етички кодекси........ 113
19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето........ 113
20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар........ 114
20.1. Детектирање на потребите и приоритетите........ 114
20.2. Активности за професионален развој........ 114
20.3. Личен професионален развој........ 114
20.4. Хоризонтално учење........ 115
20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар........ 115
21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите........ 116
21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето........ 116
21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности........ 116
21.3. Едукација на родителите/старателите........ 116
22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште........ 117
23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште........ 117
24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште........ 119
25. Заклучок........ 122
26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште........ 122
27. Прилози........ 123
28. Користена литература........ 238

## Вовед

**ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА УЧИЛИШТЕТО** е најзначаен документ за работа на училиштето во кој се конкретизирани активностите на ниво на училиште, носителите на тие активности, термините за нивна реализација, одговорностите на училишните субјекти и очекуваните исходи и ефекти од нивното остварување. Со други зборови таа е основен документ со кој се планира и организира училишниот живот.

Целта на основниот воспитно–образовен систем е стекнување на општо образование и воспитување, складен развој на личноста и подготовка за живот, за понатамошно општо образование и воспитување. Во воспитно-образовниот процес се исполнуваат следниве задачи: оспособување за живот, понатамошно образование и самообразование; совладување на основните елементи на современото општо образование; оспособување за примена на стекнати знаења, умеења и правилно користење на слободното време; развивање на интелектуалните и физичките способности, критичко мислење и решавање на проблеми, самостојност и интерес за многу знаења; познавање на основни законитости на природата, општетството и човечкото мислење; стекнување и развивање свест за потребата од чување на сопственото здравје и заштита на животната средина; развивање на хуманост, патриотизам и други етички својства на личноста; воспитување за хуман и културен однос меѓу луѓето без да се прави разлика меѓу пол, вера, раса, националност и лично верување; негување и развивање на културата и културното наследство; стекнување на основни познавања за убаво однесување.

Училиштето во текот на учебната година посебно внимание ќе посвети на подобрување на севкупното живеење во училиштето: унапредување и осовременување на воспитно-образовниот процес преку примена на современи методи, техники и стратегии на учење и поучување, подобрување на квалитетот на оценување во насока на зголемена објективност и еднаков пристап на наставниците кон учениците, подобрување на комуникацијата помеѓу сите учесници во воспитно-образовниот процес, стручно усовршување и професионален развој на наставниците, подигање и негување на креативна и интерактивна настава, инклузивност, меѓуетничка интеграција во образованието како и вклученост на семејствата преку заедничка грижа за правилно насочување на учениците.

Согласно со Уставот на Република Северна Македонија, Законот за основно образование, Планот и Програмата за воспитно-образовната дејност на основните училишта, Статутот и подзаконските акти на училиштето, Концепцијата за основно образование, Концепција за воннаставни активности и другите документи и напатствија од МОН, се изготвува Годишна програма за работа на училиштето.

При изработката на Годишната програма за работа на училиштето, во оваа учебна година се земени следниве појдовни точки:

- Законот за основно образование,
- Закон за работни односи,

- Закон за јавни набавки,
- Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони;
- Подзаконски и интерни акти (Статут, етички кодекс, деловници за работа на органите итн.), правилници;
- Наставните планови и програми (http://www.bro.gov.mk/osnovno-obrazovanie)
- Развојна програма на училиштето 2022-2026 г.;
- Програмата за работа на училиштето од претходната учебна година;
- Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година;
- Извештај од самоевалуација 2020-2022 г.;
- Записници и анализи од седници на Училишен одбор, Наставнички совет, Стручни активи и Совет на родители;
- Кадровски и материјални услови во кои работи училиштето;

На 5.7.2022 г. Наставничкиот совет ја разгледа предлог- Годишната програма за работа на училиштето од директорот и за истата даде позитивно мислење.

На 5.7.2022 г. Советот на родители ја разгледа предлог- Годишната програма за работа на училиштето од директорот и за истата даде позитивно мислење.

На 5.7.2022 г. Училишниот одбор ја разгледа предлог - Годишната програма за работа на училиштето од директорот. Ја усвои и донесе Одлука за доставување до Советот на Општина Кисела Вода за понатамошно разгледување и усвојување на истата.

## 1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Општинското основно училиште „Кузман Шапкарев“ н. Драчево, Скопје, настанало со поделбата на ОУ „ Братство Единство “ во н. Драчево. Согласно решението на Собранието на град Скопје, Соборот на работните заедници и со одлука на советот на О О У „ Кузман Шапкарев “ од 2 јули 1971 година почнува да работи нашето училиште. Оттогаш во нашето училиште се одвива квалитетна воспитно образовна дејност за која најголема заслуга имаат наставниците кои со својата посветеност и сериозен пристап кон работата ги насочуваат учениците кон позитивност и креативност во учењето. Учениците се гордеат што учеле во ова училиште кое отсекогаш имало високо реноме во општината и е синоном за успешно опстојување, а наставниот кадар и учениците нижат успеси преку разни проекти во државата и во светски рамки. Нашето училиште бележи континуиран воспитно-образовен процес веќе 50 години, а наставата се изведува на македонски јазик.

**1.1.Табела со општи податоци**

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основно училиште | ООУ „Кузман Шапкарев,, |
| Адреса, место, општина | ул.”Антон Димитров”, Кисела Вода, н.Драчево |
| Телефон | 02 2793 002 |
| Факс | 02 2720 034 |
| Веб-страница | kuzmansapkarev.edu.mk |
| Е-маил | kuzmansapkarev@gmail.com |
| Основано од... | Собрание на општина Драчево – 02.07.1971 со решение бр. 01-3530/1 |
| Верификација-број на актот | 15 – 2017-1 од 1985 |
| Година на изградба | 1971 |
| Тип на изградба | Тврда градба-катна |
| Внатрешна површина на училиштето (м2) | 5237 $м^2$ |
| Училишен двор (м2) | 13758 |
| Површина на спортски терени и игралишта | 2050 м2 |
| Начин на загревање на училиштето | сопствено парно греење |
| Училиштето работи во смени | 2 смени |
| Број на паралелки | 27 |
| Број на комбинирани паралелки | / |
| Јазик/ јазици на кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни потреби | / |
| Во осноното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други податоци карактеристични за основото училиште | Во рамки на училиштето нема подрачни училишта |

**1.2. Органи за управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште**

| | |
|---|---|
| Членови на Училишен одбор (име и презиме) | Валентина Гичевска, Јулија Бекриќ, Ксенија О. Николовски,Лидија Таковска,Ирена Палчевска, Душица Гулабовски Алексиевски ,Игорче Арсовски |
| Членови на Советот на родители (име и презиме) | Членовите на совет на родители од I-1 до I-3 ќе се изберат на првиот родителски состанок.<br>II1- Мартина Христова, II2- Миле Димеска, II3- Наиме Мемет, III1- Миланчо Николовски, III2- Катерина Тасевска, III3- Александар Тодоров, IV1-Елена Николовска, IV2-Гоце Бошковски, IV3-Мицо Илиоски, V1-Гордана Ј. Атанасовска, V2-Катерина Белевска, V3-Марина Смиљковска, VI1-Дејана Митреска, VI1-Горан Стоимановски, VI3-Наташа Петковска, VII1-Јулија Анчевска, VII2-Душица Гулабовски Алексиевски, VII3- Мики Павловски, VIII1- Ирена Палческа, VIII2- Лидија Таковска, IX1- Душко Савовски, IX2- Билјана Станоевска, IX3- Ирена Николовска - IX4 - Љупка Гајдовска |
| Стручни активи (видови) | Стручен актив на наст. Од одделенска настава<br>Стручен актив на наст. Од природно-математичка група<br>Стручен актив на наст.од општествено-јазична насока<br>Актив на стручни соработници,Спортски актив |
| Одделенски совети (број на наставници) | Одделенски совет 1-5 одд. 20 наставници, Одделенски совет 6-9 одд. 25 наставници |
| Членови на училиштен инклузивен тим (име и презиме) | Жаклина Божиноска-директор, Анета Милошова-специјален едукатор и рехабилитатор, Кристина Илиевска-психолог ,Валентина Гичевска – одделенски наставник, Љупчо Велковски-предметен наставник Јасмина Мицевска-родител, Јулијана Богоевска-родител |
| Заедница на паралелката (број на ученици) | 2 ученика од паралелка |
| Членови на Ученичкиот парламент | Вкупно 24 ученици |
| Ученички правобранител | Избор во месец септември |

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА УСЛОВИТЕ НА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## 2.1. Мапа на основното училиште




Мапа – ООУ,,Кузман Шапкарев“

## План за простории



### 2.2. Податоци за училишниот простор

| | |
|---|---|
| Вкупен број на згради | 1 училишна зграда |
| Број на подрачни училишта | / |
| Бруто површина | 24.647 м2 |
| Нето површина | 5.237 м2 |
| Број на спортски терени | 1 за фудбал, 1 за кошарка и 1 за тенис |
| Број на катови | приземје и кат |
| Број на училници | 22 |
| Број на помошни простории | 13 |
| Училишна библиотека | 1 |
| Начин на загревање | сопствено парно греење – нафта |

### 2.3. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“

| Одделенска настава | | |
|---|---|---|
| Наставен предмет – одд.настава | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
| Македонски јазик | Табла, Букварки<br>Азбука печатна кирилица и латиница<br>Постер-Азбука за секое дете ,,Zegin,,<br>Постер, телевизор, компјутер<br>Карти со кирилични и латинични букви,букварки<br>Постер приказна по слики<br>Пластифицирани букви<br>ТВ, компјутер | Табла за почетно пишување (за почетно пишување)<br>Интерактивна табла |
| Математика | Стапчиња<br>Капачиња<br>Сложувалки<br>Штипки<br>Постери за броеви<br>Постер за дропки<br>Таблица за множење<br>Дидактички материјали од I до III одд за (куферче)<br>Дигитална Вага<br>Табела 100<br>Модели за дропки/Таблица за множење и делење<br>Шестар<br>Линијар – триаголник<br>Мерки за волумен<br>Мерици за течности/Метро<br>Мензури за мерење<br>3Д форми<br>телевизор, компјутер | Гео табли за 2Д<br>Голема сметалки<br>Модел –Единици, Десетки, Стотки/ Голема сметалки /Модели за децимални броеви/Линијари за цртање (големи)<br>Шестари<br>Интерактивна табла |

| | | |
|---|---|---|
| Општество | Карта на РМ<br>телевизор, компјутер<br>Посрети од народни носии македонска и етнички заедници, Грб на општина и РСМ, знаме на оштина и РСМ<br>Постери за крстосница;<br>3Д Крстосница | карта со картографски знаци, компас<br>Релјефна карта на РСМ<br>Дигитален семафор;<br>3Д Крстосница;<br>Сообраќајни знаци/Прирачник<br>Интерактивна табла |
| Природни науки | Постер – Пирамида на здрава храна<br>Лупи, магнети<br>Струјно коло<br>/Динамометар;<br>Компас<br>телевизор, компјутер<br>стаклени чаши, филтерна хартија, инка | Магнети различни;<br>Збирка на карпи;<br>Динамометар;<br>Компас;/, , модел на Сончев систем, /Модели за сили<br>Планетарен систем, стаклени чаши, филтерна хартија, инка |
| Работа со компјутери и програмирање | Компјутер, ТВ<br>ЛЦД – проектор, платно за проектор | компјутери |
| Ликовно образование | ТВ, компјутер | Штафелај |
| Музичко образование | ЦД плеер;<br>ДМИ<br>синтисајзер<br>телевизор, компјутер | ДМИ повеќе комплети;<br>CD според наставната програма |
| Физичко и здравствено образование | мали топки<br>Обрачи/Конуси/Пикадо<br>Пречки,Кошеви; Рипстол,<br>Душеци 2/шведска клупа<br>шведски сандак гимнастичка<br>компјутер | Топки за сите спортови, спортски риквизити |
| Техничко образование | Постери за крстосница;<br>ТВ, компјутер | Дигитален семафор; |

| Предметна настава | | |
|---|---|---|
| **Наставен предмет** | **Постоечка опрема и наставни средства** | **Потребна опрема** |
| **Македонски јазик** | Потребна литература( книги, прирачници), телевизор, лаптоп, компјутер, звучници | Интерактивна табла |
| **Математика** | Прибор по геометрија (линијар, шестар)<br>Геометриски тела ( пластични, жичани)<br>Агломер<br>ТВ, интерактивна табла, компјутер | Прибор по геометрија ( шестар, агломер)<br>Збирка задачи од 6-то до 9-то одд ( Просветно дело),<br>Геометриски тела ( пластични, жичани)<br>Интерактивна табла |
| **Англиски јазик** | ЦД плеер, ТВ, компјутер, интерактивна табла звучник,компјутер, | Интерактивна табла |
| **Германски  јазик** | ТВ компјутер | Интерактивна табла |
| **Музичко образование** | Компјутер, пијано, клавинова, телевизор, звучници (делумно исправни) | звучници |
| **Ликовно образование** | ТВ, компјутер, Четки, боја | Картон, стиропор,четки,<br>Бои, штафелај, графичко сито |
| **Физика** | Амперметар, волтметар, динамометар, прачкасти магнети, прекинувачи ,<br>сет спирали, тегови со две куки, тела за определување на густина,<br>ТВ, компјутер | кабли за поврзување, енциклопедии<br>Збирка задачи по физика за 8-мо и 9-то одд. Од разни издавачи, може и од средно образование,<br>дигитална вага, батерии од 4,5 волти, сијалички за струјно коло,<br>(магнети, кабли за поврзивање, динамометри- за работа во група)<br>интерактивна табла |
| **Биологија** | Модели на: око(со делови), бубрег-2, череп (со мозок), градба на уво, срце -3, нервен систем, желудник, модел за фази на развој (онтогенетски), нервен систем енциклопедии, микроскоп, трајни микроскопски препарати- ботаника и зоологија, постер за: градба на коска, скелетен и дигестивен систем, сетило за  вид, мирис и допир, нервен систем, дигестивен систем, мускулен и скелетен систем, градба на `рбетни и безрбетни животни, коприварки и инсекти<br>ТВ компјутер | Пастерови пипети,покровни стакленца, Бенедиктов раствор, Фелингов раствор, Луголов раствор, епрувети,<br>граден кош со пршлени,коски на екстремитети.коски на лице и череп,нагледни средства за растенија.<br><br>интерактивна табла |

| | | |
|---|---|---|
| **Географија** | Карта на Европа, Свет, С. Америка и Ј.Америка, Азија и Африка /Политичка карта на Ј Америка/Компас x2 и глобус , карти на Австралија и Океанија<br>ТВ, компјутер | Карти на:/Македонија x2- платнена, компас, термометар, Барометар, Карти на Балкански Полуостров, карта на Европа,<br>Карта на светот, Индукционен глобус.<br>интерактивна табла |
| **Историја** | Историски карти- Балкански војни, Прва светска војна, Алаксандар Македонски- освојување на античката држава,Самоиловата држава, Карпошово востание, Балкан во втора половина 19 век<br>ТВ компјутер | Карта за Втора светска војна<br>интерактивна табла |
| **Хемија** | Целосно опремен кабинет со нагледност и мебел од МОН<br>ТВ, компјутер | |

**ЗАБЕЛЕШКА**: За учениците со посебни образовни потреби потребни се материјали и средства за работа во зависност од нивните потреби. Целосно опремена сензорна соба преку донација.

**2.4. Податоци за училишна библиотека**

| Ред.број | Библиотечен фонд | Количество |
|---|---|---|
| 1. | Лектирни изданија | 2952 |
| 2. | Стручна литература | 615 |
| 3. | Монографски публикации | 5644 |
| 4. | Вкупен книжен фонд | 9211 |
| 5. | Учебници | 3651 |

**2.5. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година**

| Што се преуредува или обновува | Површини во м2 | Намена |
| --- | --- | --- |
| Да се санира подот во секоја училница | 1 000 м2 | Создавање на побезбедни и подобри услови за работа . |
| опремување со клупи, столчиња, шкафчиња за учениците шкафови и бироа, столици за наставниците | 15 училници | Создавање на подобри услови за работа |
| Да се реновира кровот ( замена на азбестни табли со лим) | 5 000 м2 | Заштита на здравјето |
| Хортикултурно уредување на училишниот двор | 9 000 м2 | Разубавување на училишниот простор |
| Преинсталација на дел од електричната мрежа | 2 000 м2 | Создавање на побезбедни и подобри услови за работа . |
| Реновирање на дел од канцелариите | 5 канцеларии | Создавање на подобри услови за работа |
| Варосување на дел од училниците и опремување на кабинетот по информатика | 10 училници | Создавање на подобри услови за работа |

## 3. ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ И ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

### 3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно/образовната работа

| Ред бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образов. | Работно место | Ментор /советник | Год. на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Дијана Горѓиоска | 1983 | Дипл.проф. по физичка кул. | ВСС | пред.наставник | / | 6.10 |
| 2. | Светлана Лозановска | 1963 | Дипл. Проф. По англиски јазик | ВСС | наст.англиски ј. | / | 28.6 |
| 3. | Зорица Ацевска Ѓорѓиева | 1975 | дипл.проф. по музичко обр. | ВСС | наст. по музичко обр | / | 23.9 |
| 4. | Лена С. Поповска | 1962 | Дипл. Нас. По англиски јазик | ВШС | наст.англиски ј. | / | 30.7 |
| 6. | Сузана Шишковска | 1967 | Дипл. Проф по одд. Настава | ВСС | одд. Наставник | / | 25.4 |
| 7. | Розета Тумбевска | 1966 | Дипл. Проф по одд. Настава | ВСС | одд. Наставник | / | 25 |
| 8. | Зорица Михајловска | 1962 | Дипл. Педагог | ВСС | одд. Наставник | / | 26.10 |
| 9. | Марија Велковска | 1969 | Дипл. Проф по одд. Настава | ВСС | одд. Наставник | / | 23.4 |
| 10. | Валентина Гичевска | 1967 | Дипл. Проф по одд. Настава | ВСС | одд. Наставник | / | 25.7 |
| 12. | Драгољуб Ѓорѓевиќ | 1976 | Дипл. Проф по физичко образ | ВСС | нас. По физичко образ | / | 12.8 |
| 13. | Драгица Стојановска | 1981 | Дипл. Проф по одд. Настава | ВСС | одд. Наставник | / | 13.2 |
| 14. | Бојана Николовска | 1983 | Дипл. Проф по англиски јазик | ВСС | нас. По англиски ј. | / | 13.10 |
| 15. | Мара Мишевска | 1966 | Дипл.проф.по германски јазик | ВСС | наст.по германски јазик | / | 21.3 |
| 16. | Снежана Бешлиевска | 1973 | Дипл. Проф по одд. Настава | ВСС | одд. Наставник. | / | 17.1 |
| 17. | Лилјана Карпузовска | 1984 | Магистер по одделенска настава | м-р | наст.по одделенска нас | / | 14.2 |
| 18. | Марјонка Димитровска | 1975 | Дипл.проф. биологија и хемија | ВСС | нас по хемија | / | 13.8 |
| 19. | Љупчо Велковски | 1964 | Дипл.проф по географија | ВСС | нас. По географија | / | 28.7 |
| 20. | Ксенија О. Николовски | 1979 | Дипл. Проф по одд. Настава | ВСС | наст.одделенска нас. | / | 12.7 |
| 21. | Анета А. Јумбрукова | 1974 | Дипл.проф.по македонски јазик | ВСС | наставник по македонски јазик | / | 12.7 |
| 23. | Станка Карамитреска | 1978 | Дипл.проф.по одделенска настава | ВСС | одд. наставник | / | 13 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 24. | Марјана Дамјановска | 1982 | Дипл.проф.по одделенска настава | ВСС | одд. наставник | / | 10 |
| 25. | Кристина Дораковска | 1982 | Дипл.проф.по одделенска настава | ВСС | одд. наставник | / | 10.11 |
| 26. | Магдалена Радевска | 1963 | Наставник.по одделенска настава | ВШС | одд. наставник | / | 22 |
| 27. | Дарко Цветаноски | 1981 | Дипл.проф.по математика и физика | ВСС | нас. по математика и физика | / | 8.11 |
| 28. | Владимир Анѓелески | 1979 | Дипл.проф.по географија | ВСС | нас. по географија. | / | 11.4 |
| 29. | Гордана Анчевска | 1979 | Дипл.проф.по одделенска настава | ВСС | одд. наставник | / | 9.5 |
| 30. | Сашка С. Морски | 1979 | Дипл.проф.по одделенска настава | ВСС | одд. наставник | / | 15.6 |
| 31. | Биљана Видински | 1984 | Дипл. Проф.по англиски јазик | ВСС | наст.по англиски јазик | / | 9 |
| 33. | Петар Беслаќ | 1981 | Дипл.проф.по ликовна уметност | м-р | наставник по лиовно обр. | / | 6.7 |
| 34. | Благоја Кечовски | 1981 | М-р.по физичко и здрв.обр. | м-р | наставник по физ. и здрав. обр. | / | 10.2 |
| 35. | Катерина Ј.Миниќ | 1973 | Дипл.проф по социологија | ВСС | наст.по култура на европски цивилизации,вештини на живеење и зап. На религии | / | 7 |
| 36. | Марија Д.Бајковски | 1983 | Проф.по одд.настава | ВСС | одд.наставник | / | 9.3 |
| 37. | Душица Трајковска | 1983 | Дипл.проф.по одд.настава | ВСС | одд.наставник | / | 7.2 |
| 38. | Дијана Игњевска-Стојаноска | 1987 | Проф.по македонски јазик со македонска книжевност и јужнословенски книжевности | ВСС | наст.по македонски јазик | / | 6 |
| 39. | Петар Ивановски | 1974 | Проф.по македонски јазик со македонска книжевност и јужнословенски книжевности | м-р | наст.по македонски јазик | / | 8.2 |
| 40. | Јулија Бекриќ | 1974 | Дипл.проф. по математика | ВСС | наст. по математика | / | 20 |
| 41. | Марина Мицевска | 1981 | Дипл.педагог | ВСС | одд.наставник | / | 2.7 |
| 42 | Сашо Андонов | 1979 | Дипл. Проф по историја | ВСС | нас. по историја | / | 11.9 |
| 43 | Виолета Ц. Трпковска | 1979 | Дипл. Проф по хемија | ВСС | нас. по хемија | / | 9 |
| 44 | Марија Смилева | 1987 | Дипл.проф. по одд. Настава | ВСС | одд. наставник | / | 9 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 45. | Марта Стојановска | 1981 | Дипл.педагог | ВСС | педагог | / | 16 |
| 46. | Кристина Илиевска | 1984 | Дипл.психолог | ВСС | психолог | / | 10,10 |
| 47. | Анета Милошова | 1974 | М-р по Специјална едукација и рехабилитација насока Специфични тешкотии во учењето | М-р | специјален едукатор и рехабилитатор | / | 5.5 |
| 48. | Марија Атанасова | 1975 | Проф.по македонски јазик со македонска книжевност и јужнословенски книжевности | ВСС | библиотекар | / | 13.1 |

* **Забелешка: Двајца наставници ( еден од одделенска настава и еден од предметна настава – наставник по математика ) се заминати во пензија. Еден наставник по информатика е заминат во друго училиште.**

### 3.2. Податоци за раководните лица

| Ред бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образов. | Работно место | Ментор / советник | Годин и на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Жаклина Божиноска | 1973 | дипл.проф. по одделенска настава | ВСС | директор | / | 25.2 |

### 3.3. Податоци за вработените административни службеници

| Ред бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образов. | Работно место | Годин и на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Паца Лазарова | 1965 | Правник | ВСС | секретар | 23.6 |

### 3.4. Податоци за вработените помошно технички лица

| Ред бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образов. | Работно место | Годин и на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Дејан Апостолоски | 1979 | Дипл. професор по физичко образ. | ВСС | домаќин | 22 |
| 3. | Зоран Николовски | 1970 | економски техничар | ССС | хигиеничар | 29.5 |
| 4. | Сузана Петреска | 1971 | основно | ОО | хигиеничар | 13 |
| 5. | Валентина Билбиловска | 1968 | градежен техничар | ССС | хигиеничар | 13.7 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Маре Крстевска | 1973 | Електротехничар | ССС | хигиеничар | 14.10 |
| 7. | Лила Василевска | 1964 | основно | ОО | хигиеничар | 33.9 |
| 8. | Жаклина Стојановска | 1969 | земјоделски техничар | ССС | хигиеничар | 24.9 |
| 9. | Андон Тасевски | 1966 | машински техничар | ССС | чувар | 26.7 |

* **Забелешка: Хаусмајстор ( парноложач ) е заминат во пензија.**

### 3.5. Податоци за ангажираните образовни медијатори

| Ред бр. | Име и презиме на образ. Медијатор | Година на раѓање | Звање | Степен на образов. | Години на стаж | Временски период за кој е ангажиран образовниот медијатор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наиме Мемет | 1989 | Дипл. Социјален работник | ВСС | / | |
| 2. | Александра Петровска | 1977 | Дипл.наставник по одделенска настава | ВСС | / | |
| 3. | Ангелина Р.Андреевска | 1984 | Дипл.социјален работник | ВСС | / | |

### 3.6. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

| Кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | Друго | |
| | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| Број на вработени | 59 | 14 | 45 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Број на наставен кадар | 45 | 8 | 37 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Број на стручни соработници | 4 | / | 4 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Административни работници | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Помошно – технички кадар | 9 | 4 | 5 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Директор | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

### 3.7. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

| **Образование** | **Број на вработени** |
|---|---|
| Последипломски студии – втор циклус | 5 |
| Високо образование | 44 |
| Виша стручна спрема | 2 |
| Средно образование | 6 |
| Основно образование | 2 |

### 3.8. Вкупни податоци за старосната структура на вработените

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | 0 |
| 31-40 | 15 |
| 41-50 | 24 |
| 51-60 | 20 |
| 61-пензија | 0 |

### 3.9. Податоци за учениците во основното училиште

| Одд. | Бр.на паралелки | Број на ученици | Етничка и полова структура | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | 3 | 71 | 34 | 32 | / | / | / | 1 | 1 | 2 | 1 | / |
| II | 3 | 76 | 37 | 31 | / | / | 1 | 1 | 2 | 3 | 1 | / |
| III | 3 | 79 | 34 | 35 | 1 | / | / | / | 3 | 4 | 2 | / |
| IV | 3 | 70 | 34 | 27 | / | 2 | / | / | 1 | 2 | 2 | 2 |
| V | 3 | 74 | 42 | 25 | 1 | 1 | 1 | / | 2 | 2 | / | / |
| I-V | 15 | 370 | 181 | 150 | 2 | 3 | 2 | 2 | 9 | 13 | 6 | 2 |
| VI | 3 | 83 | 40 | 34 | 1 | 1 | 1 | / | 3 | 2 | 1 | / |
| VII | 3 | 78 | 39 | 28 | 1 | 1 | / | / | 3 | 4 | 1 | 1 |
| VIII | 2 | 63 | 22 | 36 | 1 | 2 | / | / | 3 | / | / | / |
| IX | 4 | 94 | 46 | 43 | / | / | / | / | 3 | 1 | / | 1 |
| VI-IX | 12 | 319 | 147 | 141 | 3 | 4 | 1 | / | 12 | 7 | 2 | 2 |
| I-IX | 27 | 689 | 328 | 291 | 5 | 7 | 3 | 2 | 21 | 20 | 8 | 4 |

## 4. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

ООУ „Кузман Шапкарев" е тврда градба која има приземје и кат со добро осветлени и просторни училници кои наполно одговараат на својата намена. Располага со просторни и функционални услови за изведување на воспитно-образовната дејност. Во училиштето има 22 училници и фискултурна сала која е има потреба од реконструкција. Истата е проширена со две нови соблекувални и опремена со теретана. Училиштето е опремено со канцеларии за: директор, педагог, психолог, дефектолог, секретар, домаќин и наставници (6 канцеларии од кои 3 секлиматизирани), библиотека со над 9.000 книги, 12 функционални санитарни јазли, простор за кујна и трпезарија со 3 помошни простории и дополнителни 13 помошни простории. Во приземјето, во централниот дел, се наоѓа бината и салата за свечености која е опремена за намената. Училиштето поседува шест подрумски простории од кои 5 се користат како магацин (во една е сместен системот за парно греење). Во подрумските простории има 3 скривници. Наставата се изведува во училници и кабинети. Во оваа учебна година ќе се доопремат кабинетите (под, мебел) во зависност од материјалните можности на училиштето. Училиштето е вклучено на оптички интернет. Училиштето е целосно покриено со алармен систем и видеонадзор со што е зголемена неговата безбедност.

Учениците од прво до деветто одделение користат учебници одобрени од МОН.

Библиотеката е опремена со над 9 211 библиотечни единици, компјутер, печатар.

Во училиштето е обновена техниката, компјутери и ТВ во секоја училница печатачи, таблети, интерактивни табли во 5 училници, таблети, обновен е и кабинетот по хемија. Училиштето располага со фотокопир. Поставен е аларм и видео надзор со што е зголемена безбедноста на училиштето од штети и кражби. Одобрен е проектот за реконструкција на кровот и во тек е одобрување за реновирање на спортската сала од страна на МОН.

**Училиштето се финасира од:**

-Министерство за образование и наука ( капитални ивестиции);

-Блок-дотации од локалната самоуправа (блок-дотација: комунални услуги, материјали трошоци, тековно одржување, плати и надоместоци на вработените);

-Сопствени извори со издавање простории под наем.

- **Јаки страни:**

- ✓ Училиштето ги има обезбедено сите НПП на МОН и БРО по предмети, подрачја и активности.
- ✓ Кај директорот на училиштето сите наставници на стартот на учебната година имаат предадено Годишен глобален и тематски план како и Годишно планирање за дополнителна, додатна настава и воннаставни активности во печатена и електронска форма.
- ✓ Во училиштето има утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручните служби.
- ✓ Со наставните планови се предвидени различни методи на работа кои се во функција на поефикасно стекнување знаења и развој на способностите и вештините на учениците.
- ✓ Годишните и тематските планови, како и оперативните планови за час содржат јасни насоки што се очекува од учениците и начинот на оценување.
- ✓ Учениците вршат избор на наставни предмети според наставниот план и програма добиени од МОН со помош на изготвени анкетни листови и информирање на родителите.

Во плановите на наставниците за реализација на наставата јасно се наведени наставните содржини што се реализираат со примена на ИКТ во наставата.

- ✓ Наставниците користат разновидни форми и методи за постигнување на предвидените цели.
- ✓ Наставниците изработуваат нагледни средства коишто ги користат на часот.
- ✓ Во подготовките на наставниците за реализација на часот земени се предвид разликите помеѓу учениците во напредувањето, знаењето, искуството.

  За послабите ученици и учениците кои имаат потреба во училиштето редовно се одржува дополнителна настава.
- ✓ За учениците кои покажуваат посебен интерес и знаење по некој предмет редовно се организира додатна настава.
- ✓ Секој наставник со поддршка и помош од дефектологот индивидуално има изготвено ИОП за учениците со посебни потреби.

  Сите наставници редовно одржуваат воннаставни активности според годишните планирања кои се евидентираат во одделенските книги.
- ✓ Придобивките од воннаставните активности се освоените награди, медалји, пофалници, дипломи и афирмацијата на училиштето.
- ✓ Секој ученик има можност да одбере активност според желбата и интересот.
- ✓ Во наставата редовно се применуваат искуства од посетените семинари.
- ✓ Напредокот на учениците се следи преку формативно оценување, со тоа што од прво до шесто одделение се евидентира описно, а од четврто до деветто бројчано (преку усни одговори, контролни задачи и писмени работи).
- ✓ При користењето на овие форми на оценување се почитуваат индивидуалните разлики и способности на учениците.
- ✓ За напредокот и постигнатите резултати на учениците родителите се информираат од одделенискиот раководител и предметните наставници писмено, преку средби и по електронски пат (е-дневник).
- ✓ На крајот на секој класификационен период одделенските наставници и раководители изготвуваат евидентни листи за успехот и поведението на учениците.
- ✓ Задачите што се работат во училиштето или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите.
- ✓ Наставниците редовно ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните исходи од учењето
- ✓ Наставниците ги поттикнуваат учениците активно да учествуваат во наставата и нивниот придонес се цени
- ✓ Сите наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање
- ✓ Учениците училиштето го доживуваат како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење
- ✓ Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците, учениците се вклучени во процесот на оценување и на тој начин им е овозможено да ги подобрат своите постигнувања.
- ✓ Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците.
- ✓ Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност.
- ✓ Родителите навреме се известуваат за постигањата на учениците.
- ✓ Училиштето има свои критериуми за оценување на учениците и ги почитува стандардите, пропишани од БРО.

- ✓ Родителите, детално се запознаваат со постигањата на учениците и им се овозможува правото на приговор.
- ✓ Постигањата на учениците се поодобруват преку примена на современи форми и методи во наставата (ИКТ, проекти, презентации, истражувања и сл.).
- ✓ Учениците имаат можност да членуваат во бројни слободни активности.
- ✓ Е-дневникот овозможува информирање на родителите за успехот и редовноста на нивните деца во секое време.
- ✓ Талентираните и надарените ученици учествуваат на натпревари (општински, регионални републички и меѓународни олимпијади) каде што постигнуваат високи резултати.
- ✓ Училиштето соработува со родителите и им дава повратни информации за постигањата и дисциплината на нивните деца.
- ✓ Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето, со посебни потреби и надарените ученици ја вршат наставниците и стручната служба.
- ✓ Подобрување на постигањата на учениците се врши преку организирање и реализирање на дополнителна и додатна настава.
- ✓ Училиштето системски ја следи редовноста на учениците (според полот, етничката припадност и социјалното потекло), ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности со цел зголемување на редовноста.
- ✓ Училиштето соработува со родителите и локалната средина во врска оваа проблематика.
- ✓ Директорот, наставниците, стручните соработници имаат позитивни ставови за професионално стручно усовршување.
- ✓ Во училиштето се организира тимска работа.
- ✓ Тимот за професионален развој ги иницира стручните активи за стручно усовршување.
- ✓ Педагошки картон и професионално досие редовно се води за сите наставници.
- ✓ Раководниот тим во училиштето успешно учествува во разрешување на проблемите и разменува идеи за надминување на проблемите во училиштето.
- ✓ Воспоставени се добри односи со ученици, родители и вработени.
- ✓ Застапено чувство на праведност и успешно надминување на конфликтите.
- ✓ Директорот е посветен на работата.
- ✓ Се почитуваат националните, етничките и верските разлики.
- ✓ Родителот е редовно информиран за однесувањето на своето дете.
- ✓ Раководниот тим позитивно влијае на помош при учење кај децата.
- ✓ Советот на родители извршува редовни состаноци, информациите се достапни до родителите.
- ✓ Се почитуваат јасно поставените правила за однесување.
- ✓ Директорот дава целосна поддршка за стручно усовршување.
- ✓ Училиштето има успешна долгорочна уписна политика.
- ✓ Просторните услови во училиштето се на задоволително ниво.
- ✓ Информираноста за сите поважни информации во училиштето е навремена и редовна.
- ✓ Постои добра комуникација помеѓу директорот и вработените.
- ✓ Постои континуирана соработка со релевантните институции (МОН, БРО, ДПИ и ДИЦ).
- ✓ Вработените редовно се информираат за преземените активности од страна на директорот и учествуваат во процесот на донесување одлуки
- ✓ Вработените имаат можност за вклучување во активностите за одредување и реализација на училишните приоритет
- ✓ Стручните соработници даваат целосна поддршка на наставниот кадар при изработка на годишно, тематско, процесно планирање и оперативен план на часот
- ✓ Се врши посета на наставни часови кај секој наставник.
- ✓ Се врши редовна дисеминација на обука за сите воведени новини и измени.

- ✓ Наставникот добива поддршка при реализација на редовна, дополнителната и додатна настава, отворени часови и воннаставни активности.
- ✓ Редовно се одржуваат планираните состаноци на НС на кои се даваат конструктивни предлози за подобрување на севкупното работење на училиштето.
- ✓ Се даваат предлози за подобрување и дополнување на наставните планови и програми, воведување на нови струки, профили и сл.
- ✓ Состаноците на Совет на паралелки-одделенски совети се одржуваат согласно предвидената динамика во Годишната програма за работа на училиштето и од страна на наставниците се даваат конструктивни предлози за подобрување на наставниот процес, подобрување на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците.
- ✓ Анализите се вршат редовно и тоа поединечно, на ниво на паралелка и на ниво на училиште.
- ✓ Се преземаат активности со кои се подобрува квалитетот на наставата и стандардите, критериумите за оценување.
- ✓ Наставниците имаат затворена група на ФБ каде споделуваат мислења и искуства од нивното работење.
- ✓ Со цел подобрување на квалитетот и ефективноста на работењето на училиштето формирани се и работат: тим за Меѓуетничка интеграција во образованието и инклузивен тим за децата со ПОП, тимови за колаборативно планирање и сл.
- ✓ Постои одлична соработка меѓу наставниците и учениците преку која може да се согледа состојбата, условите и климата за работа, резултатите, успесите и предизвиците со кои се соочува секое училиште.
- ✓ Учениците редовно се информираат за своите права и обврски и сите активности кои се реализираат или се планираат во училиштето.
- ✓ Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, заемна почит и поддршка. За време на часовите се преземаат активности за обезбедување на пријатна атмосфера за работа.
- ✓ За напредокот и постигањата се дава редовна усна и писмена повратна информација, а постои и можност за помош и поддршка на учениците со ПОП, емоционални, социјални и здравствени потешкотии.
- ✓ На транспарентен и демократски начин се врши изборот на претставниците во ученичката заедница.
- ✓ Постои меѓусебната соработка за помош и поддршка при совладување на одредени наставни содржини.
- ✓ Се преземаат иницијативи за организирање на активности за помош и поддршка на ученици од социјално ранлива категорија и друг вид на проблеми.
- ✓ За почитување на различностите се организираат трибини и други активности. Наставниците редовно ги поттикнуваат и мотивираат учениците да се вклучат во воннаставни активности и разновидни натпревари.
- ✓ Учениците се задоволни од понудените изборни предмети.
- ✓ Помеѓу момчињата и девојчињата постои пријателски однос и сите заеднички придонесуваат за одржување на хигиената во училиштето, како и за зачувување на животната средина чиста и еколошка.
- ✓ Учениците доволно се информирани за работата што стручните соработници ја извршуваат во училиштето и затоа имаат слобода да побараат помош и поддршка доколку се соочат со било каков проблем или потешкотии во и надвор од училиштето.
- ✓ Се даваат редовни имформации и се спроведуваат активности при професионалната ориентација и одредување на идното занимање. За подобрување на успехот, редовноста и дисциплината се организираат советувања за учениците.

- ✓ Родителите се задоволни од содржините кои ги изучуваат содржините и истите одговараат на нивната возраст.
- ✓ Постои позитивна клима за работа во училиштето.
- ✓ Соработката меѓу наставниците и учениците се базира на заемна доверба и почитување.
- ✓ Наставата редовно се посетува сите ученици имаат примерно поведение.
- ✓ Учениците добиваат континуирана мотивација за подобри постигнувања и резултати.
- ✓ Постигнувања на натпревари се значајни.
- ✓ Постои добра училишна клима меѓу вработените, учениците и родителите.
- ✓ Постои тимска работа во училиштето.
- ✓ Се следи работата на наставниците, нивната едукација, усовршувањето, перманентниот развој и наградувањето.
- ✓ Помеѓу учениците и наставниците постои взаемна подршка и клима на отвореност за соработка.
- ✓ Училиштето успешно ги надминува проблемите поврзани со дисциплината и поведението на учениците.
- ✓ Почитување на разликите на учениците и давање на сите ученици еднаква можност да учат, да се развиваат и да го надградуваат своето знаење.
- ✓ Сите ученици имаат еднаква можност да учат, да се изразуваат, активно да учествуваат на конкурси, натпревари
- ✓ Сите ученици континуирано и објективно се оценуваат.
- ✓ Сите имаат еднаква можност да ја користат образовната и информатичка технологија со која располага училиштето
- ✓ Организирање на приредби, изложби, и сл.
- ✓ Обезбедување на дипломи на одличните ученици и за учениците со континуиран одличен успех.
- ✓ Се почитуваат на детските права.
- ✓ Се врши советување на родителите од страна на психологот.
- ✓ Постои отвореност на училиштето за соработка со родителите.
- ✓ Соработка со други институции, ЛС, БРО, МОН и ДИЦ
- ✓ Постои високо ниво на почитување од страна на наставниот кадар и педагошко-психолошката служба кон сите родители и надворешни соработници во, од и со училиштето.
- ✓ Отвореност на училиштето за соработка со родителите, локалната заедница, невладиниот сектор и медиумите.
- ✓ Училиштето има изготвен Кодекс на однесување на наставниците, учениците и родителите.
- ✓ Училиштето во континуитет организира хуманитарни акции во соработка со родителите и со локалната средина со цел да се помогне на учениците од социјално ранливите семејства и друг вид хуманитарни акции.
- ✓ Училиштето зема учество во настани поврзани со локалната заедница-општината, учествува во меѓународни проекти, и ги поттикнува сите ученици подеднакво да земат учество во хуманитарни акции, здравствени, организирани посети, натпревари, манифестации.
- ✓ Училиштето зема учество во спортски игри и натпревари во и вон училиштето.
- ✓ Училиштето врши редовно информирање сите активности преку социјалните мрежи.
- ✓ Постои заинтересираност за стручно пишување и објавување стручни трудови.
- ✓ Постои транспарентност околу спроведувањето на училишната политика во училиштето.
- ✓ Училиштето  има Правилник за наградување наставници.
- ✓ Постои механизам за доделување признанија на наставници.
- ✓ Училиштето овозможува информираност за работата на раководниот тим.

- ✓ Родителите се вклучени во различни активности.
- ✓ Училиштето овозможува подобри услови за примена на ИКТ во реализацијата на наставните содржини;
- ✓ Набавени се нови современи нагледни средства неопходни за осовременување на наставата и наставниот процес;
- ✓ мотивирање на заинтересираноста за стручно пишување и објавување стручни трудови на вработениот наставен и стручен кадар;
- ✓ Се врши редовна и навремена набавка на потрошен материјал за непречено одвивање на наставата и наставниот процес (тонери, хартија, креди во боја...);
- ✓ Набавени се повеќе лектирни изданија за во училишната библиотека;
- ✓ Обновен е мебелот во библиотеката;
- ✓ Зголемен е бројот на нагледни средства за потребите на учениците од прво до петто одделение;
- ✓ Опремен е кабинетот по хемија со мебел и нагледни средства за реализација на наставните содржини по хемија и природни науки;
- ✓ Училиштето има стабилен интернет за потребите на реализација на наставните содржини;
- ✓ Постои Протокол за идентификување талентирани и надарени ученици во редовната настава;
- ✓ Уредена е сензорна соба за потребите на учениците со посебни потреби (аутизам и АДХД).

**Слаби страни**

- Училиштето нема покренато иницијатива за измена и дополнување на наставните планови и програми до МОН и БРО.
- Стручните активи не разменуваат доволно искуства и идеи за планирање преку примена на ИКТ, ЕКО и МИО содржини
- Не се интегрираат редовно содржини со примена на ИКТ (претходно овозможување подобри услови).
- Размена на искуства и советувања од надворешни соработници (советници) не е доволна.
- Учениците секогаш не го искажуваат своето мислење при решавањето на одредени училишни проблеми на состаноците на Ученичката заедница и истото не секогаш се зема предвид.
- Родителите недоволно се вклучуваат самоиницијативно во вонаставните активности.
- Учениците недоволно учествуваат во изготвување на програмите за истите активности.
- Училишната библиотека не располага со доволен број на лектирни изданија и литература што им е потребна на наставниците и учениците.
- Недоволна соработка од страна на родителите на учениците со послаб успех
- Потешкотиите на кои наидуваат во редовната настава, наставниците кои во паралелката имаат ученици со посебни потреби и пречки во развојот
- Потреба од едукација на наставници за работа со надарени и талентирани ученици
- Недоволно воспоставени контакти со други училишта и образовни институции во државата.

## 5. МИСИЈА И ВИЗИЈА

### Мисија

| Будење интерес за користење на списанијата | Низ страниците на Другарче | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри:Дама |
| Оспособување за работа со компјутер | Програма: Tool Kids | Оспособување за работа со компјутер | Игра: Погоди кој сум |
| Создавање работни и културно-хигиенски навики | Работни активности во училницата (полевање цвеќиња, уредување катчиња ...) | Развивање на еколошката свест | Работни активности во дворот(засадување цвеќи...) |
| создавање радосно расположение кај децата | Пантомима | Поттикнување на соработка и комуникација | Игри со играчките |
| Развивање умеење за превиткување од хартија | Оригами | Јакнење на детското здравје | Игри на чист воздух |
| Создавање љубов кон музиката | Пеење песни | Почитување на правила на игра | Игра: Мечката и пчелите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **април** | | | |
| Раздвижување и правилен развој на телото | Утринска гимнастика | Поттикнување на интеракција и соработка меѓу децата | Игри по слободен избор |
| Зацврстување на знаењата за елементи на улица | На раскрсница | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри: Петкамења |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Развивање на говорните способности | Јазична игра: Продолжи понатаму | Развивање на основните движења и мускулатурата | Игри со топка |
| Зацврстување на знаењата за семафорот | Семафор | Развивање на основните движења | Игра:Воз |
| Развивање на творечки способности и логичко мислење | Создаваме со логички плочки(сообраќајни средства) | Запознавање со непосредната околина | Прошетки во дворот и блиската околина |
| Развивање на говорните способности | Гатанки | Развивање на основните движења и мускулатурата | Игра: Да бие, да бие |
| Оспособување за работа со компјутер | На компјутери со Tool Kids | Поттикнување кон самостојно изразување и користење на материјалите за ликовно изразување | Цртање и сликање по слободен избор |
| Развивање интерес и емоционално восприемање на музиката | Слушање музика | Формирање на естетски критериуми за уредување на училницата | Работни активности во училницата |
| Ликовно творење и изразување | Го шарам Велигденското јајце | Запознавање со традиционалнит е игри од различни региони | Бабини игри: Џамија |

| мај | | | |
|---|---|---|---|
| Раздвижување и правилен развој на телото | Утринска гимнастика | Поттикнување на интеракција и соработка меѓу децата | Игри по слободен избор |
| Развивање на медиумска култура | Гледање ТВ- емисии | Запознавање со непосредната околина | Прошетки во дворот и блиската околина |
| Проширување и продлабочување на поимите за предметите и појавите во природната и општ. средина | Дидактички математички игри | Поттикнување на интеракција и соработка меѓу децата | Мојата омилена игра |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ликовно творење и изразување | Цртање и сликање на тема: Пролет | Развивање на основните движења и мускулатурата | Игри со јаже |
| Развивање интерес и емоционално восприемање на музиката | Слушање музика од детски фестивали | Зајакнивање на здравјето | Пролетна прошетка |
| Оспособување за работа со компјутер | На компјутери со Tool Kids | Развивање на основните движења и мускулатурата | Игри со топка |

| јуни | | | |
|---|---|---|---|
| Раздвижување и правилен развој на телото | Утринска гимнастика | Развивање на другарски односи | Игри во училишниот двор |
| Збогатување на детските интереси, развивање иницијатива и самостојност | Во моето омилено катче | Поттикнување на интеракција и соработка меѓу децата | Игри по слободен избор |
| Развивање на поврзан говор | Мојот летен одмор | Запознавање со традиционалнит е игри од различни региони | Бабини игри: Плочка |

**8.6. Во училиштето нема комбинирани паралелки.**

**8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште**

Во училиштето се изучуваат два странски јазици, англиски јазик и германски јазик- втор странски јазик.

Англиски јазик во 27 паралелки, вкупно 689 ученици.

Германски јазик во 12 паралелки, вкупно 319 ученици.

**8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение**

Во училиштето има тандем наставници кои ја реализираат наставата по физичко и здравствено образование во I , II, III и IV одделение.

**8.9. Изборна настава**

Согласно спроведената анкета, оваа учебна година родителите и учениците се изјаснија да се изучуваат следните изборни предмети:

| Р.бр | Наставник | Предмет | |
|---|---|---|---|
| | VI одделение | | |
| 1. | Катерина Ј. Миниќ | Запознавање со религиите | |
| 2. | Катерина Ј. Миниќ | Класична култура на европска цивилизација | |

| VII-одделение | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Зорица Ацеска Ѓорѓиева | Проекти од музичка уметност | |
| 2. | Љупчо Велковски | Нашата татковина | |
| 3. | Владимир Ангелески | Нашата татковина | |
| VIII-одделение | | | |
| 1. | Владимир Ангелески | Истражување на родниот крај | |
| 2. | Проф. по информатика | Проекти од информатика | |
| IX-одделение | | | |
| 1. | Зорица Ацеска Ѓорѓиева | Проекти од музичка уметност | |
| 2. | Проф. по информатика | Програмирање | |

**8.10. Дополнителна настава**

Овој вид настава се реализира согласно планирањата и изготвениот распоред, со сите ученици коишто имаат потешкотии при совладување на определени наставни содржини од страна на одделенските и предметните наставници. Планирањата на содржините и активностите за дополнителната настава ќе бидат приложени во Годишните глобални планирања на наставниците. Согласно законската регулатива распоредот за дополнителна настава секој месец се подготвува и се објавува на видно место во училиштето.

Во текот на целата наставна година ќе бидат изведувани дополнителни активности преку разни форми на групна и индивидуална работа.

Дополнителната настава има за цел, преку организираното ангажирање на учениците, да им помогне полесно да ги совладаат потешкотиите на коишто наидуваат во совладувањето на наставните содржини.

**8.11. Додатна настава**

Оваа настава се организира во зависност од потребите и желбите кои се појавуваат кај определен број на ученици. Наставата ќе поттикне стекнување на повисок степен на знаења, умеења и вештини од одреден наставен предмет, група на предмети или области. Во зависност од бројот на учениците ќе биде определена и формата, односно начинот на изведување на додатната настава.

Предметните и одделенските наставниците на месечна основа ќе изготвуваат распоред за дополнителна и додатна настава по секој предмет и ќе се објавува месечно на огласна табла во училиштето.

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Надарените и талентираните ученици се ученици коишто имаат развиено една или повеќе способности на ниво кое ги надминува способностите на нивните врсници. Надареноста најчесто се однесува на високи постигнувања во областа на природните науки, математика и јазиците, додека пак талентираноста се однесува на високи постигнувања во областа на уметноста, музиката, ликовното изразување, дизајн и спорт. Во согласност со процедурата за идентификување надарени и талентирани ученици наставниците изготвуваат програми во согласност со потребите на учениците, во рамките на образовните подрачја на секој наставник.

Постапка за идентификување на ученици кои манифестираат потенцијална надареност

- Одделенскиот или предметниот наставник ги евидентираат учениците кои манифестираат потенцијална надареност во одредена област (природни науки, математика, општествени науки, јазици, техника, спорт, ликовна уметност, информатика,
- лидерство...), изготвуваат листа со ученици и ја доставуваат до училишниот психолог/педагог (до почетокот на месец октомври)
- Наставникот и стручните соработници договараат постапки за понатамошните активности;
- Идентификување на карактеристиките за учење;
- Идентификување на творечките карактеристики на учениците;
- Идентификување на мотивационите и социјалните карактеристики на учениците;
- Утврдување на општите и специфичните способности;
- Идентификуваните ученици се вклучуваат во додатна настава, како и во планирани проекти, истражувачки активности и натпревари;
- Вклучување во работилници и проекти во рамките на планираните програмски задачи на наставниците и стручните соработници;

## 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Сите деца се различни и имаат подеднакво право на основно образование и воспитание, без оглед на нивните можности, способности или на нивното потекло. Воспитанието и образованието на децата со посебни образовни потреби претставува интегрален дел на единствениот образовен систем. Актуелната концепциска поставеност на воспитанието и образованието на децата со посебни образовни потреби е регулирана и интегрирана во Законот за основно образование. Децата со попреченост ги имаат истите права на образование како и другите, согласно своите можности, амбиции и интереси. Во училиштето се формира училиштен инклузивен тим и инклузивен тим за ученик. Училишниот инклузивен тим со својата работа на ниво на цело училиште ќе се залага да обезбеди подеднакво образование и воспитание на учениците со ПОП, ќе се залага да се надминат предрасудите и се повеќе да се почитуваат различностите.

Членови на училишен инклузивен тим:
Директор, дефектолог, стручни соработници, одделенски наставник, предметен наставник, родители.

Инклузивниот тим за ученик се фокусира на работата со конкретен ученик за кој се изготвува, реализира и оценува според индивидуален образовен план, модифицирана програма или прилагодувања во наставата.

Членови на инклузивен тим на ученик:

Наставници кои му предаваат на ученикот, стручни соработници, родители.

За учениците со посебни образовни потреби во соработка со наставниците, родителите и инклузивниот тим се изготвува прилагодување во наставата, индивидуален образовен план, односно се изготвуваат програми во зависност од потребите на учениците со кои се работи и се оценува по истите.

За учениците кои имаат потешкотии при совладувањето на наставните содржини, се работи со диференциран пристап и се планираат активности во рамките на дневните планирања и програмите за дополнителната настава

### 8.14. Туторска поддршка на учениците

По носењето на Програмата за обезбедување туторство на ученици од страната на Министерот училиштето согласно чл.36 од Закон за основно образование ќе се имплементира туторство на ученици.

## 9. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

### 9.1. Училишни спортски клубови

Училишниот спортски клуб „Кузман Шапкарев“-Драчево е формиран во 2016 година. Одговорни наставници по физичко и здравствено образование: Благоја Кечовски

Општа цел е остварување на заеднички јавен интерес за организирано занимавање со спорт и спортски активности на учениците од училиштето.

Посебни цели на УСК се:

- Поттикнување и равој на спортот и спортско рекреативните активности во училиштето;
- Развивање и усовршување на системот на натпревари на училишните екипи;
- Водење грижа за одржување при користење на објектите за спорт;
- Грижа за здравствената заштита на спортските членови на клубот;
- Го стимулира развојот на секциите и спортските школи во рамките на клубот;
- Стручно усовршување на наставницте и тренери на спортските секции;
- Покренува иницијативи за уредување на одделни прашања од делокругот на својата работа преку правила, прописи, договори и сл.;
- Соработува со други училишта, клубови и спортски организации.

Училишниот спортски клуб „Кузман Шапкарев“ – Драчево е член на Федерацијата на училишен спорт на Република Северна Македонија и е вклучен во системот на натпревари коишто ги организира федерацијата.

Училишниот спортски клуб опфаќа пет спорта: фудбал, кошарка, одбојка,ракомет и тенис, членуваат стотина ученици. Финасирањето е на база на доброволен прилог од страна на родителите. Овие воннаставни активности се реализираат по завршувањето на часовите.

**9.2. Секции**

Со цел да се поттикнува и негува љубопитноста, самостојноста и креативноста кај учениците, да се негува доследноста и истрајноста во извршувањето на задачите, да се развиваат мотивите и условите за афирмирање на личноста на ученикот, како и да се создаваат навики за правилно користење на слободното време во училиштето се организираат слободни ученички активности во одделенска и предметна настава. Слободните ученички активности ќе се организираат преку формирање тимови во кои учениците се вклучуваат според своите слободни определби и афинитети. На почетокот на учебната година од страна на педагогот во училиштето се спроведува Анкета за заинтересираноста на учениците за влучување во слободните ученички активности. На учениците ќе им се даде можност да учествуваат и во планирањето на програмските активности за воннаставните активности. Работата на тимовите ќе се одвива според однапред подготвени програми под раководство на предметен или одделенски наставник.

Секции во предметна настава

| Подрачје | Секција | Одговорен наставник | Бр на час. |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик | Литературна секција<br>Драмска секција<br><br>Новинарска секција | Анета Јумбрукова-Алексова<br>Дијана Игњевска-Стојаноска<br>Петар Ивановски | <br>36<br>36<br>36 |
| Англиски јазик | Англиска секција | Лена С. Поповска<br>Светлана Лозаноска<br>Бојана Николовска<br>Биљана Видинска | 4 x 36 |
| Германски јазик | Млади германисти | Мара Мишевска | 36 |
| Географија | Млади географи | Љупчо Велковски<br>Владимир Анѓелески | 2 x 36 |
| Техничко образование | Сообраќајна секција | Реџеп Станковиќ | 36 |
| Историја | Историска секција | Сашо Андонов | 36 |
| Ликовно | Ликовна секција | Петар Беслаќ | 36 |
| Математика | Математичка секција | Јулија Бекриќ | 36 |
| Хемија | Млади хемичари | Виолета Ц.Трпковска | 36 |
| Биологија | Биолошка - хортикултурна | Марјонка Димитровска | 36 |
| Физика | Млади физичари | Дарко Цветаноски | 36 |

### 9.3. Акции

Акции се краткотрајни вонннаставни активности кои се реализираат во текот на еден ден, но можат да траат и неколку дена. Најчесто имаат општествен, хуманитарен карактер или друг

карактер како различни еколошки акции, продажни базари и друг вид општествено-корисна работа.

| Назив на акцијата | Учесници | Одговорен наставник | Активности | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| Хуманитарна акција | Ученици од 1-9 одд | Одд. и класни раководители | Донирање на храна;<br>Поделба на донираната храна | октомври 2022 |
| Собирна акција на стара хартија | Ученици од 1-9 одд | Одделенски и предметни наставници | Собирање на стара хартија | ноември 2022 |
| Собирна акција на пластика | Ученици од 1-9 одд | Одделенски и предметни наставници | Собирање на пластични шишиња и др. пластика | Континуирано 2022/2023 |
| Новогодишен базар | Ученици од 1 до 9 одд | Одд. и класни раководители | Изработка и продажба на новогодишни украси | декември 2022 |
| Хуманитарна акција | Ученици од 1-9 одд | Одд. и класни раководители | Донирање доброволни прилози за лекување на болни деца | Во текот на учебната година |
| Еколошка акција | Ученици од 1-9 одд | Еко-одбор | Чистење и уредување на дворот во училиштето | март-април 2023 |

## 10. УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. Ученичкото организирање овозможува активно учество на учениците во застапувањето и промовирањето на нивните права и интереси, преку демократско учество во донесување на одлуки во училиштето кои се од непосреден интерес за учениците. Учениците учествуваат во донесувањето одлуки во училиштето за работи кои ги засегаат, но со поставување неминовни ограничувања кои произлегуваат од нивната возраст.

Ученичкото организирање се остварува преку формирање на ученички тела на ниво на паралелка и на ниво на училиште. Преку ученичките тела се обезбедува демократска партиципација на учениците во донесувањето на одлуки во сверите што се од интерес за учениците.

**ЗАЕДНИЦА НА ПАРАЛЕЛКАТА**

Заедница на паралелката ја сочинуваат учениците од одделна паралелка, со демократски избран претседател, по пат на тајно гласање, од листа на кандидати предложени исклучиво од страна на учениците во паралелката. Претседателот на заедницата на паралелка се избира на почетокот на учебната година, во втората седмица од месец септември според критериуми за избор.

**УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ**

За организирано остварување на интересите на учениците во училиштето, учениците се организираат во заедница на паралелката и ученички парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките од I до IX одделение избрани со пат на таен и транспарентен избор. Членовите на Ученичкиот парламенет со мнозинство гласови го бираат претседателот на УП. Претседателот на УП е член на тимот за училишна интеграција во насока за подобрување мултикултурализмот, интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција во училиштето.Училишниот парламент номинира т.е избира двајца ученици (едно машко и едно женско ) за учество во училишниот одбор. Претставниците имаат право да земат збор и да го изразат своето мислење и став, но без право на глас.

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКИОТ ПАРЛАМЕНТ:**

- кај учениците да се поттикнува и развива смислата за иницијатива, демократичност, правичност, одговорност, согледување, поставување и решавање на заедничките проблеми во својата средина;
- да се вклучува во активности за подршка на учениците со ПОП;
- да придонесува за развивање и негување на другарски однос меѓу учениците и спречување на конфликтни ситуации;
- да се поттикнуваат учениците да го чуваат угледот на училиштето, да го одржуваат редот и дисциплината во него, почитување на куќниот ред на училиштето;
- да се развива свест за постојана соработка со наставниот кадар и други вработени во училиштето;
- да придонесува во организирањето и спроведувањето на културно-забавни и рекреативно-спортски активности;
- да организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности и

општествено корисна работа;
- да соработува со институции и други организации што работат со младите;
- да промовира отчетност и транспарентност пред сите ученици преку јавно информирање на своите активности.

## УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Тоа е ученичка функција и должност, која претставува модел на ученичко учество доста значаен за заштита на детските права во училиштето. Функцијата и улогата на ученичкиот правобранител е промовирање на детските права и поддршка за заштита на детските права. Ученичкиот правобранител го избираат членови на училишниот парламент од седмо до деветто одделение, со траење на мандат од две години. По завршувањето на манадатот училиштето му доделува сертификат на ученичкиот правобранител за одредениот временски период. Ученичкиот правобранител учествува и во работата на ученичкиот парламент на кој се разговара за проблеми поврзани со можни повреди на правата на учениците.

# 11. ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

### 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Ученичките екскурзии се облик на воспитно-образовната работа преку кои учениците се запознаваат со појавите, во нивната природна средина и во нивните животни услови. Преку екскурзиите се формира позитивен однос кон природата и човековата околина, а се зацврстува и здравјето на учениците и се придонесува за нивен правилен физички развој. Преку запознавањето со природните убавини на татковината и нејзините културно-историски знаменитости, кај учениците се зајакнуваат патриотските чувства.

Од овие причини ООУ „Кузман Шапкарев“ Кисела Вода, Скопје и оваа учебна година планира повеќедневни екскурзии, доколку за тоа се согласуваат родителите.

Со учениците од I-Ходд. ќе се организира **еднодневен есенски и пролетен излет** од рекреативен карактер.

Екскурзии кои се организираат со учениците:

1. за учениците од III одд. – еднодневна екскурзија
2. за учениците од V одд. – настава во природа
3. за учениците од  VI одд. – дводневна екскурзија од научно-наставен карактер;
4. за учениците од  IX  одд. тридневна екскурзија со две ноќевања.

**ПРОГРАМА ЗА ЕСЕНСКИ ИЗЛЕТ**
**ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД I ДО IX ОДДЕЛЕНИЕ**

**учебна 2022/23 г.**

❖ ***Воспитно-образовни целина излетотh***

- За познавање и откривање на природните убавини на најблиската околина
- Развивање интерес за рекреација во природа,
- Развивање на културни, хигиенски навики и еколошка свест,
- Социјализација на личноста и развивање на другарството.

❖ ***Задачи***

- Развивање интерес за природните убавини на околината,
- Да се развие социјализацијата, осамостојување и грижа за здравјето;
- Поттикнување интерес за рекреација и пешачење во природата.

❖ ***Содржини и активности***

- Панорамско (попатно) разгледување на градот и Скопската котлина
- Активности: дружење и рекреација во природа на излетничкото место, фографирање, извештај за текот на излетот од поголемите ученици .

***4. Раководител, наставници, ученици***

* Раководители на излетот - **Валентина Гичевска и Јулија Бекриќ**
* Одделенски раководители на учениците од I до IX одд.
- Ученици од **I** до **IX одд** . Излетот ќе се реализира доколку 70% од родителите на учениците дадат согласност за излетот.
За учениците кои нема да присуствуваат на излетот, во училиштето ќе се организира настава .

***5.Времетраење***

- Излетот ќе е во времетрење од еден ден, во првата седмица на месец октомври 2022 год.
- Место на поаѓање/враќање: пред **ООУ „ Кузман Шапкарев“ н. Драчево**
- Време на поаѓање: 8:30 ч.
- Време на враќање: во попладневните часови

Напомена: Учениците треба да се присутни половина час пред поаѓање.

***6. Локации за посета и правци на патувањето***

**ПЛАН ЗА ПРАВЕЦ НА ПАТУВАЊЕ И ПОСЕТА НА ЛОКАЦИИ:**

| | |
|---|---|
| **ДЕН 1** | • Поаѓање пред училиштето во 8:30 ч.<br>• Пристигнување и рекреација во Дељадровце<br>• Пристигнување пред училиште во попладневните часови |

***7. Техничка организација***

Програмата ја подготви стручен тим за подготовка на Програма за излет; директор на училиштето; психолог, раководители на излетот; одделенски раководители, согласно со Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта издадено од МОН.

Истата ќе биде доставена и ќе се реализира по добиената согласност од Бирото за развој на образованието, Советот на родители на училиштето и Советот на Општината Кисела Вода.

***8. Начин на финасирање***

Еднодневниот излет го финансираат родителите на учениците согласно условите содржани во Договорот склучен со избраната агенција за реализација на излетот и Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

Стручен тим за ученички екскурзии:
Наставници: Дијана Ѓоргиеска, Валентина Гичевска Јулија Бекриќ
Директор:
Жаклина Божиноска

**ООУ „ Кузман Шапкарев“ н. Драчево**

**ПРОГРАМА ЗА ПРОЛЕТЕН ИЗЛЕТ**
**ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД I ДО IX ОДДЕЛЕНИЕ**
**2022/23 г.**

***1.Воспитно-образовни цели на излетот***

- Запознавање и откривање на природните убавини на најблиската околина;
- Развивање интерес за рекреација во природа;
- Развивање културни, хигиенски навики и еколошка свест;
- Социјализација на личноста и развивање на другарството.

***2. Задачи***

- Развивање интерес за природните убавините на околината;
- Развивање на социјализацијата, осамостојувањето и грижата за здравјето;
- Поттикнување интерес за рекреација и пешачење во природата.

***3.Содржини и активности***

- Панорамско (попатно) разгледување на градот и Скопската котлина
- Активности: дружење и рекреација во природа на излетничкото место, фографирање, извештај за текот на излетот.

***4.Раководител, наставници, ученици***

- Раководители на излетот - Дијана Ѓоргиеска, Валентина Гичевска Јулија Бекриќ
- Одделенски раководители на учениците од I до IX одд.
- Ученици од **I** до **IX одд** .

Излетот ќе се реализира доколку 70% од родителите на учениците дадат согласност за излетот. За учениците кои нема да присуствуваат на излетот, во училиштето ќе се организира настава .

***5.Времетраење***

- Ексурзијата ќе е во времетрење од еден ден, во месец април – мај 2023 г.
- Место на поаѓање/враќање: пред **ООУ „ Кузман Шапкарев“ н. Драчево**
- Време на поаѓање: 8:30 ч.
- Време на враќање: во попладневните часови

Напомена: Учениците треба да се присутни на местото половина час пред поаѓањето.

***6. Локации за посета и правци на патувањето***

**ПЛАН ЗА ПРАВЕЦ НА ПАТУВАЊЕ И ПОСЕТА НА ЛОКАЦИИ:**

| | |
|---|---|
| **ДЕН 1** | - Поаѓање пред училиштето во 8:30 ч.<br>- Пристигнување и рекреација на Пеленица<br>- Пристигнување пред училиште во попладневните часови |

***7.Техничка организација***

Програмата ја подготви стручен тим за подготовка на Програма за излет; директор на училиштето; психолог, раководители на излетот; одделенски раководители согласно со Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии  и другите слободни активности на учениците од основните училишта издадено од МОН.

Истата ќе биде доставена и ќе се реализира по добиена согласност од Бирото за развој на образованието, Советот на родители на училиштето и Советот на општината Кисела Вода.

***8.Начин на финасирање***

Еднодневниот излет го финасираат родителите на учениците согласно со условите содржани во Договорот склучен со избраната агенција за реализација на излетот и Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

Стручен тим за ученички екскурзии

**Наставници: Дијана Ѓоргиеска, Валентина Гичевска  и Јулија Бекриќ**

**ПРОГРАМА ЗА ЕДНОДНЕВНА НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА III ОДДЕЛЕНИЕ ВО МАВРОВО**

**ПЛАНИРАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИЈА**

Основното училиште „Кузман Шапкарев" од н. Драчево Скопје со учениците од III одделение во учебната 2022/2023 год. планира да изведе еднодневна екскурзија во Маврово во месец мај 2023 година.

**ЦЕЛИ:**

- Да се запознаат со природното, културното и историското наследство;
- Да се развиваат патриотски чувства и чувства на припадност кон својата земја;
- Да се поттикнува развојот на самостојноста кај учениците;
- Да се почитува традицијата и културното наследство на својата заедница и другите
- заедници во родниот крај;
- Да се развива љубопитноста (да поставуваат прашања и да одговараат);
- Стекнатите знаења во училница да се применат во конкретни ситуации на терен
- ( трансфер на знаења);
- Да се разберат настаните и појавите (животот покрај река, во ридски предели );
- Да се развиваат способностите на учениците ( мисловни способности, разни мануелни способности);
- Поттикнување на позитивни чувства (успешност, самосвест, позитивен однос кон стекнување на знаења, трајност на стекнатите знаења);
- Едукација, другарување, рекреација, прошетки.

**Воспитни цели**

- почитување на културните традиции;
- почитување на знаењата и искуствата на возрасните;
- воспоставување, развивање и негување на пријателство;
- почитување на природата и нејзиното наследство.

**ЗАДАЧИ:**

- да се изучат и истражат објектите и појавите во природата како и односите во општествениот живот;
- да се развива интерес за природата и градење на еколошки навики;
- да се изгради чувство на патриотизам, толеранција и соживот;
- да се развива позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности;
- да се поттикнат и манифестираат позитивни емоции;
- да се развива социјализацијата, колективната заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- да се развива интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ**:

Поаѓање во утринските часови, посета на Шарената џамија во градот Тетово, посета на Вруток, изворот на реката Вардар, пристигање во Маврово, разгледување на црквата Св.Никола и запознавање со нејзината историја, одмор, игра и рекреација на учениците,фотографирање и враќање во попладневните часови

**Времетраење: еднодневна - поаѓање рано наутро, престој во текот на денот во Маврово и враќање во попладневните часови**

**Време на реализација:** април- мај 2023 г.
**Локации за посета на патувањето:** Тетово (Шарената џамија), попатно панорамско разгледување - Полог, врвовите на Шара, падинитена Бистра, посета на изворот на реката Вардар- Вруток, Маврово

***ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА***

Високо квалитетен климатизиран , безбеден туристички автобус со агенциски водич;

Придружба на медицинско лице;

**ПЛАН НА СОДРЖИНИТЕ**

- Утврдување, проширување, систематизирање и практично применување на сознанијата за убавините на нашата татковина
- Спомениците сведочат за историјата и за минатото
- Убавините на родниот крај
- Културните традиции на мојата татковина
- Видови сообраќај

**УЧЕСНИЦИ ВО ЕКСКУРЗИЈАТА**

Наставниците и учениците од активот на III одделение

- Марија Дамческа Бајковски
- Душица Трајковска
- Валентина Гичевска
- Магдалена Радевска

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈАТА :** Еднодневна екскурзија **ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПАТУВАЊЕТО**

**Место на поаѓање:** пред училиштето **Време на поаѓање**: 8:00 часот
(Учениците да бидат на местото поаѓање во 7:30 часот)

**Маршута на патувањето**

Поаѓање во утринските часови, посета на Шарената џамија во градот Тетово, посета на Вруток, изворот на реката Вардар, попатно панорамско разгледување, пристигнување во Маврово, разгледување на црквата Св. Никола и запознавање со нејзината историја, одмор, игра и рекреација на учениците, фотографирање. Пристигнување во Скопје во попладневните часови.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ :**

Ескурзијата ја финансираат родителите на учениците со плаќање на уплатница на жиро- сметка на агенцијата.

**Реализатори:**

- Марија Дамческа Бајковски
- Душица Трајковска
- Валентина Гичевска
- Магдалена Радевска

**Раководител на екскурзијата: Валентина Гичевска**

**НАСТАВА ВО ПРИРОДА V ОДДЕЛЕНИЕ**

**Место: Струга**
**Одделение:** V одделение
**Образовно – воспитни цели :**

- да се поттикне чувството на самостојност и љубопитност кај учениците;
- да се стекнат знаења и тие да се употребат во различни конкретни ситуации, набљудување, собирање на податоци, екпериментирање, споредување, истражување и анализирање;
- да се запознаат со растителниот и животинскиот свет на Охридското Езеро;да ги разберат настаните и појавите на животот покрај езеро;
- да се запознаат со стопанството и културното наследство на Охридското Езеро;
- да се развиваат мисловните и физичките способности кај учениците;
- да се овозможи едукација, другарување, рекреација, прошетка, забава и спортување на учениците.
- запознавање на природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини– релјефот (рид, ридче, планина, врв, подножје, страна, поле, рамнина, млади верижни планини, истечни и неистечни води), растителниот и животинскиот свет во овој дел на Западна Македонија; како и запознавање со поблиското и подалечното минато и други настани од историско значење;
- да стекнат и развиваат позативен однос кон зачувување на животната средина;
- да се стекнат и негуваат хигиенски и работни навики за одржување на личната и општата хигиена;
- да се обезбеди правилен психо-физички развој како резултат на позитивното влијание од престојот во здрава природна средина;
- да се развива другарство, меѓусебно почитување и позитивен натпреварувачки дух.
- да формираат позитивни ставови за спомениците на културата и да стекнуваат навики за посета и правилен однос кон другите споменици;
- да го развиваат патриотизмот, хуманоста, толеранцијата и да го почитуваат туѓиот труд;
- ученикот да се оспособува македонскиот стандарден јазик да го користи за воспоставување културен комуникациски однос со опкружувањето
- да ги познава најзначајните остатоци од материјалното културно наследство на тлото на Република Северна Македонија;
- да стекнат основни сознанија за екологијата и да развиваат позитивни навики за правилен однос и зачувување на животната средина;
- да ја препознаваат и поврзуваат зависноста и поврзаноста на туризмот со минатото, културата и традицијата и да утврдуват кои облици на туризам би можеле да се развиваат;
- утврдување на знаењата за ориентација во просторот, ориентација во природата според природни објекти, главни и споредни страни на светот;
- соработка со останатите делови од татковината и нивна сообраќајна поврзаност;
- подготвуваат изложба од собраниот материјал;
- развиваат толеранција кон другите култури, религии и народности;

- развиваат правилен однос кон тимската работа;
- развиваат самостојност, трудољубивост, трпеливост, уредност, точност, одговорност, пријателство, толеранција, почитување на туѓиот труд, љубопитност, критичност;
- развиваат одговорност кон исполнувањето на обврските кои ги прифатил и треба да ги исполни;
- формираат навики за средување на работниот материјал, прибор, простор;
- развивање на почит кон познатите и заслужните личности, љубов и негување на нашата богата музичка традиција , негување на нејзините модерни текови ; развивање на хуманоста , навиката и желбата да се помогне на другите.

**ЗАДАЧИ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА:**

- Изучување на верски и историски објекти во овој крај;
- Градење на чувство за патриотизам, толеранција и соживот со сите луѓе што живеат во Р.С.Македонија;
- Развивање позитивен однос кон: историските, националните, културните и естетските вредности;
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, толеранција и мултикултуризам;
- Запознавање со културата и начинот живот на луѓето во посетените краеви.

**Очекувани ефекти од наставата во природа се следните:**

♦ Да се поттикне дружењето кај учениците, негувањето и чувањето на природните и културните богатства, како и развивањето на еколошката култура и свест;

♦ Учениците да ги надградат и прошират своите знаења низ разните форми на учење преку набљудување на природата, водите, планините, животинскиот и растителниот свет;

♦ Рекреација и забава за учениците низ предвидените спортски, музички и забавни активности.

**Начин на вреднување и користење на резултатите:**
Во текот на патувањето, престојот и посета на сите педвидени места континуирано ќе се прати и насочува однесувањето и делувањето на учениците преку различни форми и методи (набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите и други матерјали,прибирање податоци и матерјали за анализа и проучување на флората и фауната во Охридското Езеро, индивидуално и групно изложување на претходно подготвени трудови, правење на интервју со стручни лица и жители од Струга и околината) со цел да се добијат позитивни повратни информации.

**Носители на активностите:** одделенските наставници на V-те одделенија: V-1 одд. Лилјана Карпузовска, V-2 Марија Смилева, V-3 Ксенија Орачка Николовски и учениците.

**Раководител на активностите во рамки на наставата во природа:**
Лилјана Карпузовска

**Време на реализација и времетраење:** мај, 4 ноќевања - пет дена.

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување согласно нормативот за изведување на настава во природа (опремена училница, простор, опрема и наставни средства за деветгодишно основно образование, спортски терени), лекар.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите

**План на патувањето:**

***Прв ден:*** Поаѓање на групата од пред училишната зграда во 07.30 часот. Се патува преку Тетово,Гостивар,с.Вруток (попатно-панорамско набљудување и фотографирање на Полошката Котлина). Пристигнување во с.Вруток од кај што извира реката Вардар-Вруток, Маврово (разгледување и фотографирање на Мавровското Езеро), посета на манастирот ,,Св.Јован Бигорски", манастирски комплекс кој се наоѓа на патот помеѓу Гостивар и Дебар во непосредна близина на селата Ростуше, Битуше, Велебрдо и Требиште, по течението на реката Радика во Западна Македонија. Запознавање на учениците со историјата на манастирот. Се продолжува со патување кон градот Струга ја набљудуваме околината и се поведува разговор за познати и непознати локации, објекти и природни убавини и други впечатливи моменти. Пристигнување во градот Струга и сместување во детското одмаралиште "Солферино". Прошетка и разгледување на непосредната околина. Ручек. Попладневен одмор. Истражување и прибирање на податоци за животинскиот и растителниот свет во вода и покрај вода. Пишување на извештај за истражувањето. Вечера. Презентација на извештаите и размена на искуства и знаења. Водење на групен дневник за местата, знаењата и впечатоците од активностите во првиот ден. Организирана забава во согласност со возраста на учениците. Ноќевање.

***Втор ден:*** Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Посета на градот Струга: посета на спомен куќата на браќата Миладиновци и паркот на поезијата (разговор и групно фотографирање), прошетка низ чаршија и запознавање со старите занаети. Разговор и правење на интервју со занаетчиите. Фотографирање на градот Струга и запознавање со неговите културно-историски карактеристики. Посета на природно-научниот музеј разгледување на експонатите и разговор со стручните лица. Враќање во одмаралиштето. Пишување на извештаи за истражувањата. Учениците се поделени во три групи и секоја група пишува извештај за истражувањата и знаењата до кои ќе се дојде во текот на овие три посети. Ручек и попладневен одмор. Организирање на спортски и олимписки натпревари. Прошетка покрај езерскиот брег. Вечера. Презентација на извештаите и размена на искуства и знаења. Водење на групен дневник за местата, знаењата, впечатоците и доживувањата од активностите на вториот ден. Организирана забава и дружење на учениците. Ноќевање.

***Трет ден:*** Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Посета на манастирскиот комплекс Калишта. Запознавање со културните и историските знаменитости на Калишта: археолошките наоѓалишта, црквите и манастирите, како и главната селска џамија. Враќање во одмаралиштето. Ручек и попладневен одмор. Пишување на извештаи за посетата и нивна презентација. Организирање на спортски активности и социјални игри. Прошетка покрај езерскиот брег. Вечера. Организирање на квиз натпревар од областа на знаењата кои учениците можеа да ги стекнат во текот на овие три дена. Водење на групен дневник за местата, знаењата, впечатоците и доживувањата од активностите на третиот ден. Организирана забава и дружење на учениците. Ноќевање.

***Четврт ден:*** Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Посета на Вевчанските извори. На враќање од Вевчани, посета на Далјан каде што се ловат јагулите на реката Црн Дрим. Враќање во одмаралиштето. Ручек и попладневен одмор. Цртање според извршеното набљудување. Организирање на спортски активности и социјални игри. Прошетка покрај езерскиот брег. Вечера. Организирана забава и дружење на учениците. Ноќевање.

***Петти ден:*** Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Подготовка за напуштање на одмаралиштето. Враќање преку Охрид и краток престој на Стража. Пристигнување пред училишната зграда во попладневните часови.

***НАСТАВНИ СОДРЖИНИ ШТО ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ЗА ВРЕМЕ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА ПО ПРЕДМЕТИТЕ:***

- Македонски јазик
- Историја и општество
- Музичко образование
- Ликовно образование
- Математика
- Физичко и здравствено образование
- Слободен изборен предмет- Кошарка

| **Подрачје** | **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|---|
| Јазик и комуникација | Читање со разбирање | Резимира прочитан текст со различни јазично-стилски особености (новинарски текст, соопштение, изјава, објава, текст од научно-популарно списание). |
| Медиумска писменост и медиумска култура | Факти и мислења (информација, вест, интервју) | Креира едноставни прашања за спроведување интервју |
| Литература и творење | Опишување, прераскажување, раскажување и создавање кратки текстови | Опишува ликови, пејзажи, појави, објекти (реални и измислени). |
| Литература и творење | Опишување, прераскажување, раскажување и создавање кратки текстови | Креира текстови со едноставни композициски структури на слободна или зададена тема, почитувајќи го правилото за воведен, главен и завршен дел од текстот и следејќи ги правописните и граматичките правила. |
| Медиумска писменост и медиумска култура | Факти и мислења (информација, вест,интервју) | Креира вест за настан |
| Праисторија и историја | Археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава | Наведува и опишува познати археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава. |

| | | |
|---|---|---|
| Праисторија и историја | Археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава | Временски и просторно ги лоцира познатите археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава |
| Пееме, свириме и пееме | Фолклор, музички фолклор, народна песна | Усвојување на поимот народна песна преку проектна активност:<br>– собирање на разни видови народни песни од разни краишта. |
| Цртање | Ликовни елементи и принципи во цртањето и естетска проценка на цртежи | Создава композиција со детали |

| | | |
|---|---|---|
| Мерење | Време | Пресметува временска разлика во секојдневен контекст |
| Мерење | Должина, маса и зафатнина | Запишува мерења (должина, маса, зафатнина) како едноимен и повеќеимен број. |
| Работа со податоци | Читање, собирање, организирање, средување и претставување податоци | Претставува податоци на столбест и линиски дијаграм |
| Работа со податоци | Читање, собирање, организирање, средување и претставување податоци | Интерпретира податоци претставени со табели и дијаграми. |
| Работа со податоци | Веројатност за случување на настан | Наведува примери за настани (исходи) кои секогаш/сигурно се случуваат, можеби/можно е да се случат и никогаш/невозможно е да се случат, при реализација на даден експеримент |
| Спортски игри | Фудбал | Применува елементи во игра (мини фудбал) со примена на елементарни правила. |
| Спортски игри | Фудбал | Применува елементи во игра (мини фудбал) со примена на елементарни правила. |
| Атлетика | Брзо трчање − низок старт | Изведува правилна техника на низок старт и трча до 50 метри. |
| Спортски игри | Кошарка | Применува кошаркарски елементи во игра на еден и два коша со примена на елементарни правила |

***КУЌЕН РЕД – РАСПОРЕД НА ВРЕМЕТО***

1. Станување 08.00 часот
2. Утринска гимнастика 08.05 до 08.20
3. Лична хигиена и уредување на спалните 08.20 до 08.50
4. Подготовка за појадок 08.50 до 09.00
5. Појадок 09.00 до 09.30
6. Подготовка за предвидените посети 09.30 до 09.40
7. Во посета на предвидените места и културно историски споменици од 09.40 до 13.30
8. Подготовка за ручек 13.30 до 14.00
9. Ручек 14.00 до 15.00
10. Наставни активности по паралелки 15.00 до 16.40
11. Ужина 16.40 до 17.00
12. Попладневни содржини и подготовка за вечерни активности 17.00 до 19.30
13. Подготовка за вечера 19.30 до 20.00
14. Вечера 19.00 до 19.30
15. Вечерни содржини 20.30 до 22.00
16. Подготовка за спиење 22.00 до 22.20
17. Повечерје - спиење

● **Напомена:** Во текот на патувањето и престојот во Детското одмаралиште „Солферино " учениците се осигурани и имаат постојана лекарска придружба.

Објектот во кој ќе се изведува наставата во природа содржи училница која е опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишно основно образование на Република Северна Македонија.

**ОБВРСКИ НА РАКОВОДИТЕЛОТ, НАСТАВНИЦИТЕ И УЧЕНИЦИТЕ:**

Раководител на настава во природа е директорот. Бидејќи директорот не е во можност секогаш да присуствува на излет, екскурзија, настава во природа, со решение назначува раководител од редот на наставниците. Присутни се и наставници кои предаваат во паралелките, одговорното лице од избраната туристичка агенција и медицинско лице кое ќе се грижи за здравјето на учениците..

Наставниците се грижат околу сместувањето на учениците во автобусите, редот, дисциплината и уредноста при посета на објектот и за безбедноста на учениците од поаѓањето, па се до враќањето.

Учениците од V одделение ќе бидат навреме писмено информирани околу реализација на настава во природа и цената на чинење по ученик.

Овие активности ќе се реализираат во соработка со Советот на родители (навреме да се утврди точниот број на ученици и нивните специфични потреби). Учениците ќе бидат писмено информирани околу реализација на настава во природа (значењето и целта) и треба да добијат согласност од родителите како навреме да се реализира и утврди точниот број. Доколку не се добиени согласности од најмалку 50% од родителите во одделение наставата во природа нема да се реализира.

За време на реализација на наставата во природа учениците имаат обврска да ги следат инструкциите дадени од раководителот на наставата во природа и одделенските наставници, треба да внимаваат на хигиената во автобусот и посетените локалитети и објекти, да ги известат

насатвниците за појава на здравствен или друг проблем и да се движат во група со одделенскиот наставник.

За учениците кои не одат на настава во природа училиштето организира настава во училиштето за истите.

**ПРОЦЕС НА ОРГАНИЗАЦИЈА**

- Планирана настава во природа во Годишната програма за работа на училиштето е усвоена на Наставнички совет и Совет на општината Кисела Вода.

- Запознавање на родителите со реализацијата на настава во природа

1. На првата родителска средба родителите ќе бидат запознаени со програмата за изведување на настава во природа – Струга, Западна Македонија, да бидат поделени анкетни листови на родителите за добивање на повратна информација за одзивот.
2. На Советот на родители ќе биде формирана комисија од родителите на V одд. и двајца одделенски наставници.

- Одлука на училиштен одбор.

- Наставниците кои предаваат во V одд. имаат планирано во своите годишни програми часови кои ќе се реализираат во тој период - прилог на неделни планирања за V одд.

По добивање на согласност за реализација на настава во природа од БРО, Општината и Советот на родители, програмата ќе се презентира пред Училишниот одбор кој дава своја согласност и има целосен увид во организацијата, избор на туристичка агенција и реализација на настава во природа.

Училиштето преку јавен оглас избира лиценцирана туристичка агенција која ги исполнува условите предвидени со правилникот за начинот на известување на ученички екскурзии и други слободни активности во основните училишта.

Се доставува барање со јасни и точни предвидени цели без можност да се менуваат.
Училиштето ќе ги достави следните Критериуми:

- Да е регистриран согласно позитивните прописи во Р.С.Македонија за вршење соодветна туристичка дејност
- Да има успешно реализирање настава во природа, екскурзии (излети) најмалку три години по ред
- Да ги исполнува условите за превоз на деца, согласно законот за безбедност на сообраќајот на патишта и правилник за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца
- Да биде најприфатлива цена

На барањето за понуди училиштето ги наведува сите содржини кои треба да се реализираат како и условите за изведување на екскурзии согласно правилникот за училишни екскурзии и други слободни активности.

Постапката се спроведува со одлука на училишниот одбор и комисијата составена од пет челенови и тоа три члена од Советот на родители и два од редот на наставниците.

Од најприфатливата понуда со најниска цена, директорот склучува договор во кој јасно се наведени содржините планирани за реализација на настава во природа. Во договорот се содржани следните елементи:

- Поединечна и вкупна цена на услугата
- Начинот на плаќање
- Водич, број на наставници (според бројот на ученици кои ја посетуваат наставата во природа, лекар)
- Поволности за ученици од социјално загрозени семејства.

Непосредно пред патувањето директорот проверува дали се обезбедени доволен број автобуси со седиште за секој ученик и навремено ја информира Општината и полицијата за времето на поаѓање, број на ангажирани автобуси, број на ученици и други лица согласно правилникот за организирање ученички екскурзии.

Директорот може да не ја одобри реализиацијата на настава во природа доколку некои од наведените барања во избраната понуда не ги задоволуваат критериумите.

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИРАЊЕТО:**

Одделенските раководители писмено ги известуваат учениците и родителите за финансискиот износ на настава во природа.

Родителите ги подмируваат финансиските трошоци за настава во природа преку уплаќање на уплатница со одредена сума (преку жиро сметка)

# Програма за дводневна екскурзија за VI одделение низ Република Северна Македонија

ПЛАНИРАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИЈА

Основното училиште „Кузман Шапкарев" од Скопје, со учениците од шесто одделение во учебната 2022/2023 година, планира да изведе дводневна екскурзија со едно ноќевање со полн пансион, низ источна Македонија.

**ЦЕЛ НА ЕКСКУРЗИЈАТА:**

- да ги запознаат и откријат убавините на татковината – Република Северна Македонија;
- да се развива почит кон културните традиции;
- да се почитуваат знаењата и искуствата на возрасните;
- да се почитува природата и нејзиното наследство;
- да ги совладаат и прошират знаењата за сите посетени културно-историски знаменитости;
- да се осамостојуваат и социјализираат;
- да се воспоставува, развива и негува пријателството;

**ЗАДАЧИ:**

Дводневната екскурзија треба да обезбеди:

1. развивање интерес за убавините на нашата татковина и правилен однос кон нив;
2. развивање интерес кон природата и создавање еколошки навики;
3. развивање на способноста за перцепирање и практична примена на теоретските знаења;
4. развивање на другарски и хумани меѓусебни односи кај учениците;
5. усовршување на комуникативните вештини и културните навики;
6. развивање на чувство за толеранција и соживот;
7. поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
8. стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
9. создавање навики за здраво живеење;
10. развивање и негување на патриотски чувства кон сите културни, историски и духовни богатства во нашата земја.

**АКТИВНОСТИ:**

Посета на Велес, Струмица, Колешински или Смоларски Водопади, Дојран.

**Учесници во екскурзијата:**

- Наставниците - одделенски раководители во шесто одделение
- Учениците од шесто одделение

**Времетраење на екскурзијата:** Дводневна екскурзија со едно ноќевање.

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПАТУВАЊЕТО**

Место на поаѓање: пред училиште

Време на поаѓање: 8:00 часот

(Учениците да бидат на местото на поаѓање во 7:30 часот)

**ПЛАН ЗА ПАТУВАЊЕ**

| |
|---|
| **ДЕН 1** Поаѓање за Струмица на релација:<br>**Скопје - Велес – Неготино - Валандово – Дојран**<br>со попатна посета на:<br>- Долината на реката Вардар-панорамско<br>- Таорска Клисура-панорамско<br>- Посета на Велес - Куќата на Рацин<br>- Посета на Струмица и манастирот Водоча;<br>- Ноќевање во Дојран со вечерна забава. |
| **ДЕН 2**<br>- разгледување на градот Дојран<br>- посета на Смоларски или Колешински Водопади пристигнување во Скопје во вечерните часови |

За време на екскурзијата, учениците ќе имаат воспитно-образовни активности и истовремено ќе реализираат и разновидни слободни активности

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:**
Екскурзијата ја финансираат родителите на учениците со плаќање на повеќе месечни рати, на уплатница на жиро сметка на агенцијата или со платежни картички директно во агенцијата.
**Раководител на екскурзијата:** Владимир Ангелески

**Одделенски раководители:** Дарко Цветаноски, Владимир Ангелески и Дијана Ѓорѓиеска

# Програма за тридневна екскурзија за IX одделение низ Република Северна Македонија

**Планирање и организација**

Основното училиште ,,Кузман Шапкарев“ од Скопје - планира да изведе тридневна екскурзија низ Република Македонија со учениците од деветто одделение за време на воспитно-образовната работа и тоа во текот научебната 2022/2023 година во месец мај.

**ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** Тридневна екскурзија со две ноќевања (мај).
**МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ**

Патувањето започнува од Скопје – Тетово – Гостивар – Маврово - Дебар – Струга – Вевчани – Охрид – Битола – Крушево - Скопје.

**НАСТАВНИ ТЕМИ**

Животински свет во водата и покрај водата, нашето минато, одлики на Западна Македонија

**ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА**
**Образовно-воспитницели:**

- учениците да ги запознаат и откријат природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори - Република Македонија
- учениците да се запознаат со природните убавини на Охридското Езеро
- учениците да се запознаат со нашето подалечно и поблиско минато
- дасе негуваат и развиваат со почит старитекултурни традиции
- да се почитува природата и нејзиното наследство
- да изучува и истражуваат на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот
- развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности
- да се остамостојуваат и социјализираат учениците
- запознавање со историјата на овие простори како и развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

**Задачи:**

Тридневна екскурзија треба да обезбеди:

- развивање интерес за убавините на нашата татковина и правилен однос кон нив
- развивање на способноста за перципирање и практична примена на теоретско знаења
- воспоставување, развивање и негување на пријателство
- да се поттикнат чувства кон зачувување на културното наследство
- да се развива социјализацијата, колективната заштита и стекнување на искуства за осамостојување и грижа за себе и околината
- да развиваат позитивен однос кон животната средина
- да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина
- да се поттикнува и развива другарството,меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.
- создавање навики за здраво живеење

**Начин на реализација:**
Одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите, во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Раководител на екскурзијата:** класен раководител на IX-2 одд. Јулија Бекриќ.

**Финасирање**-Трошоците на патувањето ги покриваат родителите

**Техничка организација**
Висококвалитни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови за сместување на сите ученици и наставниците во еден хотел без ученици од други училишта, туристички водач, лекар.

**Начин на вреднување и користење на резултатите**
На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПАТУВАЊЕТО**

**Место на поаѓање: пред училиште**
**Време на поаѓање: 8:00 часот**
Учениците да бидат на местото на поаѓање во 7:30 часот

**ПЛАН ЗА ПАТУВАЊЕ**

**Прв ден**: Тргнување на групата од пред училиштево 8:00 часот. Се патува кон Тетово, Гостиварско попатна посета на Вруток, потоа се продолжува кон Маврово со попатен одмор каде е предвидено посета на манастирот Св. Јован Бигорски. Се продожува кон Дебар - хидроцентралите Шпиље и Глобочица со панорамско разгледување. Патувањето продолжува кон Вевчани со посета на изворите. Од тука се продолжува кон Струга со прошетка низ Струшката чаршија, истекот од Охридското Езеро и по течението на Дрим, посета на куќата на Миладиновци и Природно-научниот музеј. Патот продолжува кон Охрид. Пристигнување воОхрид во вечерните часови, учениците се сместуваат во хотел и имаат организирана вечера, слободни активности (диско-забава само за учениците од нашето училиште) ноќевање.

**Втор ден:** Појадок, тргнување во 9.00 часот претпладневен излет до манастирот Св.Наум и изворите на реката Црн Дрим, со попатна посета на ”Музејот на коските”-населба Градиште. Враќањето во хотелот-ручек, малодморпо кој учениците заминуваат на прошетка низ стариот дел на Охрид и запознавање со охридската архитектура, потоа се продолжува кон црквите Св.Софија, Св. Јован Канео, Плаошник, Самоилова тврдина, амфитеатарот. Враќање во хотелот во вечерните часови, вечера, диско-забава само за учениците од нашето училиште, ноќевање.

**Трет ден:** Појадок, напуштање на хотелот и поаѓање кон Битола каде е предвидена посета на Хераклеа и прошетка по Широк сокак, мал одмор. Од Битола се продолжува кон Крушево каде е предвидено панорамско разгледување и посета на споменикот ”Македониумот”, вечниот дом на Тоше Проевски и спомен куќата, историскиот Мечкин Камен во зависност од времето прошетка низ центарот на градот, потоа заминување кон Скопје со попатен одмор. Пристигнување во Скопје пред училиштето во вечерните часови.

- За време на екскурзијата, учениците ќе имааат воспитно-образовни активности и истовремено ќе реализираат и разновидни слободни активности

**Активности**
Посета на Вруток, цркви, хидроцентрали, Вевчански водопади, Охрид, спомен куќа, набљудување.

**Носители на активностите**

- Наставниците  - одделенски раководители во деветто одделение
- Учениците од IX одд.

**Ученици - учесници во тридневна екскурзија низ Западна Македонија**
ученици од **IX** - 1 одд, одделенски раководител Љупчо Велковски– наставник по географија
ученици од **IX** – 2 одд, одделенски раководител Јулија Бекриќ – наставник по математика
ученици од **IX** - 3 одд, одделенски раководител Петар Ивановски – наставник по македонски јазик
ученици од **IX** – 4 одд, одделенски раководител Петар Беслаќ– наставник по ликовно образование

**Начин на финасирање**
Екскурзијата ја финасираат родителите на учениците со плаќање на повеќе месечни рати на уплатница на жиро сметка на агенцијата или со платежни картички директно во агенцијата

**Напомена**
Програмата за екскурзијата може да претрпи промени во согласност со времето и текот на екскурзијата. Воедно, бараме ако е можно учениците и наставниците да бидат сместени во еден хотел во кој што не би имало ученици од други училишта.

## 12. НАТПРЕВАРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Во училиштето се планираат, организираат и реализираат училишни натпревари по повеќе предмети како во одделенска така и во предметна настава.

Учлилиштето зема учество во повеќе општински,региоални,државни и меѓународни натпревари и конкурси.

**Програма за реализација на ученички натпревари**

| Планирана програмска активност | Реализација | Реализатор | Целна група | Ресурси | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Планирање на реализација на училишни натпревари | септември | одговорен наставник | наставници и ученици од 1-9 одд. | Изготвување план и распоред | успешна реализација на училишните натпревари |
| Истакнување на Планот на огласна табла | октомври | одговорен наставник | Наставниц и и ученици од 1-9 одд. | Изготвување план и распоред | транспарентност и навременост во информирањето |
| Дополнителни менторски активности за подготовка на учениците | октомври | одговорен наставник | Наставниц и и ученици од 1-9 одд. | Дополнителн и материјали | продлабочување на знаењата и вештините на учениците и стекнување на пошироки сознанија |
| Непосредно информирање за одржување на натпреварите | Ноември | стручна служба | ученици од 5 - 9 одд | тетратка за соопштенија | навремено информирање и транспарентност со цел побројно учество |
| Спроведување на училишните натпревари | Ноември, декември | комисија | ученици од 5-9 одд | стандардизи-рани тестови | избор на најталентираните ученици кои ќе одат на натпревари од повисок ранг |
| Истакнување на резултати | Ноември, декември | комисија | предметни наставниц и и ученици од 5-9 одд | ранг листи на огласна табла,изготв ен записник од одржаниот натпревар | транспарентност и навременост во соопштувањето на резултатите |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активности за подготовка на натпревари од повисок ранг (градски,општински и државни натпревари) Меѓународен математички натпревар Кенгур | во текот на второто полугодие | предметни н-ици и пласирани ученици | предметни наставници и пласирани ученици, одговорен наставник | папка по секој предмет во која се беле-жат активнос-тите,материја - лите и подгот-вителни вежби | редовност во извршувањето на подготовките за подобра подготвеност на учесниците на престојните натпревари |
| Спроведување на натпревари од повисок ранг (градски,општински и државни натпревари) | во текот на второто полугодие | организатор на натпреварот, предметни н-ици и пласирани ученици | предметни наставници и пласирани ученици | тестови со задачи на повисоко ниво на знаење | учество и афирмација на учениците учесници |
| Собирање на резултати од одржаните натпревари | во текот на второто полугодие | одговорен наставник | предметни наставници и Стручна служба | ранг листи и извештаи од спроведени натпревари | оформување на слика за успешноста и пласманот на учениците |
| Анализа на резултатите од одржаните натпревари | јуни | одговорен наставник | предметни наставници и Стручна служба | ранг листи и извештај од спроведени натпревари | оформување на слика за успешноста и пласманот на учениците |

## 13. УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ / ИНТЕРКУЛТУРАЛИЗМОТ И МЕЃУЕТНИЧКАТА ИНТЕГРАЦИЈА

Училиштето низ планираните активности ги вклучува подеднакво сите ученици, со цел задоволување на нивните потреби, почитувајќи ги индивидуалните разлики.

И оваа учебна година училиштето ќе продолжи да го реализира проектот „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“. Подготвен е акциски план за реализација на самостојните и заедничките (краткотрајни и долготрајни) МИМО активности, како и индивидуални планирања од страна на наставниците и стручните соработници.

Наш избор за партнерско училиште во реализација на мултикултурни активности е ООУ „Наим Фрашери“ од с.Студеничани. Идејата е размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку заемни посети на културни и образовни манифестации, празници и фестивали. Примарна цел на партнерството е оспособување за соживот во мултикултурното општество, која се остварува преку активности низ кои учениците ќе се ангажираат во размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку посети на културни и образовни манифестации, празници, изложби, разни еколошки акции и др. Во училиштето се реализираат разни видови тематски приредби, екскурзии, претстави, маскенбали и забави преку кои учениците ќе осознаат нови обичаи и култури за свои соученици од различни етнички групи.

**• Односи меѓу сите структури**

Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите).

За таа цел се организираат заеднички наставни и воннаставни активности, како што се заеднички прослави, посети, свечености кои би имале за цел подигнување на квалитетот на комуникација и меѓусебната доверба и соработка. За подобрување на комуникацијата во училиштето ќе се формира тим кој ќе направи анализа на критичните точки во комуникацијата. За подобрување на училишната клима и односите во училиштето може да се организираат заеднички состаноци-работилници, дебати, предавања, на кои ќе се разгледуваат слабостите во комуникацијата.

**Членови на тим МИМО:**

Директор - Жаклина Божиноска, нас. Анета Јумбрукова-Алексова - координатор, нас. Јулија Бекриќ, нас. Кристина Дораковска, нас. Розета Тумбевска, стручни соработници - психолог и претседател и правобранител на Ученичкиот парламент ( формирана комисија 16.07.2021 г. до 16.07.2024 г).

## 14. ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

### Годишна програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта

И оваа учебна година во нашето училиште ќе се реализира проектот „Антикорупциска едукација“ со цел да воспостави вредносен систем кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување. Преку согледување на лошите примери, навики и пораки и нивно заменување со соодветно примерно однесување, ученикот опфатен во овој проект, уште од најмала возраст ќе може да ја препознае корупцијата, да се заштити од истата и да допринесе за нејзино сузбивање. Под мотото **„КОРУПЦИЈА – ја сечеш гранката на којашто седиш“**, се објаснува дека корупцијата не познава пол, вероисповед, нација, професија, возраст, граници, степен на образование, нагласувајќи дека таа е негативен дел од денешницата и од неа треба да се заштитиме.

**Општи цели кои треба да се постигнат преку оваа едукација се:**

- да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;
- да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“;
- да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;
- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;
- да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;
- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Северна Македонија и механизмите преку кои таа делува;
- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;
- да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација;
- да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на Република Северна Македонија.

## Програма за антикорупциска едукација на учениците

| **Планирана програмска активност** | **Цел на активноста** | **Реализатор** | **Време на реализација** | **Очекувани исходи и ефекти** | **Целни групи** |
|---|---|---|---|---|---|
| Донесување и усвојување на програма за активностите на тимот за планирање | Доделување на задолженија на членовите на тимот | Тим за планирање: директор, педагог, психолог, наставник по граѓанско образование | Септември 2022 | Успешна реализација на програмата и размена на искуства | родители - понудувачи наставници - примачи ученици - сведоци |
| Предзнаења за корупцијата и антикорупцијата кај учениците | Пополнување на прашалници од страна на ученици | Наставник предавач Наставник по информатика Родители | Ноември 2022 | Да се согледаат предзнаењата на учениците | родители - понудувачи наставници - примачи ученици - сведоци |
| Предавања за запознавање на учениците со поими од оваа област | Разбирање и препознавање на поимите | Наставник предавач Наставник по ликовно образование Родители | Ноември 2022 | Запознавање со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност | родители - понудувачи наставници - примачи ученици - сведоци |
| Работилници за антикорупциската едукација на учениците | Активно учество на учениците преку сфаќање или разбирање на поими , настани и сл. | Наставник предавач Наставник по македонски јазик Родители | Декември 2022 | Запознавање со облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречу-вање и заштита од истата;да се пре-познаваат механиз-мите за спречува-ње на корупцијата во општеството | родители - понудувачи наставници - примачи ученици - сведоци |
| Работилница: Активна борба против корупцијата | Повисоки нивоа на знаења кај учениците (анализа и синтеза) | Наставник предавач Родители Наставници | Февруари 2023 | Да анализираат како и каде може да се појави корупцијата и како може да се спречи | родители - понудувачи наставници - примачи ученици - сведоци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | истата; да се стават во улога на активни граѓани кои ќе придонесат за развојот на граѓанската култура во современото општество | |
| Ликовен и литературен конкурс | Искажување на стекнатите знаења, создавање на натпреварувачки дух | Наставници по македонски јазик и ликовно образование | Април 2023 | Развивање на ликовни и литературни потенцијали на учениците | Ученици, наставници, родители |
| Како да се надмине корупцијата во спортот | Стекнување на знаења за откривање и забележување на корупција во спортот | Наставник по физичко и здравствено образование | Април 2023 | Развивање на свест за корупција во спортот | Ученици, наставници |
| Доделување на награди од конкурсите | Развивање на самодоверба и чувство за успех | Наставници по македонски јазик, ликовно образование, граѓанско образование | Мај 2023 | Дасе утврдат знаењата на учениците | родители - понудувачи наставници - примачи<br>ученици - сведоци |
| Утврдување на знаењата кај учениците за корупцијата и антикорупцијата | Пополнување на прашалници од страна на ученици и активности за повторување | Наставник предавач<br>Родители<br>Наставници | Мај<br>2023 | Да се утврдат знаењата на учениците | родители - понудувачи наставници - примачи<br>ученици - сведоци |
| Извештај за реализирани активности на програмата за антикорупција | Согледување на постигнатите резултати | Наставник по граѓанско образование, педагог, психолог | Јуни 2023 | Сумирање на ефектите од Програмата и предлог за подобрување на идни активности | Наставници, педагог, психолог |

**Проект - Отворен ден по Граѓанско образование**

**Интерен училишен проект: „УЧИЛИШТЕ БЕЗ НАСИЛСТВО“**

**Цел:**

- учениците да се оспособат да препознаваат БУЛИНГ-врсничко насилство;
- учениците да се стекнат со вештини за ненасилно однесување;
- учениците да умеаат конструктивно да решаваат конфликти и подобра меѓусебна комуникација.

**Теми:**

1. Што е насилничко однесување;
2. Видови насилничко однесување;
3. Видови насилничко однесување во училиште-БУЛИНГ
4. Знаци на оној кој што е подложен на насилничко однесување;
5. Стратегии против насилничко однесување.

**14.1. Политика за однесување и присуство**

# ПОЛИТИКА
# ЗА
# ОДНЕСУВАЊЕ
# И
# ПРИСУСТВО

## ООУ „Кузман Шапкарев“

# н. Драчево – Скопје

## В О В Е Д

Во оваа политика е опишан пристапот на основното училиште „Кузман Шапкарев“-Скопје за поддржување и промовирање на позитивното однесување, како и целосното присуство на учениците.

Наша основна цел е да се обезбеди позитивна средина за учење, што ги поттикнува сите да ги откријат, развијат и и исполнат своите можности и потенцијали и тежнеења.

Ефективна настава може да се изведува единствено со присуство на основните компоненти, а тие се позитивното однесување и целосното присуство. Преку посветеноста на нашето училиште на промовирањето на позитивното однесување, им се овозможува на учениците да ги развијат социјалните и емоционалните вештини, а притоа целосно ги опфаќа и вештините за однесување. Преку оваа политика се овозможува сите вработени, ученици, родители и старатели да придонесат за подобрување и одржување на средината, што ќе резултира со напредок на учењето.

Оваа обврска на училиштето се однесува на:

- задоволување на потребите на сите ученици и
- подеднакво вклучување на сите ученици

Во училиштето се преземаат активности за промовирање и поддржување на расна и полова еднаквост. Се врши проценка на влијанието на оваа политика и нејзино спроведување на поединци или групи на коишто им е потребна помош.

Активностите во училиштето за промовирање на позитивното однесување и целосното присуство предводени од промовирањето на самодисциплината и почитта кон другите. Преку ова се добива информација за одзивот на училиштето за каков било вид на малтретирање или заплашување.

Информациите за однесувањето на сите членови на училишната заедница – учениците и возрасните под исти услови претставуваат вредност преку која ќе биде формирана база, а врз која училиштето ќе бара поддршка и помош од родителите, старателите, другите членови на заедницата и агенциите од кои добиваат помош.

## Ц Е Л И Н А П О Л И Т И К А Т А

- да се поттикнат сите ученици да ги научат социјално-емоционалните вештини како и вештините на однесување потребни за граѓанството;
- да се охрабруваат учениците редовно да присуствуваат и соодветно да се однесуваат преку одржувањето на училишна средина, каде ќе чувствуваат дека се ценети членови на училишната заедница, и дека се сигурни, безбедни и спокојни;

- да се поттикнат сите ученици и возрасни на работа според договорените стандарди, а преку поттикнување на позитивното однесување и целоснот присуство.

## У Ч Е Њ Е И Н А С Т А В А

Високи стандарди на наставата и постигањето во учењето се овозможуваат преку промовирање на позитивното однесување и целосното присуство. За да се обезбеди развој и одржување на позитивното однесување и целосно присуство, потребно е да се изготви релевантна наставна програма. Кога наставната програма е базирана на разлики и различности и кога стиловите на учење се всушност приспособени индивидуални стилови на учење, тогаш учениците учат поефикасно.

## П Р И Н Ц И П И

- Во текот на наставата вработените треба да користат метод кој се базира на искуствата на учениците, односно метод којшто ќе биде најсоодветен и којшто ќе ги вреднува нивните придонеси;
- Во училницата каде што рутините се веќе втемелени и каде што високите стандарди се очекувани учениците треба да бидат целосно прифатени;
- Пофалбите за сите видови постигнувања треба да се користат јасно и редовно.

Влијанието на наставната програма врз однесувањето на учениците ќе се следи континуирано.

Унапредување на социјалните и емотивните вештини како и вештините за однесувањето ќе се постигне преку остварување на наставниот план. Развојот и учењето на овие вештини ќе се овозможи преку сите предметни области. Сите ученици можат да учат и да напредуваат преку позитивното однесување и целосното присуство.

Стекнатото знаење на учениците за социјалните и емоционалните вештини како и вештините за однесувањето во основното училиште ќе се смета за значајно при изготвување на наставната програма.

## П Р А К С А И П Р О Ц Е Д У Р И : УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ

Сите членови на училишната заедница, вклучувајќи ги и родителите и стрателите се одговорни за промовирање на позитивното однесување и целосното присуство. Но секој дел од заедницата ќе има посебна улога, бидејќи сите членови на училишната зедница немаат иста улога во овој процес.

Доколку е потребно, принципите поткрепени со оваа политика ќе бидат ревидирани од страна на управниот орган и другите членови на училишната заедница. На тој начин ќе се потврди дека спроведувањето на политиката е според можностите на училишната политика.

Под посебни одговорности на управниот орган се подразбира:

- одобрување на оваа политика на позитивно однесување и целосна присутност ;

- континуирано следење на утврдени услови и постојани исклучувања;
- осигурување за исполнување на потребите на учениците кои се изложени на ризик од трајно исклучување.

Формата и содржината на оваа политика како и нејзиното спроведување се одговорност на Директорот на училиштето, со помош на останатите членови на лидерскиот тим. Спроведувањето да се изведува на начини преку кои се поддржува училишниот етос, а којшто поттикнува позитивно однесување и целосно присуство.

Одговорнот на сите вработени е правично и доследно да ја применуваат политиката и да се осигураат дека таа ги информира за секојдневните активности. Одржувањето на политиката се овозможува преку взаемна поддршка на своите колеги и моделирање на социјалните и емоционалните вештини како и на вештината за однесување и очекување високи стандарди на однесување и точност од страна на учениците.

Учениците имаат одговорност да ги пријават случаите на малтретирање или заплашување и имаат улога во обезбедувањето на поддршка за нивните врсници низ активности како што се менторство и советување на врсници. Тие ќе земат учество во обликувањето и унапредувањето на однесувањето како и во политиката на присуството. Исто така ќе бидат вклучени во дефинирањето на очекувањат и правилата, во развивањето награди, санкции и последици. За ова да се постигне, потребно е да се вклучи Наставничкиот совет, да се организираат одделенски средби како и работилници за лично, социјално и здравствено образование.

Присуството на детето и неговото однесување во и надвор од училиштето е одговорност на родителите и старателите. Истовремено имаат улога во советувањето на континуираниот развој и унапредување на политиката.

## К О Д Е К С  Н А  О Д Н Е С У В А Њ Е

Кодексот на однесување се базира на самопочитување, почит кон другите и кон околината. Преку него учениците се информирани за очекувањата во училиштето во врска со нивното однесување, начинот на кој овие очекувања ќе бидат наградени и одговорот што учениците може да ги очекува, ако изберат да не ги исполнат овие очекувања. Намената на Кодексот на однесување е да ги охрабри учениците да ја развијат одговорноста за сопственото однесување и присуство.

Основни принципи на Кодексот на однесување се:

- почитување и укажување внимание на другите луѓе и нивната сопственост;
- развивање на чувството за преземање одговорност за сопственото учење, присуство и однесувањето;
- учествување во осигурување дека училишната средина е сигурна и пријатна.

Родителите и старателите ќе бидат информирани за Кодексот на однесување. Тој ќе биде истакнат во училиштето и во училниците и ќе служи како потсетник за очекувањата на училиштето.

Истиот се базира на:

- права и одговорности;

- самопочитување, почитување на другите и училишната средина;
- преземање на одговорноста за сопственото учење, присуството и однесувањето.

## П О Ф А Л Б И  И  Н А Г Р А Д И

Во основното училиште „Кузман Шапкарев“ ќе се користат неформални награди (пофалби за правилно однесување во и надвор од училницата) и формални награди (наградување по заслуги). Учениците ќе се пофалуваат за позитивниот придонес во училиштето како: вклученост во работата на училиштето, вложен труд, позитивно однесување, точност на часовите и редовно присуство, почитување на Кодексот за однесување. Наградите и пофалбите им се достапни на сите ученици во училиштето.

Вработените ќе се договорат за ситуации и околности во кои можат да бидат доделени формалните награди (заслуги и сертификати). Учениците ќе бидат пофалувани и истакнувани на Наставничкиот совет.

Под формални и неформални награди се подразбира:

- Пофалби и кои се користат на часовите од страна на вработените до учениците кои покажуваат добар пример за позитивно однесување;
- Признание за достигнувањата во ученичката заедница;
- Писмено известување за достигнувањата испратено до родителите;
- Телефонски повик до родителите со пофалби за напредокот на нивното дете;
- Сертификати од одделенскиот раководител;
- Награди од Директорот на училиштето

## С А Н К Ц И И

Учениците имаат потреба од помош за да направат соодветен избор за нивното однесување и присуство. Тоа се постигнува преку санкции. Кога учениците ќе одберат да не го почитуваат Кодексот на однесување, тие имаат право да очекуваат и постојано применувани правични санкции.

Доколку неколку ученици направат прекршоци, не е соодветно да се санкционира цела група. Затоа е потребно да се примени најсоодветната санкција преку која ќе се поттикне подобрување на однесувањето.

Затоа не се воведуваат санкции кои можат да ги понижуваат учениците.

Исто така треба да се земе предвид доследноста во примената на санкциите за половата еднаквост. Не е соодветно да се применуваат санкции поинаку за девојчињата и момчињата.

Формални санкции се спроведуваат кога учениците ќе направат несоодветен избор во врска со нивното однесување, а прашањето ќе се решава на релација координатор – предметен наставник. Ученикот се упатува кај одделенскиот раководител во случај на сериозно лошо однесување.

Санкциите се вклучени во Политиката и се утврдени за:

## ИНДИВИДУАЛНИ ЧЛЕНОВИ НА ПЕРСОНАЛОТ

- Испраќање на ученици кај одделенскиот раководител без претходен договор;
- Индивидуален разговор со ученикот.

## ОДДЕЛЕНСКИ РАКОВОДИТЕЛ

- Неизготвување „Извештај“ за однесувањето на ученикот;
- Неиспраќање писма дома;
- Необезбедување средби со родителите/старателите;
- Незапознавање со координативниот тим за проблемот;
- Самостојна индивидуална средба.

## ДИРЕКТОР НА УЧИЛИШТЕТО

- Не постапи во утврден рок за санкција.

Ефикасноста на санкциите ќе биде зголемена со правично согледување од страна на учениците. Поради тоа треба:

- Да се избегнуваат санкции за група која ги казнува и виновните и невините;
- Да се направи обид за примена на репаративна правда;
- Да се остават строгите казни за најтешките или постојаните прекршувања на Кодексот на однесување;
- Да се потенцира дека се осудува однесувањето, а не личноста;
- Да се поттикнат учениците да размислуваат за последиците од лошото однесување или отсуството на другите во училишната заедница.
- Да се води сметка за индивидуалните случаи. На пример, казнување на ученик кој доцни на училиште затоа што тој или таа се грижи за помлади браќа и сестри. Во овој случај, би било подобро да се користи училишниот систем на упатување за да се обезбеди дека ученикот добива поддршка, така што тој или таа треба да ја подобри својата точност.

## СИСТЕМИ ЗА ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Некои ученици имаат потреба од различни облици на поддршка за да им помогнат да го подобрат нивното однесување. Поради задоволување на потребите на учениците ним ќе им бидат достапни различни стратегии. Организирањето на соодветна поддршка за исполнување на индивидуалните потреби на учениците се врши од страна на училиштето. Воедно, училиштето ги наблудува учениците чиешто однесување или присуство предизвикува загриженост.

## ОВАА ПОДДРШКА МОЖЕ ДА ВКЛУЧУВА:

- Поддршка од училишните координатори за намалување на насилството;
- Идентификување на учениците кои најмногу се изложени на ризик;
- Предавања за развивање вештините за позитивно однесување како и на социјалните и емоционалните вештини;
- Поддршка за учениците кои се враќаат после значаен период на отсуство;
- Контакт со родителите/старателите уште на почетокот на проблемот и за секое необјаснето отсуство;
- Доколку проблемите на ученикот се идентификувани како аспект на посебни образовни потреби, треба да се направи упатување до координаторите на училиштето за посебни образовни потреби и дополнителна одделенска поддршка од страна на наставникот;
- Упатување до училишниот центар за поддршка на ученици за краткорочна дополнителна помош;
- Соработка и средби со родителите/старателите и семејствата;
- Индивидуални средби и советувања со психолог/педагог.

## СИСТЕМ ЗА ПОДДРШКА НА ПЕРСОНАЛОТ

Унапредувањето и одржувањето на позитивното однесување и целосното присуство е одговорност на сите вработени во училиштето. Сите вработени можат да добијат помош за стратегиите кои би можеле да ги применат за унапредување на позитивното однесување и присуство и како да реагираат на лошото однесување и отсуството. Може да се случи вработените да не можат да се справат со одреден проблем. Тогаш, тие ќе добијат поддршка и дополнителни совети.

Совети и обука на вработените се нуди од тимот за поддршка за подобрување на позитивното однесување и редовноста. Споделувањето на некој проблем е знак на доверба, а не признание за неуспех. Затоа персоналот може да побара поддршка и совет од различни извори во рамките на училиштето.

Ако ученикот има посебни образовни потреби, а не дополнителни потреби, формалната и неформалната поддршка е исто така достапна и преку училишниот систем или тим за инклузија за деца со посебни образовни потреби. Ова може да ги доведе ученикот и членот од вработените да имаат корист од дополнителната внатрешна поддршка. Иницијативата за стручно однесување ќе ја координира посебната поддршка од страна на надворешните институции кои даваат дополнителни совети за однесувањето и присуството на учениците.

Секоја година, стандардите на однесувањето и присуството се проверуваат, споредуваат и редовно се следат за да се осигура дека успехот е идентификуван. и признат и дека во акциониот план за решавање на проблемите се вклучени области за подобрување.

## СИСТЕМ ЗА ПОДДРШКА НА РОДИТЕЛИ

Нашето училиште нуди ефективна и тековна поддршка на родителите/старателите за сите свои политики и пракси.

На барање на заинтересираните родители, училиштето ќе организира и изведува работилници на теми како што се родителство, дрога, тинејџерска бременост, справување со адолесценцијата и сл.

Родителите и старателите ќе бидат информирани за однесувањето и отсуството на ученикот уште при првата можност и ќе бидат поканети заедно со училиштето, да го разгледаат проблемот и да изнајдат заедничко решение. Секогаш ќе се почитуваат мислењата и состојбата на семејството, ученикот и училиштето.

Училиштето ќе се залага да се вклучат родителите и старателите до кои тешко може да се стигне и тоа преку низа дополнителни мерки, вклучувајќи, каде што е соодветно и домашни посети.

Сите релевантни документи за однесување и присуство, во едноставен и пристапен формат, училиштето ќе им ги стави на располагање на родителите и старателите.

Родителите и старателите ќе можат да дадат придонес за политиката и стратегиите на училиштето за промовирање на позитивното однесување и присуство бидејќи училиштето ќе обезбеди можности за тоа. Тие ќе учествуваат во редовни ревизии, културни и социјални настани и други активности со кои се промовираат позитивните партнерства помеѓу училиштето и пошироката заедница.

## СЛЕДЕЊЕ

Терминот следење се однесува на следење на однесувањето и присуството, а секако вклучувајќи ја и точноста. Овие системи вклучуваат следење на однесувањето и присуството на поединечни ученици. Отсуството е секогаш проследено, а причината е регистрирана.

За да се добие акционо планирање на индивидуата, групата или целото училиште, неделно се разгледува и анализира позитивното и негативното однесување и присуство. Извори на податоци како што се: упатувања до класните раководители; принудно задржување или повлекувањето од просториите; упатување за дополнителна поддршка од одделот за посебни образовни потреби; користење на пофалби и награди, заслуги и сертификати и родителски контакт.

## ПРЕГЛЕД НА ОДНЕСУВАЊЕТО И ПРИСУСТВОТО

Годишната ревизија која се однесува на однесувањето и присуството се врши годишно и ја следи ефективноста на училишната организација, а таа се однесува на:

- Тимот за намалување на насилството и менаџирањето;
- Секојдневни политики; награди, санкции и промовирање на позитивно однесување;
- Справување со постојано слабо однесување;
- Малтретирање ;
- Системи за поддршка на учениците;
- Однесување во училницата;
- Однесување надвор од училницата;
- Наставна програма;
- Присуство;
- Врски со партнерите и другите институции.

Преку прегледот се препознаваат областите на успех и подобрување, а анализата на прегледот води до пост-ревизиски акционен план, кој се однесува на области за натамошен развој и води до насочени обуки за вработените.

## ПОВРЗАНИ ПОЛИТИКИ И ДОКУМЕНТАЦИЈА

- Политика против малтретирање и омаловажување;
- Упатства изготвени за родителите/старателите.

## ПОЛИТИКА И РЕВИДИРАЊЕ

Координативниот тим за намалување на насилството во училиштето ја превзема одговорноста за координирање на спроведувањето на Политиката и ќе ја следи ефективноста на истата. Редовно ќе се врши Ревизија на политиката за однесување и редовност, следејќи го Годишниот преглед.

## ДОДАТОЦИ

1. Кодекс на однесување
2. Постери
3. Присуство и точност: упатства за родителите/старателите
4. Однесување за време на часовите - Развој на вештини

**Однесување за време на часовите**

- **Развој на вештини**

Кога учениците се свесни за целта на часот и кога часоте е добро подготвен се обезбедуваат добри стандарди за однесување. Ефективен час е оној каде што учениците сакаат да учат, целосно се ангажирани, напредуваат и го подобруваат своето образование преку континуирана ангажираност. Пофалбите и наградите се достапни за сите ученици.

Ефективните часови:

- ја даваат суштината;
- користат позитивен јазик;
- имааат високи очекувања;
- се однесуваат на различни наставни стилови;
- даваат преглед на наставата;
- имаат напредок во учењето на учениците;
- признаваат и даваат пофалби за напорот и напредокот.

За да се постигне ова вработените треба:

- да го постават однесувањето за целите на наставата, како и други наставни цели за часот;
- да пристигнат пред одделението и да почнат навреме со часот;
- да обезбедат дека учениците ќе влезат и ќе ја напуштат училницата тивко и разумно;
- јасно да ги прикажат наставните цели;
- редовно да се повикуваат на Кодексот на однесување;
- да се осигураат дека сите ученици можат целосно да учествуваат во наставата;
- да го нагласат позитивното во наставата, однесувањето и присуството;
- праведно и доследно да ги употребуваат пофалбите и наградите;
- да ги мотивираат, поттикнат преку давање ефективна повратна информација ;
- моделирање и учење на позитивното однесување, вклучувајќи го и почитувањето, емпатијата и социјалните вештини;
- да прават умерена, ефикасна и правична употреба на укори;
- да избегнуваат сарказам, викање и закани;
- да избегнуваат понижување на учениците;
- да избегнуваат казнување на одделението за однесувањето на поединци;
- да се држат до времето на часот и да завршат навреме;
- споделување добра пракса со колегите.

## 15. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 15.1. Постигнување на учениците

Училиштето ги следи постигнувањата на учениците по сите наставни предмети во текот на целата учебна година.Се изработуват прегледи за успех по наставни предмети и по квалификациони периоди. Од страна на педагогот и психологот се изработуваат споредбени анализи за постигнатиот успех во сите квалификациони периоди. Постигнатиот успех и поведение, како и изостаноците се споредуваат со повеќе изминати учебни години. Се врши анализа на постигнувањата на учениците при преминот од одделенска во предметна настава, како и при преминот од описно во бројчано оценување. За постигањата на учениците редовно се известуваат родителите преку родителски средби и давање на евидентни листови за успех и поведение и по електронски пат.

За постигнувањата на учениците со посебни образовни потреби се врши континуирано следење на постигнувањата од страна на инклузивниот тим за ученикот, се прави ревизија на индивидуалниот образовен план во соработка со дефектологот, наставниците и родителите.

За подобрување на постигањата на учениците наставниците применуваат различни методи на работа (активни методи на работа во групи, тимска работа, изведбени активности, разговор, истражувачки активности, презентација и демонстрација, проектни активности, употреба на ИКТ во наставата).

Училиштето врши следење на постигнувањата на училниците во текот на основното образование и согласно Правилникот за видот на пофалби, награди и педагошки мерки се избира ученик на генерација. На крајот од секоја учебна година се врши промоција на ученици со континуиран успех од 5.00 на учениците кои допринеле за афирмација на училиштето или освоиле награди на натпревари.

### 15.2. Професионална ориентација на учениците

**ЦЕЛ:**Помош при избор на учениците на средно училиште и идното занимање, во согласност со нивните интереси, можности и способности.

### 15.3. Промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

**Превентивни програми**

Во училиштето преку интерниот проект „Училиште без насилство“ ќе се реализира програма за превенција од насилно однесување чија цел е препознавање и намалување на врсничкото насилство – БУЛИНГ. Стручните соработници ќе оставруваат советување со ученици кои манифестираат насилничко однсување, како и со жртвите на насилничко однесување. Активности посветени за грижата на здравјето на учениците ќе се реализираат во текот на целата учебна година преку најразлични активности: предавања, презентации, работиници на состаноците на Училишен парламент. Во реализацијата на овие активности ќе се вклучат одделенски раководители, стручни соработници и надворешни стручни лица. Училиштето остварува соработка со релеванти институации: Одделението за малолетничка деликвенција при МВР-Скопје, Центар за социјална работа, Здравствени установи и др.

Од страна на стручните соработници - педагог и психолог ќе бидат реализирани следниве активности/работиници:

- Штетното влијание од  употреба на цигари,алкохол и дрога
- Работилница „Важноста и влијанието на менталното здравје“
- Вештини во адолесценција
- Работилница „Интереси и способности “
- „Самодоверба – како да се зајакне?“

**Позитивна социо-емоционална клима**

Секој субјект во училиштето максимално ќе дава свој придонес во создавање позитивна социо-емоционална клима која ќе се базира на почитување на секоја индивидуа.Во таа насока ќе се вклучат и учениците преку активности на Ученичкиот парламент негувајќи ја соработката, давање соодветна помош и подршка на својот соученик. Од особена значење ќе биде и работата на училишниот правобранител.  Важна улога ќе имаат и родителите преку нивно вклучување во повеќе планирани ученички активности.

## 16. ОЦЕНУВАЊЕ

### 16.1. Видови на оценување и календар на оценувањето

**Предмет** на оценување е напредувањето на ученикот во постигнувањето на воспитно - образовните цели под влијание на наставниот процес и другите воспитно - образовни активности, утврдени со планот и оваа програма. При определување на оценката ќе се земат предвид обемот и квалитетот на усвоените знаења, работните навики, оспособеноста за примена на знаењата и развојот на способностите на ученикот. Ќе се следи, проверува и ќе се оценува оспособеноста за практична примена на знаењето во нови ситуации, ќе се испитуваат способностите, интересите, ставовите и убедувањата.Оценувањето, пред сè ќе има **за цел** да го подобри учењето и постигнувањето на учениците.

Во наставата централно место ќе има следењето на учењето на ученикот и формативното оценување. Процесот на проценка и бодирање на постигањата на учениците ќе биде соодветен на методот на оценување и ќе се спроведува според воспоставени процедури и упатства. Учениците, исто така, ќе бидат соодветно информирани за критериумите на оценување. Информирањата на учениците и родителите ќе бидат навремени, јасни и точни на почетокот на учебната година за секој наставен предмет. Оценувањето треба да обезбеди целосни информации за постигањата на учениците, па затоа е континуиран процес и е составен дел од наставниот процес на учењето и поучувањето и ќе се базира на користење на повеќе различни методи и техники. Наставниците водат портфолио за секој ученик и портфолио за наставник. Во ученичкото портфолио се евидентираат постигнувањата на учениците и содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оцена. Наставничкото портфолио содржи репрезентативни примероци од изработки на учениците, инструментите со кои се следат учениците, план за реализација на наставни и вонннаставни активности, план за професионален развој на наставникот, докази за постигањата на сите натпревари и посетени обуки и семинари. При учење од далечина наставниците изготвуваат електронско портфолио за учениците.

На почетокот на учебната година секој наставник изготвува индивидуален план за примена на формативното и сумативното оценување, почитувајќи ги стандардите за оценување по секој наставен предмет. Писмените проверки за постигнувањата на учениците се евидентираат во дневникот на паралелката на почетокот на учебната година. Се користат најразлични форми, методи и примена на различни инструменти за следење на постигнувањата на учениците (чек листи, аналитички листи, холистички листи и др)

За постигнувањата на учениците се прават извештаи и споредбени анализи на одделенските и наставничките совети на крајот од секој квартал. Се изработуваат статистички извештаи за успехот, поведението и редовноста на учениците. Одделенскиот раководител е должен да го извести родителот за успехот, поведението и редовноста на ученикот најмалку два пати во едно полугодие.

Видови оценување и календар на оценување

| Одделение | Вид на оценување |
|---|---|
| I-III | Описно преку цела учебна година – во сите квартали периоди |
| IV-VI | Комбинирано (прво тримесечје-описно, полугодие-описно, трето тримесечје-описно и крај на година-бројчано |
| VII-IX | Бројчано преку цела година |

***** Во случај на онлајн настава, следењето на редовното учење и информирањето на родителите за постигнатиот успех ќе биде електронски, по мејл, фотографии од изработките и наставните ливчиња како докази ќе се чуваат во електронски ученички портфолија.

**16.2. Тим за следење, анализа и поддршка**

Следењето и вреднувањето на постигнувањата на учениците ќе се остварува според Планирањето за следење, проверување и оценување почитувајќи ги Стандардите и критериумите за вреднување на постигнувањата на учениците. За вреднување на постигнувањата на учениците систематски ќе се применуваат повеќе методи и инструменти при формативното и сумативното оценување. Училиштето врши следење на постигнувањата во реализација на програмите, анализа на резултатите по предмети и праралелки, како и индивидуални постигнувања на учениците. За вреднување на постигнувањата на учениците, наставниците ќе применуваат различни постапки и инструменти со цел да се зголеми објективноста во оценувањето и да се зголеми мотивот за постигнување повисоки резултати. Наставниците водат електронски дневник во кој континуирано се евидентира успехот на учениците. Вреднувањето на работата на наставниците ќе се врши од страна на директорот и стручните соработници и истато ќе биде насочено кон:

- следење на организацијата на воспитно-образовната и воннаставната работа,

- перманентно стручно педагошко и психолошко усовршување на наставниот кадар во училиштето;

- увид во годишните и тематските планирања на наставните и вонnаставните активности

- следење на остварување на стручните материјално технички и дидактичко методски подготовки за реализација на наставата;

- примена на современи наставни методи, техники и стратегии на учење и поучување како и примена на електронски образовни технологии;

- следење на оценувањето;

- следење на ангажираноста на наставникот во работата во стручните органи и тела во училиштето и пошироко, како и соработка со родителите.

За таа цел се води Професионално досие и Педагошки картон за секој наставник и стручен соработник.

Тим за следење, анализа и поддршка:

Бојана Николовска, Марта Стојановска, Кристина Илиевска, Анета Милошова.

**16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар.**

Во тековната учебна година се реализираат планирани стручни посети од директорот и стручите соработници за наставните часови и вонnаставите активости.

**16.4. Самоевалуација на училиштето**

Самоевалуација за сопствената работа и постигнувањата во нашето училиштето се реализираше на крајот од учебната 2021-2022 година. Спроведена е Самоевалуација за 2020-2022 година. Комисијата за следната Самоевалуација 2022-24 год. е во состав:

**ПРЕДЛОГ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА**
**УЧИЛИШНА КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ САМОЕВАЛУАЦИЈА**
**за периодот од 2022 - 2024 година**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Марта Стојановска - педагог | Лена Спасеновска Поповска - наставник по англиски јазик | Душица Трајковска – наставник по одделенска настава | Дијана Игњевска-Стојаноска - наставник по македонски јазик | Елена Николовска – родител |
| Кристина Илиевска – психолог (замена) | Бојана Николовска – наставник по англиски јазик (замена) | Лилјана Карпузовска-наставник по одделенска настава (замена) | Петар Ивановски-наставник по македонски јазик (замена) | Ирена Палческа – родител (замена) |

**ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО (САМОЕВАЛУАЦИЈА) ОБЛАСТИ**

| Организација и реализација на наставата и учењето | Постигања на учениците | Професионален развој на наставниците, стручните соработници и на раководниот кадар | Управување и раководење | Комуникации и односи со јавноста | Училишна клима и култура | Соработката со родителите и со локалната средина |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Анета Јумбрукова-Алексова** | **Марјана Дамјаноска** | **Бојана Николовска** | **Снежана Бешлиевска** | **Јулија Бекриќ** | **Душица Трајковска** | **Владимир Ангелески** |
| Зорица Михајловска | Сузана Шишковска | Сашо Андонов | Марија Атанасова | Драгица Стојаноска | Светлана Лозаноска | Благоја Кечовски |
| Дијана И.-Стојаноска | Марина Мицевска | Станка Карамитреска | Љупчо Велковски | Дарко Цветаноски | Мара Мишевска | Ксенија Орачка - Николовски |
| Лилјана Карпузовска | Магдалена Радевска | Анета Милошова | Дијана Ѓоргиеска | Замена информатика | Виолета Ц. Трпковска | Марија Смилева |
| Биљана Видинска | Зорица А. Ѓорѓиева | Катерина Ј.-Миниќ | Марта Стојановска | Петар Ивановски | Кристина Илиевска | Драгољуб Ѓорѓевиќ |
| Валентина Гичевска | Розета Тумбевска | Петар Беслаќ | Сашка С.-Морски | Марјонка Димтровска | Марија Дамческа-Бајковски | Кристина Дораковска |
| Гордана Анчевска | замена одд. наставник | | | Лена С.Поповска | Марија Велковска | Замена за математика |

**Акциски план за самоевалуација 2022-2024**

| Ред.бр. | Активности | Цели | Реализатори | Време |
|---|---|---|---|---|
| 1.<br>1.1. | **Подготвителна фаза**<br>- Формирање на комисија за евалуација<br>- Определување на методите, техниките и инструментите за спроведување на самоевалуацијата<br>- Прибирање и групирање на податоците<br>- Прибавување на документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата на училиштето | - модифицирање, усовршување и унапредување на практиката<br>- делегирање задачи<br>- спознавање на потребите<br>- проценување на состојбата:<br>- Што имаме?<br>- Што правиме?<br>- Што постигнуваме?<br>- поставување на **К**онкретни и **Р**еални развојни цели, да се пристапи **Е**нергично, **Д**инамично и **А**мбициозно кон нивна реализација (КРЕДА) | - Директор<br>- наставници<br>- Училишен одбор | јули 2022 |
| 1.2. | Формирање на тимови за секое подрачје | - поставување на основа за интервенција и акција<br>- запознавање со индикаторите<br>- распоредување на обврските<br>- правење на план за изведување на евалуацијата<br>- приспособување на своите ресурси кон промените во надворешните и во внатрешните услови<br>- определување со што може ООУ да се пофали, со кои тешкотии се соочува, кои ресурси се неискористени, што го успорува напредокот, што може да се направи за подобрување на работата, кој може да помогне во развојот, да се направи проценка колку е добро ООУ<br>- барање и избор на посакувани, остварливи цели како и на начин (мерки, средства и акции) со кои може да се обезбеди постигнување на целите<br>- дефинирање на<br>цели, политики, процедури и планови<br>- анализирање на слабите страни кои ќе бидат приоритет | - Одговорни наставници за секое подрачје<br>- членовите на секој тим | јули - септември 2022 |
| 2.<br>2.1. | **Фаза на реализација**<br>- Спроведување на евалуацијата | - дефинирање на потребите, интересите, вредностите, верувањата, очекувањата<br>- постапување според насоките за секој индикатор<br>- прибирање на докази<br>- спроведување на анкети,прашалници, интервјуа со сите субјекти во училиштето | - Членовите на секој тим<br>- наставници<br>- ученици<br>- родители<br>- педагог<br>- психолог<br>- секретар | октомври 2022 - декември 2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - доаѓање до реален податок колку е добро нашето училиште | | |
| 2.2. | Сумирање на резултатите | - прибирање на сите податоци<br>- подредување во папка<br>- проверка дали се задоволени сите поставени цели<br>- подготвување на материјалот за анализа | - Членовите на секој тим<br>- педагог<br>- психолог<br>- секретар | јануари - февруари 2024 |
| 2.3. | Анализа на резултатите<br>- Анализирање на податоци и документација<br>- Добивање и усогласување на добиените наоди<br>- Подготвување на поединечни извештаи<br>- Подготвување заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација | - анализирање на  сите резултати<br>- да се направат графички прикази<br>- да се добијат јаки и слаби страни<br>- сознанијата стануваат коректор на планирањето и реализацијата на понатамошните активности | - Членовите на секој тим<br>- педагог<br>- психолог<br>- секретар | март-април 2024 |
| 3. | **Фаза на известување и усвојување**<br>- Изготвување на нацрт извештајот за евалуацијата<br>- достапност на нацрт извештајот до вработените учениците, родителите, УО<br>- доставување на забелешки во писмена форма<br>- разгледување на забелешките<br>- прифаќање и корекција<br>- презентирање на конечната верзија<br>- објавување во медиуми (web страна на ООУ и ЛС) | - печатење на сите подрачја<br>- сумирање на целата евалуација<br>- презентирање на нацрт извештајот<br>- дискутирање<br>- забележување на некои недоследности<br>- создавање на навика за писмено комуницирање при корекција на заеднички сработена работа<br>- создавање на навика за прифаќање на забелешки и нивна корекција<br>- способност за презентирање<br>- претставување на сработеното | - Членовите на секој тим<br>- педагог<br>- психолог<br>- секретар<br>- родители<br>- ученици | мај - јуни 2024 |
| 3.1. | Изработка на акциски план(две евалуации водат кон нов функционален развоен план) | - сфаќање на јаките и слабите страни<br>- создавање на желба за напредок и промена | - Директор<br>- Тимот за евалуација<br>- наставници | јули 2024 |
| 3.2 | Организациски промени за квалитет | - сознание за потребните промени<br>- утврдување на успешноста на Тимот за евалуација<br>- утврдување за квалитетот на тимовите од секое подрачје | - Директор | јули 2024 |
| 3.3. | Поставување на стандарди за работа | - да се определат стандардите<br>- да се постават истите<br>- примена на стандардите | - Директор<br>- наставници<br>- педагог<br>- психолог | јули 2024 |
| 3.4. | Изработка на Годишна програма | - да се истакнат сите јаки страни<br>- да се вметнат приоритетите<br>- да се испланира работата за следната година | - наставници<br>- педагог<br>- психолог<br>- Директор | јули 2024 |

## 17. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Училиштето ќе посвети особено внимание на безбедноста на учениците и за таа цел ќе има континуирани дежурства од страна на наставниците со однапред изготвен распоред, соодветен на условите на работа.

Училиштето ќе биде обезбедувано со едно физичко лице вработено од општината Кисела Вода. Учениците од продолжен престој се згрижени со наставник сѐ до доаѓањето на родителот. Училиштето е опремено со ПП-апарати поставени на видно место, прибор за прва помош при случај на повреда на ученик или вработен. Исто така училиштето ќе понуди можност за осигурување на сите ученици преку осигурителна компанија соодветна на потребите на учениците и родителите.

Училиштето има изготвено:

- Процедура за заштита од пожари и природни непогоди;
- Постапка за безбедност и превенција од насилство;
- Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди.

## 18. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

Активностите посветени на грижата за здравјето на учениците ќе се реализираат во текот на учебната година во наставата по предметот физичко и здравствено образование, како и по другите предмети, на часовите на одделенскиот час, во рамките на слободните ученички активности и други форми. Преку предавања и разговори на часот на одделенската заедница, со стручните соработници и со надворешни стручни лица во врска со превентивата од болестите на зависност и други содржини ќе се изградува свеста кај учениците за заштита на здравјето и воспитанието и образованието за здрав начин на живеење. Особено внимание ќе се посвети на правилна и здрава исхрана и физичката активност на учениците.

**Училиштето води грижа за здравјето на учениците на три нивоа:**

- ✓ -*физичко* здравје кое опфаќа: лична хигиена, храна и исхрана, заразни болести, сексуално преносливи болести, безбедност и прва помош, физичка активност;
- ✓ -*ментално* здравје го опфаќа: самопочитувањето, почитувањето на различностите, толеранцијата и развојот на самодовербата;
- ✓ -*социјалното* здравје ги опфаќа: грижата за здрава животна средина, одговорноста и комуникацијата.

### 18.1. Хигиена во училиштето

Во училиштето се води континуирано грижа за хигиената во училишните простории и училишниот двор. Хигиеничарите во училиштето вршат постојана дезинфекција на површините. Учениците се педупредуваат за влажните подови доколку ги има, за спречување од лизгање или паѓање. Учениците преку лични примери од возрасните ја одржуваат хигиената во училиштето на високо ново.

### 18.2.Систематски прегледи

Систематските прегледи се реализираат без да се попречи наставата, пред или по завршување на часовите. Учениците за време на систематскиот преглед се придружувани од родителите и нивните одделенските раководители.

### 18.3. Вакцинирање

Училиштето има континуирана соработка со здравствените институции. Истите го известуваат училиштето кои ученици е потребно да се имунизираат според календарот за имунизација и вакцинација, а одговорното лице од училиштето ги известува учениците за вакцинирање.

### 18.4. Едукација за здрава исхрана-оброк во училиштето

Согласно член 74 од Законот за основно образование училиштето организира оброк за учениците и тоа за учениците од продолжен престој (хомогени групи) - топол оброк, а на останатите ученици им е понудена можност за исхрана со ужинка. Училиштето при организацијата на оброкот на учениците се придржува кон прописите од областа на јавните набавки. Оброците на учениците се согласно стандардите за исхрана утврдени од страна на Министерството за образование и наука во Правилник за стндардите за исхрана и оброците во основното училиште. За едукација на учениците за здрава исхрана училиштето ќе организира предавање со надворешни соработници и преку едукација од стана на наставниците во рамки на одделенскиот час на паралелката, во рамки на реализација на наставните содржини од програмата за животни вештини.

## 19. УЧИЛИШНА КЛИМА

- Заемно почитување и доверба;
- Конструктивно решавање на конфликтите;
- Отворена и повеќенасочна комуникација.

### 19.1. Дисциплина

Училиштето презема одредени мерки за подобрување на дисциплината со активно учество на сите субјекти. Во таа насока училиштето ќе направи напори да ангажира и агенција за обезбедување, како и континуирани дежурства од страна на сите наставници. Дисциплината ќе ја спроведуваат сите наставници и стручни соработници со позитивни примери и со насочување на учениците преку индивидуални и групни советувања. Куќниот ред на училиштето е поставен во главниот хол на училиштето, како и во секоја училница. Нарушувањето на дисциплината ќе биде санкционирана според Правилникот за педагошки мерки.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Тргнувајќи од организационата поставеност во училиштето, една од задачите ќе биде и естетското уредување на училишните простории во согласност со потребите на учениците, наставниците и родителите. Формирани се работни групи кои ќе ги согледаат потребите и ќе ги реализираат задачите согласно со акциониот план на училиштето. Тимот за естетско уредување на училиштето се грижи за уредувањето на училишните холови во текот на целата учебна година.

### 19.3. Етички кодекси

Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на учениците, наставниците и родителите.
Училиштето има изработено и ЕКО-кодекс.

### 19.4. Односи помеѓу сите структури во училиштето

Особено внимание ќе биде посветено на подобрување на соработката со родителите, со учениците, како и тимската работа во училиштето. Успешноста на работата ќе се темели на синергичноста во тимската работа. Потребата од постојана поддршка на сите структури останува како една од важните цели во училишното живеење.

## 20. ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

## 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Со цел постигнување повисоки цели во воспитно-образовниот процес неопходен е континуиран професионален развој на наставно-воспитниот кадар. Резултатите од спроведената Самоевалуација на училиштето како и Интегралниот увид посочуваат на постојано неформално и информално образование на наставниците. За таа цел наставниците и стручните соработници ќе се вклучат во планираните обуки од страна на Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука како и други образовни институции и носители на проекти. Училиштето изготви акционен план за професионален развој на образовниот кадар со јасно дефинирани задачи и активности, истиот е во состав на оваа програма.
**Тимот за професионален развој:** директор, педагог, психолог - стручен соработник, Дарко Цветаноски, Сузана Шишковска, Јулија Бекриќ и одговорните наставници на стручните активи.

## 20.2. Активности за професионален развој

Во зависност од потребите на наставниот кадар за професионално усовршување ќе се организираат обуки, семинари, работилници и дисиминации.

## 20.3 Личен професионален развој

Сите наставници изготвуваат План за личен професионален развој, по претходно пополнет Прашалник за самоевалуација на наставникот. Личниот план за професионален развој треба да содржи: компетенции кои наставникот сака да ги подобри, цели, стратегии/активности, потребни ресурси, лични очекувања и време на реализација.

Изготвувањето и реализирањето на личниот план за професионален развој на наставникот/стручниот соработник му овозможува:

- систематично развивање на компетенциите што му се потребни;
- подобрување на воспитно-образовната работата;
- достигнување на стандардите за повисоки звања и напредување во кариера

Изготвувањето на лични планови за професионален развој и нивното усогласување со училишните приоритетите и можностите, му овозможува на училиштето:

- почитување и излегување во пресрет на индивидуалните потреби на вработените за професионален развој;
- порационално користење на човечките и материјалните ресурси;
- подобрување на соработката преку различни форми на колегијално учење и менторска поддршка.

## 20.4. Хоризонтално учење

Училиштето планира и реализира активности за продлабочување на стручните знаења и компетенции на наставниците. За таа цел на ниво на стручни активи се врши рамена на професионални искуства и се зајакнуваат професионалните вештини на наставниците. По реализираните обуки се врши дисеминација на наставниот кадар.

### 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Во зависност од потребите за усовршување на наставниот кадар,  се организираат обуки, семинари со цел зајакнување и усовршување на професионалните компетенции.

## 21. СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ / СТАРАТЕЛИТЕ

### 21.1 Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Една од приоритетните цели на училиштето е подобрување на квалитетот на соработка со родителите и вклучување во животот на училиштето.
Соработката со родителите ќе биде реализирана низ индивидуални средби, родителски средби, Совет на родители, Училишен одбор, Училишен инклузивен тим, Инклузивен тим за ученик, како и во работата на одредени тимови во училиштето и училишни проекти.

Училиштето изготвува распоред за индивидуални средби на кој се наведени термини во ден и час за секој одделенски и предметен наставник. Најмалку два пати во годината ќе се реализираат Отворени денови за размена на информации на родителите и наставниците.
Училиштето изработува: План за соработка со родителите на паралелката, План за работа на Советот на родители, План за работа на Училишниот одбор;
Родителите се вклучени во работата на училиштето преку одружување на состаноци на Советот на родители, каде се разгледуваат најразлични предлози поврзани со училишните активности , како и учество и носење одлуки при работа на Училишен одбор.

### 21.2 Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонаставните активности

Родителите ќе дадат свој придонес при реализација на наставата, вонnаставните активности, грижата за здравјето на учениците, соработката со локалната средина, давање поддршка на наставниците за работата со учениците со попреченост, за професионалната ориентација на учениците, прибирање на дидактички и наставни средства и др.
Семејствата на учениците ќе се вклучат во повеќе проектни активности кои се дефинирани во акционите планови, земајќи ги предвид интересите и можностите на родителите.

### 21.3 Едукација на родителите / старателите

Едукацијата на родителите ќе биде реализирана на индивидуално ниво, како и работа во групи. Ќе се реализираат советувања со родителите согласно Законот за основно образование, презентации за теми од заеднички интерес, а во функција на развој и подобри постигнувањата на ученикот.
Со цел информирање на родителите за активностите во училиштето ќе биде изработена брошура.

## 22. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Училиштето континуирано ќе соработува  со:

- Локалната заедница (локална самоуправа, бизнис-заедницата, месното население )
- Институции од областа на културата  (музеи, библиотеки, театари, кина и др.)
- Институции од областа на  образованието (МОН, БРО, ДПИ, ЕЛС-Сектор за основно образование, овластен  општински  инспектор, актив на директори на ниво на општина, детски градинки, други основни и средни училишта и факултети);
- Невладини организации (Детска амбасада, СОС-центри, Младински културни центри, Здружение за еднакви можности и меѓуетничка соработка АЛ-МА.)
- Спортски друштва (фудбалски, ракометни, атлетски, кошаркарски и др.)
- Здравствени организации (Здравствен дом-поликлиника Драчево, Завод за ментално здравје на деца и младинци и др.)
  -социјална ( Центар за социјална работа на град Скопје)
- Медиуми (  ТВ , пишани медиуми, електронска комуникација и др.)

## 23. СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно лице | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| **Постигнување на учениците** | Набљудување, прашалници, документи, записници, протоколи, дискусии-Континуирано | директор, наставници, стручна служба | Наставички совет, Совет на родители, Училишен одбор |
| **Учење и настава** | Набљудување, прашалници, документи, записници, протоколи, дискусии-Континуирано | директор, наставници, стручна служба | Наставички совет, Совет на родители, Училишен одбор |
| **Наставни планови и програми** | Набљудување, прашалници, документи, записници, протоколи, дискусии-Континуирано | директор, наставници, стручна служба | Наставички совет, Совет на родители, Училишен одбор |
| **Поддршка на учениците** | Набљудување, прашалници, документи, записници, протоколи, дискусии-Континуирано | директор, наставници, стручна служба | Наставички совет, Совет на родители, Училишен одбор |
| **Ресурси** | Набљудување, прашалници, документи, записници, протоколи, дискусии-Континуирано | директор, наставници, стручна служба | Наставички совет, Совет на родители, Училишен одбор |

## 24. ЕВАЛУАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

Со планот за евалуација, треба да добиеме релевантни податоци за тоа како и колку успешно е извршена и  имплементирана развојната програма. Целта на евалуацијата претставува модификација, усовршување  и унапредување на праксата.
Евалуацијата се врши во текот на целиот процес. Со неа започнува и завршува развојниот циклус. При евалуацијата од инструменти можат да се користат: тестови на знаења, скали на проценка, прашалници, потсетник за водење на интервју, протоколи за набљудување и др. Евалвацијата е наменета за : училишниот одбор,совет на родители, локална средина, МОН.
Планот за евалуација треба да се разработи прецизно, по клучни точки: Евалуацијата се врши во текот на четирите учебни години и преку неа се подигаат стандардите. Поставување на повисоки вредности во наставата и поучувањето ќе придонесат за трајни знаења и учење за живот, кои ќе продуцираат идни млади генерации кои би одговарале на европските интеграции.

| | Реконструкција на коридор и набавка на реквизити и опрема | Примена на современи методи, стратегии и техники  за учење и поучување на учениците Подобар квалитет и  зголемување на мотивацијата на учениците за вклучување во воннаставните активности – слободни ученички активности | Постигнување повисоко  ниво  на мотивација кај учениците и подобрување  на  редовноста во училиштето |
|---|---|---|---|
| **Критериум за успех** | Подобрување на условите за работа (санирање на подот во училниците); | Наставниците имаат доставено планирање (годишно, тематски, дневни подготовки)<br><br>Применети иновативни методи на учење<br><br>Применети иновативни техники и стартегии на учење и поучување<br><br>Реализирани увиди во портфолието на наставникот (три пати) од страна на психологот и педагогот | Извршена набавка на нагледни средства соодветно на потребите на наставниците и учениците;<br>Пзготвени индивидуални планирања за примена на различни видови на методи и техники во реализација на наставните содржини;<br>Примена на методи и техники соодветно на индивидуалните планирања;<br>Реализирани советувања со ученици и родители;<br>Реализирана анкета за согледување на интересите на учениците за нивно вклучување во вон наставни активности |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | реконструкција на кровот на училишната зграда, замена на азбестни табли со лим | изготвен индивидуален план за учениците со пос.пот.(наст.педагог,дефектолог) | и обработка на резултатите;<br>Зголемен број на ученици вклучени во воннаставни активности;<br>Јавна презентација на содржините кои се реализираат во рамките на планираните проекти ;<br>Намален број на изостанувања од настава; |
| **Инструменти** | оглас<br>проект<br>извештај | планирања<br>техники на учење<br>аналитички листи<br>индивидуални планирања за деца со ПОП. | Планирања<br>Евидентни листи<br>Педагошки картон<br>Анкета<br>Училишен весник<br>Веб страна на училиштето, извештаи |
| **Индикатори за успешност** | Саниран под во училниците кој ќе овозможи безбедно движење и намален ризик за повреда на учениците | Изготвени тематски процесни и дневни планирања на наставниците;<br>Зголемен број на наставници кои ќе применуваат иновативни техники на учење;<br>Зголемен број на часови со примена ИКТ технологија; | Постигнување на повисоко ниво на мотивација кај учениците за настава;<br>Постигнување подобри резултати во наставниот процес;<br>Постигнување на повисоко ниво на мотивација кај учениците за настава;<br>Подобрена комуникација на сите нивоа;<br>Реализирани советувања;<br>Намален број на отсуства од настава;<br>Намален број на ученици со несоодветно однесување во училиштето; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | сменет покрив кој ќе овозможи помал ризик од заболувања (канцерогени) и заштита на здравјето на учениците и вработените, како и заштита од уништување на училишната зграда. | Изготвени индивидуални планирања за ученици со ПОП;<br>Постигнат повисок квалитет на наставниот процес; | Зголемен број на ученици вклучени во воннаставни проектни активност;<br>Јавна презентација на содржини кои се реализирани во рамките на планираните проекти; |
| **Одговорен за следење** | Директор,<br>Тим за надзор<br>Стручна служба<br>Тим од наставници | Директор,<br>Стручна служба<br>Тим за професионален развој<br>Одделенски и предметни наставници | Стручни соработници<br>Одделенски и предметни наставници<br>Одговорени наставници за ажурирање на веб страницата и училишниот весник |
| **Повратна информација** | Поднесување на извештај по реализација на секоја активност,анализи | Записници од стручни активи<br>Извештаи, анализи | Записници<br>Евидентни листи<br>Педагошки картон<br>Извештаи |

## 25. ЗАКЛУЧОК

Годишната програма на училиштето е основен документ со кој се планира и организира училишниот живот.

Целта на основниот воспитно – образовен систем е стекнување на општо образование и воспитување, складен развој на личноста и подготовка за живот, за понатамошно општо образование и воспитување. Во воспитно – образовниот процес се исполнуваат следниве задачи: оспособување за живот, понатамошно образование и самообразование; совладување на основните елементи на современото општо образование; оспособување за примена на стекнати знаења, умеења и правилно користење на слободното време; развивање на интелектуалните и физичките способности, критичко мислење, самостојност и интерес за многу знаења; познавање на основни законитости на природата, општетството и човечкото мислење; стекнување и развивање свет за потребата од чување на сопственото здравје и заштита на животната средина; развивање на хуманост, патриотизам и други етички својства на личноста; воспитување за хуман и културен однос меѓу луѓето без да се прави разлика меѓу пол, вера, раса, националност и лично верување; негување и развивање на културата и културното наследство; стекнување на основни познавања за убаво однесување.

Училиштето во текот на учебната година посебно внимание ќе посвети на подобрување на севкупното живеење во училиштето: унапредување и осовременување на воспитно-образовниот процес, подобрување на квалитетот на оценување во насока на зголемена објективност и еднаков пристап на наставниците кон учениците, подобрување на комуникацијата помеѓу сите учесници во воспитно – образовниот процес, стручно усовршување и професионален развој на наставниците, подигање и негување на креативна и интерактивна настава, меѓуетничка интеграција во образованието како и вклученост на семејствата преку заедничка грижа за правилно насочување на учениците.

При реализацијата на Годишната програма училиштето ќе се стреми за доследна реализација на стратешките и развојните цели и со планираните проекти. Наставиот кадар ќе се стреми кон постигнување на повисоко ниво на мотивација на учениците со поголема примена на иновативни форми и методи во наставата како и подобрување на редовноста на учениците во следење на наставниот процес. Раководиот орган ќе се труди за подобрување на инфраструктурата на училиштето со цел обезбедување на што побезбедна и поздрава животна средина.

## 26. КОМИСИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Директор

Стручни соработници: Марта Стојановска, Кристина Илиевска, Валентина Гичевска, Биљана Видинска

Претседатели на стручни активи

***ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ НА УЧИЛИШТЕТО***

**Директор – Жаклина Божиноска**

| **Р. бр.** | **Планирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** |
|---|---|---|---|
| *Административно – организаторски активности* | | | |
| 1. | Организирање упис на ученици во прво одделение; | Мај | Директор и одговорни наставници |
| 2. | Распределба на наставните предмети и задолженија во рамките на слободните ученички активности, структурално подрачје од внатрешната организираност на училиштето, стручните активи, тела, комисии; | јули | Комисија: педагог, психолог, одделенски наставник |
| 3. | Организација и следење на воспитно – образовната работа | Тековно во учебната година | Директор, стручна служба |
| 4. | Грижа за спроведување на куќниот ред во училиштето (кодекс на однесување); | Тековно во учебната година | Директор, педагог, психолог |
| 5. | Свикување седници на Наставничкиот совет, раководење со истиот и поднесување на извештај; | Тековно во учебната година | Директор |
| 6. | Управување со финансовото работење и завршната сметка; | Тековно во учебната година | Директор, секретар/книговодител |
| 7. | Организирање и утврдување динамика за реконструкција, адаптација на училишниот објект и училишниот двор, | Тековно во учебната година | Директор, хаусмајстор |
| 8. | Планирање и изведување на симулација за евакуација од елементарна непогода со учениците | август/септември 2022 година | Директор, наставници, соработници тим за соработка, Дирекција за спасување и заштита , медиуми |
| 9. | Планирање и реализирање на санитарен и систематски преглед за вработените | Септември 2022 година Декември 2022 | Директор, стручна служба, наставници, технички персонал |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Педегошко – инструктивни активности* | | | |
| ***Програмско – концепциско подрачје*** | | | |
| 10. | Изготвување на Годишна програма за работа на училиштето. | јули | Директор, педагог, психолог, наставници |
| 11. | Распределба на часови по наставни предмети, одделенски раководители, претседатели на стручни активи, формирање тимови за конкретни работни задачи, комисии, одговорни наставници за ученичко организации. | јули | Директор, педагог, психолог, наставници |
| 12. | Координирање при изготвување на распоред на часови во предметна настава и организациски распоред за одделенска настава. | јули/август | Директор, педагог, психолог, наставници |
| 13. | Распоред за слободни ученички активности, додатна и дополнителна настава. | септември | Директор, педагог, психолог, наставници |
| 14. | Контрола и анализа на педагошката документација. | Тековно во учебната година | педагог, психолог, наставници |
| 15. | Изготвување на план за стручно усовршување на наставниот кадар | септември | Директор, педагог, психолог |

| ***Следење на организацијата и реализацијата на воспитно образовната и другата стручно педагошка работа во училиштето*** | | | |
|---|---|---|---|
| 16. | Соработка со наставниците при изготвување на Годишните, тематските и дневните планирања. | септември / јуни | педагог, психолог, наставници |
| 17. | Увид во планирањата на наставниците | септември / јуни | педагог, психолог, наставници |
| 18. | Увид во планирањата за дополнителната, додатната и слободните активности. | септември / јуни | педагог, психолог, наставници |
| 19. | Увид во одделенските дневници и матични книги | септември / јуни | педагог, психолог, наставници |
| 20. | Посета на часови со однапред определена цел:<br>• Примена на методи на активно учење во одделенска настава.<br>• Поставување на дефинираните цели на часот.<br>• Примена на методи на активно учење во предметна настава<br>• Следење на определени ученици или група ученици за време на наставата<br>• Примена на ИКТ технологија | октомври, декември, март, мај | Директор, педагог, психолог, наставници |
| 21. | Самоусовршување преку запознавање со современи знаења од областа на следењето, вреднувањето и унапредувањето на работата на наставниците, стекнување знаења од психологија, комуникација и сл. кои ќе придонесат за унапредување на меѓучовечките односи, постојана грижа за создавање позитивна клима во училиштето | септември / август | Директор, педагог, психолог, наставници |
| 22. | Согледувања од следењето и вреднување на работата, како и давање на препораки за подобрување на работата | октомври / јуни | Директор, педагог, психолог, наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***Работа со стручни тела и органи во училиштето*** | | | |
| 23. | Следење на законската регулатива со кои се утврдени основите на програмите за работа на стручните органи – Наставничкиот и Одделенскиот совет, Стручните активи, одделенските раководители и стручните соработници. | септември / јуни | Директор, педагог, психолог |
| 24. | Планирање на работата на Наставничкиот совет и одделенските совети. | септември / јуни | Директор, педагог, психолог |
| 25. | Следење, насочување и учество на работата на стручните активи. | септември / јуни | Директор, педагог, психолог |
| 26. | Учество во планирање и реализирање на задачите на одделенските совети | септември / јуни | Директор, педагог, психолог |
| 27. | Соработка и следење на реализација на задачите на одделенските раководители. | септември / јуни | Директор, педагог, психолог |
| ***Аналитичка студиска работа;<br>Изготвување информации, извештаи, осврти и анализи за:*** | | | |
| 28. | Опременост на училниците и условите за работа во училиштето | Тековно во учебната година | наставници |
| 29. | Следење на успех и поведение на учениците на крајот од секој класификационен период, полугодие и крај на учебната година. | Ноември, јануари, април, јуни | Директор, педагог, психолог, наставници |
| 30. | Следење на реализацијата и резултатите од поставените приоритети во училиштето. | септември / јуни | Директор, педагог, психолог, наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 31. | Следење и реализација на стекнатите знаења од проектите во училиштето. | Тековно во учебната година | педагог, психолог, наставници |
| 32. | Реализација на Годишната програма за работата на училиштето. | Тековно во учебната година | Директор, педагог, психолог, наставници |
| 33. | Анализа на тематските и дневните подготовки за часови на наставниците – со посебен акцент на целите и активностите | Тековно во учебната година | педагог, психолог |
| ***Соработка со родители, ученици и локална средина*** | | | |
| 34. | Планирање и реализирање на општите родителски средби | септември / јуни | наставници |
| 35. | Планирање и реализирање на форми на соработка со родителите (трибини, индивидуални средби) | септември / јуни | Директор, педагог, психолог, наставници |
| 36. | Соработка со ученици за одредени прашања на ниво на ученичка заедница, паралелки, групи или индивидуално | септември / јуни | Директор, педагог, психолог, наставници |
| 37. | Соработка со БРО и МОН | Тековно во учебната година | Директор, педагог, психолог, наставници |
| 38. | Соработка со други образовни институции. | Тековно во учебната година | Директор, педагог, психолог, наставници |
| 39. | Соработка со локалната управа –Сектор за образование | Тековно во учебната година | Директор, педагог, психолог, наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 40. | Соработка со други институции значајни за работата на училиштето:<br>• Невладини организации<br>• Министерство за животна средина<br>• Центар за социјални работи<br>• Здравствени установи<br>• Основни и средни училишта од општината, градот и републиката<br>• Други надлежни институции и организации (спонзори, донатори, медиуми) | Тековно во учебната година | Директор, педагог, психолог, наставници |
| ***Грижа за професионален развој на наставниот кадар*** | | | |
| 41. | Поттикнување на наставниците за самоусовршување | Тековно во учебната година | Директор, педагог, психолог, |
| 42. | Збогатување на училишната библиотека со нови лектирни изданија | Тековно во учебната година | библиотекар |
| 43. | Реализација на програмите на стручните активи | Тековно во учебната година | Одговорни наставници |
| 44. | Реализација на проектите во училиштето | Тековно во учебната година | Директор, педагог, психолог, наставници |
| 45. | Применување на информатичка технологија во училиштето | Тековно во учебната година | Наставник по информатика и наставници |
| 46. | Изработка на наставни материјали, нагледни средства, помагала и нивна применливост | Тековно во учебната година | наставници |

| Други работи и работни задачи | | | |
|---|---|---|---|
| . | Постојана грижа за обезбедување материјално – технички услови за работа на училиштето | Тековно во учебната година | Директор домаќин, секретар, сметководител, |
| 48. | Следење и увид во работата на административната служба на училиштето | Тековно во учебната година | Директор |
| 49. | Следење и увид на финансовото работење на училиштето | Тековно во учебната година | Училишен одбор, Директор |
| 50. | Активно учество во работата на Училишниот одбор и Советот на родители | Тековно во учебната година | Училишен одбор, Совет на родители, Директор |

**Програма за работа на училишниот педагог – Марта Стојановска**

Годишната програма на училишниот педагог е изработена со користење на следните документи:

- Закон за основно образование на Р.С Македонија
- Закон за наставници
- Концепција за основното воспитание и образование
- Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2021/2022 година.
- Самоевалуација на училиштето 2020-2022
- Развојна програма 2022-2026
- Основни професионални компетенции за стручни соработниц

**ЦЕЛ** на програмата е да се искористат сите услови во училиштето и надвор од него за:

1.Оптимално напредување и правилен развој на учениците согласно нивните можности и способности;

2.Идентификување, проценка и подобрување на определените состојби во реализацијата на наставните и вонннаставните активности во училиштето;

3.Унапредување и осовременување на воспитно-образовната работа во училиштето со примена на активни методи и современи стратегии.

**МЕТОДИ, ИНСТРУМЕНТИ И ТЕХНИКИ ЗА РАБОТА** (анализа, дескрипција, презентација, консултации, дискусии, разговори, анкетирање, интервју, тестирање и др)

| Цели | Активности | Реализа-ција | Соработници | Индикатори/ докази |
|---|---|---|---|---|
| **1.ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО** | | | | |
| *проценка на подготвеноста на учениците за вклучување во образовниот систем | - учество во комисијата за запишување на ученици во училиште (прво одделение)<br>- спроведување на постапката за запишување на ученици | V/2023. | дефектолог психолог, наставник | - Одлука Комисија за упис на ученици; Решение<br>- Прашалник за родители<br>- Евидентен лист; - Извод;<br>- Потврди;- Соопштение;<br>- Покани; - Мислење; Преведници |
| *Читање со размислување во III и IV одд | -примена на текст за читање со размислување | | наставници | - Текст, прашања<br>Обработени резултати и анализа |
| * поддршка на сите ученици во учењето | Презентација со работилница (анкета,прашалник) | IX/2022 | Класни раководители | Разговор со учениците<br>Презентација, |
| - поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето | идентификување и поддршка за различните образовни потреби на учениците | учебна година. | дефектологпсихолог, наставници | - Разговори со наставници и род.<br>- Разговори и проценка на учен.<br>- Насоки за наставниците за работа со учениците;<br>- ИОП.<br>- Прилагодени образовни цели |
| - градење кај учениците високи лични стандарди за успех и позитивен став кон учењето; | - индивидуална и групна работа со учениците за учењето, успехот, системот на вредности | учебна година. | психолог, наставници | - Разговори и проценка на учен.<br>- Препораки за ученици, наставници и родители;<br>- Разговори со родители; |
| подобрување на мотивираноста за учење кај учениците | - непосредна поддршка на учениците во учењето: „Подобрување на мотивацијата за учење“.<br>- „Стилови на учење“ | учебна година. | психолог, наставници | - Разговори со ученици;<br>- Препораки за начинот на учење;<br>- Работилници, презентација |

| 2.СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *зголемување на самодовербата и самопочитувањет о кај учениите | - Вклучување на учениците во искажување на сопствено мислење и донесување одлуки за одредени активности во училиштето. | учебна година. | психолог, наставници | - Работилници;<br>- Записници од активностите на Ученичка заедница;<br>- Индивидуални разгвори со ученици;<br>- Час на одделенската заедница; |
| *подобрување на системот за поддршка на учениците во училиштето | - Информирање на учениците за можностите да добие поддршка од стручниот соработник | учебна година. | Директор, наставници | - Родителски средби;<br>- Час на одделенската заедница;<br>- Усно информирање;<br>- Веб страна; |
| *соодветно справување со лични кризни состојби на ученикот | - Помош на ученици со емоционални проблеми | учебна година. | Психолог, наставници | - План за поддршка на ученици со емоционални проблеми;<br>- Разговори со ученици, наставници и родители; |
| *увид во причините за неуспехот и несоодветното однесување на учениците | - Прибирање податоци за личниот и социјалниот развој на учениците;<br>- Прибирање информации за учењето и однесувањето на учениците; | учебна година. | Психолог, | -прашалник<br>- Анкета,<br>- протокол за следење на час, |
| *подобрување на здравјето и начинот на живеење на учениците | - Превентивни активнсти за физичкото и менталното здравје, превенција од насилно и асоцијално однесувње, дискриминација | учебна година. | Психолог, | - работилници „Училиште без насилство“<br>- индивидуални и групни разговори; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *користење на соодветни стратегии за справување со несоодветно однесување на учениците. | - Интервенирање при несоодветно однесување на ученици | учебна година. | психолог, наставници | - Дневник за работа,<br>- записници, |
| - Подобрување на состојбата со статусот на учениците со посебни образовни потреби | - Доставување барање за прецизирање на законските одредби во однос на првично идентификување и задолжи-телно упатување на децата со посебни образовни потреби на Комисиско категоризирање за видот на попреченост | | дефектолог | Анализа на состојбата; Барање. |
| **3. ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА УЧЕНИЦИТЕ** | | | | |
| - Согледување на професионалната информираност и интересите на учениците | - испитување за информираноста и заинтересираноста на учениците за понатамошно образование;<br>- испитување на професионалните интереси;<br>- синтетизирање и интерпретација на добиените податоци. | учебна година. | психолог, Агенција за вработу-вање | Анкета,<br>Резултати од анкетата; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Обезбедување на потребната информираност | - информирање на учениците за мрежата на средни училишта, занимањата кои се изучуваат во рамките на истите и условите за запишување<br>- организирање презентации на средните училишта. | учебна година. | психолог, диектор | Конкурс за запишување во средните училишта;<br>Разговори, дискусии со ученици:<br>Презентации од средни училишта<br>Програма за професионална ориентација;<br>Веб страни на училишта. |
| - правилно ориентирање согласно интересите, можностите и способностите на учениите. | - индивидуално и групно советување на ученици и родители за правилен избор на понатамошно образование | април-мај 2023 | психолог, | Разговори и дискусии со ученици и родители;<br>Работилници;<br>Родителски средби. |
| - увид во континуираноста и објективноста на успехот на учениците | - следење на постигањата на учениците во средно образование | учебна година. | Психолог, | Преписка; информации; споредби. |

2. Работа со наставници

| Цели | Активности | Реализа-ција | Соработ-ници | Индикатори/ докази |
|---|---|---|---|---|
| **ПОДДРШКА НА 1.НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊ Е НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС** | | | | |
| *Запознавање со нови закони, правилници, упатства концепциски документи и слично. | - работилница/состанок за анализа и примена на компетенциите за работата на наставникот;<br>- известување за новини во законите и наставните планови и програми; | VIII-IX 2022<br><br>учебна година | директор, наставници | Стручен актив;<br>наставнички совет;<br>работилници; |
| *Запознавање со актуелните програми и приоди во наставата; | - работилница/состанок за соодветно планирање според постоечките или нови програми ; | VIII-IX 2022<br><br>учебна година | наставници | Стручен актив; Индивидуални консултации; |
| *Увид во начинот на планирање и реализација на наставата | - следење на наставата од различни аспекти: ИКТ во наставата, начинот на планирање  примена на нови методи на учење, планирање на оценување | учебна година | директор | Педагошки картон;<br>Протокол за следење на час;<br>Повратна информација (писмена или усна) на наставниците;<br>Планирања за час и нивни корекции; |
| *земање во предвид на индивидуалните карактеристики и потреби на развојните периоди при планирање и реализирање на наставата | - учество во работата на тимот за изготвување на ИОП; | IX 2022 | дефектолог наставници | Листи за следење на ученици;<br>Индивидуални образовни планови;<br>Состаноци; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *Подобрување на начинот на планирање на наставата | - даваање насоки за успешно планирање на наставата<br>- увид во планирањата за настава и консултации со наставниците за подобрување на истите; | IX 2022 | директор наставници | Насоки за планирање на наставата;<br>Педагошки картон;<br>Насоки за подобрување; |
| **2.ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС** | | | | |
| - Подобрување на начинот на планирање на часовите во редовна настава и продолжен престој | - давање на мислење, насоки и упатства за планирање на час во продолжен престој | учебна година | наставници | Работилници, Индивидуални консултации; Стручен актив; |
| *обезбедување на позитивната социо-емоционалната клима во училницата; | - набљудување на однесувањето на учениците од паралелката за време на настава и одмор<br>- индивидуални консултации со наставници ) за создавање стимулативна средина за учење; | учебна година | психолог, директор | Разговори со наставници;<br>Протоколи за следење;<br>Повратни информации;<br>Насоки за подобрување на социо-емоционалната клима во училницата; |
| *планирање на додатна, дополнителна и слободни ученички активности; | -состанок за разгледување и усогласување на потребите и интересите на учениците | учебна година | наставници | Стручен актив; Анкета, обработени податоци од анкета |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *подобрување на начинот на оценување на учениците | - Работилница/состанок за подобрување на формативно оценување | учебна година | наставници | Стручен актив; |
| *Подобрување на ефективноста во наставата | - Презентирање на современи методи, техники и стратегии за реализација на наставата | | наставници | Стручен актив; индивидуални консултации; |
| *успешна реализација на тековни проекти | Учество во:<br>- ,,Вештини во адолесценција,,<br>- „Интеграција на еколошката едукација во образованието“<br>„Zедничка грижа за правилно насочување на учениците“ | учебна година | директор, психолог, наставници | Споделени информации;<br>Индивидуални консултации; состаноци; Програми, Акциски планови;<br>Обуки; Планирања; |
| *согледување за одредени аспекти во учебниците | - анализа на учебници од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност | | психолог, наставници | Инструменти за анализа;<br>Обработени податоци; |

| ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *препознавање на потребите од учениците, почитување на личноста на секој ученик и идентификување и развивање на неговите јаки страни | - насоки за работа на наставниците со одделни групи и поединечни ученици (тешкотии во учењето, проблеми во развојот, болест, емоционални проблеми, надарени ученици и слично).<br>- примери на наставни содржина за работа со учениците со посебни образовни потреби | учебна година | психолог<br><br>наставници | Приоди во учењето; Мислења; Наоди; консултирање стручна литература;<br><br>Стручни активи; Примери; |
| индивидуализација во задолжителната, додатната и дополнителната настава, слободни ученички активности, натпревари; | - запознавање на наставниците со карактеристиките на новозапишаните ученици; | учебна година | психолог | Мислења; планирања; стручни активи; Презентација |
| подобрување на комуникацијата на наставникот со учениците | - давање стручна поддршка на наставниците за воспоставување на добра комуникацијата помеѓу учениците и наставниците и учениците меѓусебно; | учебна година | психолог | Индивидуални консултации; Советување; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - согледување на причините за несоодветно однесување, предлагање стратегии за надминување и следење на ефектите од превземените активности | - помош на наставникот во справување со и разрешување на проблеми со однесувањето на учениците. | учебна година | психолог | Индивидуални консултации; Советување |

**3.РАБОТА СО РОДИТЕЛИ**

| Цели | Реализација | Соработ-ници | Индикатори/ докази | Следење/ повратна информација |
|---|---|---|---|---|
| - поддршка на семејството во развојот и учењето на учениците | - Информирање на родителите за учењето и однесувањето на ученикот<br>- Им помага на родителите да препознаат како кризната ситуација во семејството е поврзана со учењето и развојот на учениците и ги советува како да реагираат во одредени ситуации;<br>- Работилници со родители за подобрување на мотивираноста за учење на нивните деца | учебна година | психолог, наставници | Родителски средби; Индивидуални средби; Советодавни разговори со родители; Работилница „Родителски стилови“ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - поддршка на родителите од учениците со ПОП | - информирање на родителите;<br>- насоки за комуникација и подршка во учењето со децата; | учебна година | дефектолог наставници | Индивидуални разговори; Информации за соодветни институции;<br>Упатување на родители; |
| - советување на родители | - организирање и спроведување на групни и индивидуални советувања со родители чии деца се соочуваат со неуспех во учењето, нередовно посетување на наставата и несоодветно однесување. | учебна година | психолог, наставници | Евидентни листи;Покани за советување; Записници; Работилници – школа за родители.; Презентација |
| - запознавање на родителите со работата на училиштето | - учество во изработката на брошура за работата на училиштето;<br>- информирање на родителите за услугите што училиштето и стручните соработници ги нудат за поддршка на учениците | IX.2022<br><br>учебна година | психолог, директор, наставници | Брошура; веб страна; родителски средби; состаноци; работилници. |
| - развивање на вештини на родителите за поттикнување на развојот и учењето кај своите деца | - идентификување на потребите на родителите за едукација поврзана со нивната родителска улога;<br>- организирање на едукативни средби и/или работилници со родители: - мотивација за учење и развивање свест за значењето на учењето и подобрување на дисциплината | учебна година | психолог, наставници | Прашалници за родители; Разговори; Работилници;<br>Состаноци. |

## 4. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

| Цели | Активности | Реализа ција | Соработ- ници | Индикатори/ докази |
|---|---|---|---|---|
| **СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА** | | | | |
| - промовирање соработка со локалната заедница; | - планирање, реализирање и следење на активности меѓу училиштето и заедницата;<br>- презентирање и промовирање на работата на училиштето;<br>- информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето. | учебна година | директор, психолог, наставници | Годишна програма; Посети; Реализација на наставни и воннаставни активности;<br>Веб страна; Преписки; Информации.<br>Училишен весник |
| - успешна реализација на воннаставните активности | - учество во организацијата и реализацијата на превентивни, хуманитарни и културни активности на локалната заедница | учебна година | директор, општина, наставници | Годишна програма; Приредби; Манифестации; Настани;<br>Училишен весник |
| - рефлектирање на вредносите и културите во заедницата во сите аспекти на работата на училиштето | - насоки за реализирање и следење на активности кои промовираат интеркултурно образование. | учебна година | директор, наставници | Насоки за планирање; Акциски планови; Следење на активностите;<br>Училишен весник |

| СОРАБОТКА СО СТРУЧНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Посета на часови по различни предмети | стручен соработник<br>директор | ноември<br>февруари, април | Успешност во реализација на наставните цели |
| 2. | Посета на часови | стручен соработник<br>директор | ноември<br>февруари, април | Примена на современи методи и форми на работа |
| 3. | Посета на часови за дополнителна и додатна настава | стручен соработник<br>директор | октомври/март | Примена на индивидуализиран/диференциран пристап |
| 4. | Анализа на посетени часови со акцент на очекувани исходи на часот | стручен соработник<br>директор | април | Утврдување на недостатоци во реализација на очекуваните исходи |
| 5. | Презентација на добиените сознанија<br>Наставнички совет | стручен соработник<br>директор | мај | Објективни сознанија за актуелната состојба во наставниот процес |

**ПЛАН ЗА СОРАБОТКА СО ЗДРАВСТВЕНИ ИНСТИТУЦИИ**

| Вид на соработка | Организатор | ОДДЕЛЕНИЕ | ВРЕМЕ |
|---|---|---|---|
| Вакцинација Di-Te-Per | Поликлиника Драчево | IX | септември |
| Систематски преглед на учениците и вакцина | Поликлиника Драчево | I, III, V, VII, IX | континуирано |
| Редовен стоматолошки преглед на заби и заливки на здравите заби | Поликлиника Драчево | I – IX | континуирано |
| Систематски преглед на учениците и вакцина- МРП-ревакцина | Поликлиника Драчево | I | октомври/ноември |
| Предавање на тема: Лична хигиена и Исхрана на здравје | Центар за јавно здравство | IV,V,VI ,VII | ноември |
| Работилници- Градба и функција на орална празнина | Поликлиника Драчево | I - V | континуирано |
| Always – Едукативна програма | Procter&Gambie – одобрена од МОН | VI | март/април |

## План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Училиштето со цел да ја подобри добросостојбата, дискриминацијата, безбедноста на учениците превзема активности во насока на превенција од насилно однесување и подобрување на комуникацијата помеѓу сите субјекти:

-обезбедување од страна на приватна агенција според посебна програма за работа (со согласност од родители);
-секојдневно дежурство од страна на учениците, со посебно место и задачи на дежурен ученик;
-секојдневно дежурство од страна на наставниците со определено место и задачи;
-наставниците редовно ги запишуваат отсутните ученици;
-наставниците (освен во исклучителни случаи) не ги ослободуваат учениците од час (заради купување храна, земање дневник или заради тоа што порано го завршиле тестот и сл.);
-организирани работилници и обуки за ученици – во рамките на проектот „Училиште без насилство“
-училиштето редовно соработува со одговорни лица од Министерството за внатрешни работи;
-Училиштето врши идентификување на формите на насилство, дискриминација и спроведува разговори, со ученици, родители, наставници, спроведува педагошки мерки.

## - **Програма за професионална ориентација** -

| **Активности** | **Постапки/ инструменти** | **Време на реал.** | **Носител** |
|---|---|---|---|
| Информирање за целта на професионалната ориентација | презентација | февруари | Психолог/ педагог |
| Утврдување на општите специфичните способности на учениците од девето одделение | ТИФИН-тест за утврд. на опш.инт.спос. | февруари | Психолог/ педагог |
| Информирање на учениците за мрежата на средни училишта, занимањата кои се изучуваат и условите за запишување во средно училиште | презентација (ЛЦД) | април | Педагог/психолог |
| Утврдување на професионалните интереси | Тест за утврдување на професионални интереси анкета | февруари март | Психолог/ педагог |
| Презентирање на пропаганден материјал од средните училишта | брошури | април мај | Стручни соработници Претставници од средни училишта |
| Организирање посети на средни училишта и посети на претставници од стредните училишта во нашето училиште | презентации | април мај | Стручни соработници Претставници од средни училишта |
| Индивидуални разговори и консултации со учениците во врска со изборот на училиште за понатамошното образование | советодавен разговор | април | Психолог/ педагог |
| Професионална ориентација на ученици со посебни образовни потреби | советодавен разговор | април | дефектолог психолог/ педагог |
| Советодавна работа со родители | разговор | април мај | Психолог/ педагог |
| Водење на листи со податоци за секој ученик | | април мај | Психолог/ педагог |
| Евиденција на опфатот на учениците во средните училишта | повратни листи | август септем. | Психолог/ педагог |

**План за подобрување на училишната дисциплина**

| активност | цел | носители на активности | време на реализација |
|---|---|---|---|
| Создавање на листа дежурни ученици во училиштето | Контролирање на движењето на надворешни лица, посетители, на ОУ | Ученици од 6 до 9 одд. | Во текот на цела учебна година |
| Создавање на листа дежурни ученици по одделенија | Контролирање на однесувањето на у-ците за време на одморите | Ученици од 2 до 9 одд. | Во текот на цела учебна година |
| Создавање на листа дежурни наставници двете смени | Контролирање на однесувањето на у-ците за време на одморите | Наставници од одделенска и предметна настава | Во текот на цела учебна година . |

**ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО**

| ЗАДАЧИ | АКТИВНОСТИ | РЕАЛИЗАТОР | ВРЕМЕ |
|---|---|---|---|
| -Соработка со релевантни установи | -Соработка со МВР; Центарот за социјална работа; Здравствени установи; -Поднесување писмени пријави надлежни служби | Директор Стручни соработници Наставници | Во текот на годината |
| -Континуирано следење и евидентирање на појавите на насилно однесување во училиштето | -Евиденција и преземање на активност за специфичните настани | Директор Стручни соработници Наставници | Во текот на годината |
| -Поддршка на учениците жртви на насилство | -Советодавна работа со учениците -По потреба упатување во соодветни установи | Директор Стручни соработници Наставници | Во текот на годината |
| -Работа со ученици кои манифестираат насилно однесување | -Советодавна работа со учениците -Соработка со релевантни установи | Директор Стручни соработници Наставници | Во текот на годината |
| -Советодавна работа со родителите | -Советодавна работа со родителите на ученици кои трпат насилство и ученици кои манифестираат насилно однесување | Директор Стручни соработници Наставници | Во текот на годината |

За успешно реализирање на активностите е најважно:
Постојано следење на однесувањето на учениците од страна на наставниците, посебно на учениците кои пројавуваат несоодветно однесување, одговорно дежурство од страна на наставниците и учениците, добра меѓусебна соработка меѓу наставниците и класните раководители како и брзо и адекватно реагирање при појава на насилно однесување.

## ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

***Цели:***

- Запознавање со видовите природни непогоди-пожар, поплава, земјотрес и слично.
- Пошироко , посеопфатно и поосмислено воспитно делување врз учениците во смисла на подготовка,превенција,заштита и соработка во услови на елементарни непогоди,незгоди и несреќи во домот, училиштето и блиската околина.
- Следење и поттикнување на интересот на учениците за заштита и адекватно реагирање и акција во услови на непосредна загрозеност од поплави, пожари, аерозагадување и сл.
- Учениците учествуваат во ублажувањето на последиците од елементарните непогоди и опасности...

***Општи цели:***

- Оспособување и обука на учениците, наставниците за активна партиципација, организирано да дејствуваат кон спречување и намаливање на последиците од елементарни непогоди, несреќи и природни катастрофи.

***Очекувани резултати:***

Учениците да бидат:

- свесни за својата улога во отстранувањето на причините за појава на елементарни непогоди, несреќи и природни катастрофи и оспособени за активно учество во намалувањето на последиците од истите и да се вклучат колективните форми на заштита.
- негување култура на мобилност и спремност за адекватно делување во услови на ризик и опасност од нив како и стратегија и култура на живеење.

Наставниците и учениците:

- да ги прошират и продлабочат своите сознанија за елементарните непогоди и природни катастрофи;
- да се актуелизираат проблемите пред учениците и оспособат за заштита од опасностите;
- преку организирана обука да се реализираат целите:
- да се мотивираат учениците и го поттикнуваат нивниот интерес за елементарните непогоди и природните катастрофи (причини, видови опасности, постапки за заштита и намалување на последиците);
- да се создаваат наставни ситуации (симулирани процеси и постапки на опасност) преку кои учениците ќе стекнат вештини и умешност на адекватно однесување за лична, колективна и масовна заштита од опасности;

- да организираат престој во училиштето и разговор со учениците на стручни лица, сведоци на природни катастрофи, научни работници и сл.
- да осмислат игри и симулации преку кои учениците ќе се соочат со опасности и ќе се обидат организирано да се заштитат од нивните последици;-да ги вреднуваат ефектите.

**Ученици**

Преку остварени активности учениците индиректно можат:

- да ги осознаат основните факти и стекнат информации за начините на настанување на елементарните непогоди, несреќи и природни катастрофи;
- да се информираат за видовите природни катастрофи;
- да се запознаат со изворите на опасностиво домот,поблиската и пошироката околина;
- да се запознаат со причините и можните последици од настанатите непогоди;
- да умеат да се заштитат од последиците на природните катастрофи;
- да се оспособат да негуваат култура и стекнат вештини за дејствување пред и по настанувањето на непогодите;
- да умеат да дејствуваат превентивно во својата околина;
- да бидат подготвени за сфаќање на условите и опстанокот во ситуации на опасност од природна катастрофа итн.

**Други субјекти**

Дел од специфичните цели се условени од активностите на директорите, училишните педагози и психолози и родителите на учениците чија улога ја согледнуваме во следново:

- да се запознаат со целите и содржините на овој проект;
- - да се создаваат услови за реализација на проектот;
- да соработуваат со наставниците и учествуваат во планирањето и реализацијата на содржините на проектот;
- да пренесуваат искуства и нудат идеи за поуспешна реализација на проектните активности и сл.

**ПЛАН ЗА ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ И ОПКРУЖУВАЊЕТО НА УЧИЛИШТЕТО**

Тргнувајќи од организациската поставеност во училиштето, една од задачите ќе биде и естетското уредување на училишните простории во согласност со потребите на учениците, наставниците и родителите. Целта на тимот е да се согледаат потребите и да се реализираат зацртаните задачи. Тимот за естетско уредување на училиштето се грижи за уредување на училишните холови во текот на целата учебна година и секако во согласност со годишните времиња, важни настани, празници, МИО и ЕКО активности, натпревари и слично.

| Активност | Простор кој ќе се уредува-активности | Носители на активноста | Време на реализација | Потребни ресурси |
|---|---|---|---|---|
| Уредување на внатрешниот простор на училиштето за новата учебна 2022/23год. | 1. Уредување на училниците за почеток на учебната 2022/23 год;<br><br>2. Уредување на просторот-паноата пред своите училници; | Наставниците од одделенска и предметна настава (секој својот кабинет и холот пред училницата) | август | хамери, листови во боја, лепило, спортски реквизити; |
| | 3.Уредување на холот од училиштето за почеток на учебната година; | Комисија за естетско уредување/Петар Беслаќ; | | |
| | 4.Средување на спортската сала со спортски реквизити; | Благоја Кечовски;<br>Дијана Ѓорѓиоска | | |
| | 5. Средување на спортската сала; | Дијана Ѓорѓиоска; | | |
| | 6. Естетско уредување на просторот со есенски мотиви | Тим за естетско уредување/ Петар Беслаќ, Ксенија О. Николовски | септември | |
| | 7. Естетско уредување на просторот со зимски мотиви | Тим за естетско уредување/Сашка С. Морски | декември-февруари | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 8. Естетко уредување на просторот со Новогодишни мотиви | Тим за естетско уредување/Биљана Видински; | декември | |
| | 9. Естетско уредување на просторот на тема ,,Пролет и Екологија“ | Тим за естетско уредување / Дијана И. Стојановска; | март-мај | |
| | 10. Естетско уредување на просторот на тема лето и летен распуст | Наставниците од оделенска и предметна настава (секој својот кабинет и холот пред училницата) | мај-јуни | |
| | 11. Едукативно и естетско уредување на кујнскиот простор со содржини за ,,Здрава храна“ | Наставници од целодневна настава/Душица Трајковска Магдалена Радевска | септември-јуни | постери со здрава храна, пораки за здрава храна; |
| Уредување на надворешниот простор на училиштето;<br><br>Хортикултурно оплеменување;<br><br>Сликање на едукативно-спортскиот полигон; | Двор-Засадување на садници и цвеќиња;<br><br>Одржување на тревни површини и засадените цвеќиња и садници, игралишта и друго;<br><br>Коридор помеѓу училиштето и спортската сала- Сликање | Наставник по биологија, наставници по природни науки и технички персонал;<br><br>Наставник по ликовно, одделенски наставници (Сашка С. Морски, Ксенија О. Николовски, (доброволци)); | март/ноември<br><br>континуирано<br><br>Јули, август | хумус, садници, семиња, цвеќиња,<br><br>бои, четки, ракавици, разредувач, Скоч-трака |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Сликање на надворешните ѕидови од главниот влез на училиштето; | Естетско уредување на главниот влез на училиштето | Наставник по ликовно - Петар Беслаќ, одделенски наставници (Сашка С. Морски, Ксенија О. Николовски, (доброволци)); | Јули, август | Радикол, бои, четки, ракавици, разредувач, Скоч-трака |
| **Уредување на училиштен двор (внатрешен / надворешен)** | Оплеменување на просторот со зеленило и цветни садници; поставување на канти за отпад и клупи | Технички персонал и наставници; | август, септември,<br><br>март, април, мај, јуни | клупи/столици, маса, зимзелени садници и цвеќиња, канти за отпад |

Комисија за естетско уредување: Сашка С. Морски, Кристина Дораковска, Петар Беслаќ, Дијана И. Стојановска, Благоја Кечовски; Дијана Ѓорѓиоска, Биљана Видински, Душица Трајковска.

.

**Координатор за естетско уредување: Ксенија Орачка Николовски**

## КОДЕКСИ НА ОДНЕСУВАЊЕ

### *Проект Здрава храна*

| АКТИВНОСТ: | период | реализатор | цели |
|---|---|---|---|
| Видови традиционални јадења на националностите во Р.С.Македонија | Септември/јуни | Наставници, стручна служба, директор | Запознавње со традиционалните јадења на националностите во Р.С.М. |
| Изготвување на мени составено од традиционални јадења на националностите во Р.С. Македонија | Септември/јуни | Наставници, стручна служба, директор | Запознавње со традиционалните јадења на националностите во Р.С.М. |
| Што е потребно за здрава храна во земјоделието | Септември/јуни | Наставници, стручна служба, директор, стручно лице | Да се запознаат со начинот на одгледување на храна |
| Повеќе сезонско сеење на одредени земјоделски култури | Септември/јуни | Наставници, стручна служба, директор, агроном | Начин на сеење на растенијата |
| Влијанието на пестицидите и другите хемикалии врз земјоделието | Септември/јуни | Наставници, стручна служба, директор, агроном | Да се осознае поимот органска храна |
| Како да заштедиме додека ја приготвуваме храната | Септември/јуни | Наставници, стручна служба, директор | Да се научи како се штеди |

**Комисија : Магдалена Радевска, Марија Смилева, Мара Мишева, Марјонка Димитриевска, Бојана Николовска**

**Координатор за проектот Здрава храна: Магдалена Радевска**

**ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР**

| **Компетенции** | **Тема** | **Носител** | **Очекувани исходи** | **Форма на проф.раз.** | **Потреб. ресурси** | **учесници** | **Улога на учес.** | **Време на реализ.** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Создавање стимулатив на средина за учење | Платформи за онлајн учење<br>ИКТ настава според новосоздадените услови (онлајн настава) | Надворешен провајдер | Повисок квалитет на организирање на далечинско учење | Обука во Училиштето | Интерактивна табла, компјутер, ТВ | Сите наставници од одд. и предм. настава, стручни сор. | 2 презентери учесници | август |
| Поучување и учење | Формирање валидни и објективни сумативни оценки при online настава | БРО | Оценување според однапред утврдени стандарди од МОН и БРО | Избран провајдер | Интерактивна табла, ТВ, компјутер, хартија | Наставници од предметна и одд. настава | учесници | септември и октомври |
| | Примена на современи алатки, методи техники, стратегии приonlineучење | Обука во училиштето | Поголема мотивираност на учениците и постигнување повисоки резултати | Размена на искуства на ниво на стручни активи | Интерактивна табла, компјутер, ТВ, хартија | Стр.сор. наставници од одд. и предм.нас | Согласно програмата на Стручните активи | Според временската рамка определена во прог.на стр.активи |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Социјална и образовна инклузија | Унапредување на вештините за реализирање на инклузивната настава | Надворешен провајдер | Развивање начини за вклучување на учениците во заеднички активности со претставници од локалната заедница | Надворешна обука | Планирани средства за посета на обуката | 10 наставн. Стручни сораб. | учесници | јануари-февруари |
| Комуникација и соработка со семејството и заедницата | Обука за развивање партнерски однос со родител вештини за комуникација | Надворешен провајдер | Нови идеи и начини за поттикнување едукација на учениците и родителите за проблеми поврзани со локалната заедница | Надворешна обука | Интерактивна табла, компјутер, ТВ компјутер | Наставници од одд. настава | учесници | Септември |
| Професионален развој и професионална соработка | Изготвување на акциони истражувања<br>Примена на новини во вос-образовниот процес<br>Размена на искуства по подрачја<br>Учество на сите органи. обуки и семинари од страна на образовни институции и МОН | БРО | Повисок квалитет во воспитно-образовниот процес;<br><br>Зголемена мотивација кај учениците за учење и повисоко ниво на постигнувања | Училиште<br><br>Индивидуална форма<br><br>Надворешна форма | Според Активностите | Воспитно-образовен кадар | Учесници и реализатори и согласно Програмата на стручните активи | Во текот на учебната година |

**Програма за јавна и културна дејност**

| Вид на активности | Време на одржување | Реализатори |
|---|---|---|
| Свечен прием на првачиња | 1.9.2022 | ученици, наставници, родители, стручна служба, директор |
| Ден на независноста на Република Северна Македонија | 7.9.2022 | Ученици, историска секција |
| Одбележување на Детска недела | 3.10 - 7.10.2022 | Детска организација |
| Светски ден на учителот | 5.10.2022 | Наставници, ученици |
| Ден на Востанието на македонскиот народ | 10.10.2022 | Ученици, историска секција |
| 23 Окомври Ден на МРБ | 21.10.2022 | Историска секција, литературна секција |
| Ден на ООН | 19.10.2022 | Историска секција |
| Месецот на книгата | 17.10-18.11.2022 | Ученици, литературна секција, библиотека |
| Светски ден на правата на детето | 20.11.2022 | ученици наставници |
| Св.Климент Охридски | 7.12.2022 | Историска секција, литературна секција |
| Новогодишен хепенинг | декември | Ученици, наставници, родители |
| Денот на раѓањето на Кузман Шапкарев | 27.1.2023 | Литературна секција |
| Денот на раѓањето на Гоце Делчев | 27.1.2023 | Историска секција, литературна секција |
| Активности по повод Патронен ден на училиштето | 09.3 - 17.3.2023 | Ученици, наставници, родители |
| Светски Ден на мајчиниот јазик | Февруари | Ученици, наставници, директор |
| Приредба по повод Патронен ден на училиштето | 17.3.2023 | Ученици, наставници, родители |
| Светскиот ден на книгата | април | Ученици, литературна секција |
| Велигденски хепенинг | април | Ученици,наставници, родители |

| | | |
|---|---|---|
| Посета на Саемот на книгата | мај | Ученици, наставници, родители |
| Одбележување на годишнината од смртта на Гоце Делчев | 4.5.2023 | Историска секција, литературна секција |
| Патронен ден општината | 5.5.2023 | Ученици, наставници |
| Денови на Пушкин | април | Ученици, наставници |
| Хорски и оркестарски смотри | април | Ученици, одговорни наставници |
| Ден на спортот | во текот на годината | Ученици, одговорни наставници |

**Одговорни наставници : Анета Ј. Алексовска, Марија Дамчевска, Марија Атанасова, Зорица А. Ѓорѓиевска , Петар Беслаќ, Зорица Михајловска.**

**Координатор – Розета Тумбевска**

**Програма за работа на Детска организација**
**Одговорни наставници : Кристина Дораковска и Виолета Ц. Трпковска**

| СОДРЖИНИ | ЦЕЛИ | МЕСЕЦ | НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТА |
|---|---|---|---|
| Свечен прием на првачиња | Прием на првачињата во нивниот втор дом | **IX** | Одговорни наставници |
| Одбел. на 8-ми Септември | Развивање на патриотски чувства на учениците кон татковината | **IX** | Одделенските наставници со поддршка од настав. по историја |
| Детска Организација -Формирање | Запознавање на учениците со целите на Детската Организација | **IX** | Претставници од одделенијата |
| Свечен прием на првачиња во Детската Организација | Запознавање на учениците со целите на Детската Организација | **IX** | Претставници од одделенијата |
| 11 Октомври – Ден на македонското народно востание | Градење почит и благодарност кон нашите предци кои ни подарија држава | **X** | Одговорни наставници |
| 23 Октомври – Ден на македонската револуционерна борба | Запознавањето со жртвувањето на македонските револуционери и нивната национална мисла | **X** | Одговорни наставници и членовите на секцијата по историја |
| Одбележување на Месецот на книгата од 15.10 – 15.11 | Запознавање со важноста на пишаниот збор, интерес и љубов кон книгата | **XI** | Детската Организација со поддршка од одделенските наставници |
| 13 Ноември – литературно творење | Стимулација и поттик кон литературно творење | **XI** | Детската Организација и членовите на секцијата по историја |
| " Златно Славејче " – фестивал на детски песни | Традиционално продолжување во следењето на ова музичко обележје на нашиот град | **XI** | Членови на ДО со поддршка од одделенските наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Украсување на училиштето со уметнички цртежи и хамери од училишните секции | Развивање на креативноста и уметничкиот дух , да го направиме ентериерот на училиштето потопол и поубав | **XI** | Членови на Детската Организација со поддршка од одделенските наставници |
| Предновогодишна приредба и забава за учениците | Рекреација и забава, развивање соработка и дружење на учениците од различните националности | **XII** | Членови на Детската Организација и одд.наставници |
| Активности во училиштето за следење на успехот на учениците во изминатиот период | Подобрување на успехот | **XII** | Членови на Детската Организација, претставници на училишните секции и тимот за естетско уредување на училиштето |
| Подготовки за учениците за организирање на зимски одмор | Одмор и рекреација на учениците | **XII** | Ученици |
| Патронен празник на училиштето | Искажување почит кон ликот и делото на Кузман Шапкарев | **III** | Ученици<br>Членови на Детската Организација и одд.наставници |
| Натпревар во литературно и ликовно творење | Стимулација и поттик кон литературното и ликовното творештво | **III** | Членови на Детската Организација и одд.наставници |
| Активности по повод 8ми Март – Ден на жената | Да се спознае еднаквоста на жената и мажот и изразување почит кон жената-мајка-сестра-баба | **III** | Ученици  и одговорни наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ден на Екологијата | Заштита на природата за подобро здравје ,чување и збогатување на зеленилото во училишниот двор и хигиена на истото | **III** | Членови на Детската Организација , литературна и ликовна секција |
| Априлијада – Ден на шегата<br>( маскенбал ) | Развивање на чувството на хумор | IV | Раководство и членови на Детската Организација |
| Одбележување на Светскиот ден на планетата Земја | Поттикнување на свеста на учениците за почиста животна средина | IV | Детска Организација и НВО кое се занимава со правата на жената<br>Раководство и членови на Детската Организација |
| Одбележување на 6 Мај – Денот на општината Кисела Вода | Развивање љубов кон местото во кое живеат | V | Раководство и членови на Детската Организација |
| Одбележување на 24 мај – Денот на словенските просветители | Осознавање на величината на делото на светите браќа | V | Членови на Детска организација и литературна и драмска секција |
| Разгледување на успехот, редовноста и дисциплината на крајот од учебната 2022 / 2023 година | Подобрување на успехот | V | Ученици од V до IX одделение<br>Рраководство и членови на Детската Организација |
| Подготовки за организирано користење на летниот распуст | Одмор, рекреација и дружење на учениците | VI | Членови на Детска организација и одделенски наставници |

*** Програмата со активности може да претрпи измени и дополнувања во текот на учебната година**

**Програма за работа на Подмладокот на Црвен крст**

| Содржина на работа | | Време на реализација | Реализатори |
|---|---|---|---|
| 1. | Конституирање и избор на претседателство на ПКЦ | септември | одговорни наставници и ученици |
| 2. | Донесување на годишна програма за работа на ПЦК | септември | одговорни наставници и ученици |
| 3. | Одбележување на „Недела на борба против туберкулозата“ | 14 - 21 октомври | одговорни наставници и ученици |
| 4. | Организирање на собирна акција- „Подарок за мојот другар“, по повод одбележувањето „Недела на младите на Црвениот крст“ | 3 – 7 октомври | одговорни наставници и ученици |
| 5. | Одбележување на „Недела на борба против гладта“ по повод „Светскиот ден на гладта -16 Октомври“ | 17 – 21 октомври | одговорни наставници и ученици |
| 6. | Учество во акцијата- Да им помогнеме на старите и изнемоштените лица,(посета на дом за стари лица) | октомври | одговорни наставници  ученици и стручни лица |
| 7. | Како да се заштитиме од заразните болести | октомври | одговорни наставници и ученици |
| 8. | Прием на првачињата во ПЦК | ноември | одговорни наставници и ученици |
| 9. | Учество во акцијата- Борба против алкохолот, наркоманијата и пушењето | ноември | одговорни наставници, ученици и педагог |
| 10. | Организирање натпревар за најчиста училница | декември | одговорни наставници и ученици |
| 11. | Подготовки за зимување | декември | одговорни наставници и ученици |
| 12. | „Како да ги заштитиме забите“ - предавање | февруари | одговорни наставници, ученици и стучни лица |
| 13. | Одбележување на „Денот на основањето на Црвениот крст на РСМ“ и „Ден на крводарителсвтото на РСМ“ | 17.3.2023 г. | одговорни наставници, ученици и стучни лица |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14. | Одбележување на „Денот на здравственото воспитување“ | 27.3.2023 г. | одговорни наставници, ученици, стручни лица |
| 15. | Учество на вонучилишни натпревари во организација на Црвениот крст на РСМакедонија | март | одговорни наставници,ученици и стручни лица |
| 16. | Одбележување на „Светски ден на здравјето“ | 7.4.2023 г. | одговорни наставници и ученици |
| 17. | Учество на општински натпревар за давање на прва медицинска помош | мај | одговорни наставници, ученици и стручни лица |
| 18. | Одбележување на„Светскиот ден на Црвен крст – 8 Мај“ и„Неделата на Црвениот крст“ | 8 -12 мај 2023 г. | одговорни наставници и ученици |
| 19. | Месец посветен на „Битката кај Солферино“ и основачот на Црвениот крст Анри Динан | јуни | одговорни наставници и ученици |

**Одговорни наставници: Снежана Бешлиевска, Марјонка Димитровска**

**КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ**

- Ученикот е должен на време и редовно да доаѓа на настава.
- Ученикот е должен да се грижи за училишниот простор и имот.
- Ученикот е должен да се грижи за хигиената на училиштето и блиската околина.
- Во училиштето учениците треба да доаѓаат уредни.
- Да придонесе за одржување на работната атмосфера.
- Ученикот е должен редовно да носи училишен прибор, учебници и тетратки.
- Да соработува со наставнисите, стручната служба и другите субјекти во училиштето.
- Да покаже почитување и толеранција кон другарите и наставниците.
- Ученикот не смее самоволно и без вистинска причина да го напушти часот.
- Учениците не смеат да користат мобилни телефони за време на часовите.
- На часовите не е дозволено да се џвакаат мастики како истите да се лепат на клупите и столчињата.
- За време на часот не излегувај во тоалет.
- Не викај по ходниците, не трчај, придржувај се кон правилава на однесување.
- Штом го слушнеш ѕвончето, веднаш влези во училницата.
- Пристојно и трпеливо чекај пред училница пред започнување на часот.
- Ученикот не смее да врши психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето.
- Да го следи и евидентира влегувањето и излегувањето на лица кои не се вработени во училиштето.
- Да ги евидентира учениците кои постојано се движат низ училиштето за време на часовите.
- Да се грижи за редот и дисциплината за време на часовите.
- Кога наставникот зборува не го прекинувај.
- Обраќај им се со ВИЕ на возрасните.
- Користи молам, благодарам, повели, извини во секојдневната комуникација.
- Поздравувај со добро утро, добар ден и довидување.
- Не користи вулгарни зборови кога комуницираш.
- Почитувај ги правилата кои сте ги договориле со наставникот.
- Покажи толеранција кон со учениците во комуникацијата.
- Искажи го секое незадоволство со одбрани и пристојни зборови.
- Биди самокритичен, а потоа критикувај.
- Чувај ги своите предмети, не посегнувај по туѓите.

- Не ги потценувај способностите на своите соученици.
- Сослушај го внимателно и почитувај го мислењето на другиот.
- Почитувај ги различните од тебе.
- Истакни ги позитивните особини кај себе со постапки, а не со зборови.
- Ако не се однесуваат добро со тебе, БИДИ ПРВ кој тоа ќе го промени и однесувај се ти на вистински начин - ПРИСТОЈНО.
- Учтивоста е особина која ја краси твојата личност, затоа однесувај се учтиво во секоја прилика.
- Со своето примерно однесување ќе покажеш почит кон своите родители.
- Редовно информирај ги родителите за случувањата во училиштето.
- Ученикот не треба да гледа во туѓи фајлови и не се подбива со никого на Интернет.

**КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ**

- Почитувајте го куќниот ред во училиштето!
- Училиштето е воспитно- образовна институција во која се влегува во пристојна облека
- Редовно исполнувајте ги обврските што ги имате кон училиштето ( материјални обврски, оправдување на отсуства од часовите на учениците, консултации со наставниците и сл.)
- Задолжително присуствувајте на родителските средби во училиштето
- Имајте на ум дека Вашите постапки се пример за однесувањето на Вашето дете – ученикот е огледало на родителот
- Редовно информирајте се за постигнатиот успех на Вашето дете
- Не е дозволено движење на родителите по ходниците и учениците за време на наставата
- Родителите претставуваат интегрален дел на училиштето
- Родителите имаат законски права и обврски за учество во животот и работата на училиштето
- Комуникациите помеѓу родителот и наставниците треба да се изградуваат и реализираат врз принципите на кооперативност и рамноправност
- Родители бидете вистински дел од училиштето
- Присуството на родителот во училиштето го зајакнува чувството на припадност на детето кон училиштето
- Вашето дете живее со проблемите во училиштето и во својот дом
- Неуспехот на вашето дете можеби не е во него, во вас или училиштето
- Успехот за Вас и Вашето дете е најважен но не секогаш
- Интересирајте се како се чувствувало вашето дете во училиштето
- Известувајте го одделенскиот раководител за промените во однесувањето кај Вашето дете
- Не формирајте негативна слика за наставникот пред вашето дете оставете тоа само да ја прави
- Често однесувањето на детето во училиштето е продолжена слика на семејството
- Родителот во текот на неделата е должен да го оправда отсуството ( усмено или писмено) на своето дете
- Почитувајте денот и определеното време за консултации и средби со наставниците

**КОДЕКС НА НАСТАВНИЦИТЕ**

- Наставникот треба да се грижи за целиот училиштен простор и имот, посебно за кабинетот во кој држи настава**.**
- Наставникот треба секогаш да се залага за афирмација на својот предмет.
- Наставикот треба да го почитува времетраењето на часот.
- Наставникот да ги евидентира отсутните ученици на почетокот на часот и тоа да го прави редовно.
- Наставникот секогаш и секдае внимава на својот говор, тој треба да е литературен, јасен и достапен.
- Наставникот треба секогаш да е пример со својот изглед и своето однесување.
- Наставникот не смее да се изложува во јавноста под дејство на алкохол и дрога.
- Секој наставник треба професионално да се усовршува преку следење на литература, посета на семинари, курсеви и користење на современа технологија.
- Наставникот е должен да ја почитува личноста на секој ученик.
- Наставникот е должен професионално да се однесува за време на часот.
- Наставникот е должен реално да оценува знаење на ученикот без оглед на другите негови оценки.
- Наставникот треба да го пофалува секој напредок на ученикот.
- Наставникот треба да настојува ученикот навреме и квалитетно да ги извршува своите задачи.
- Наставникот не смее да го казнува ученикот телесно и да го малтертира психички.
- Наставникот е должен редовно да им помага на учениците, преку разни форми на активност.
- Секој наставник треба да настојува учениците пристојно и дисциплинирано да се однесуваат во училиштето и надвор од него.
- Наставникот треба редовно и навреме да го повикува и известува родителот за постигнувањата, однесувањето и проблемите на неговото дете.
- Наставникот треба да го упатува родителот на помош од компетентни лица, во ситуации кога за тоа има потреба.
- Наставникот треба да го почитува секој свој колега, да соработува, разменува мислења и искуства врзани за работата.
- Наставникот треба да се ангажира во работата на стручниот актив на кој припаѓа.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**


- Закон за основно образование
- Закон за наставници
- Концепција за деветгодишно образование
- Концепција за воннаставни активности
- Планови и програми од БРО
- Статут на училиштето
- Годишен извештај за работата на училиштето за учебна 2021/22
- Самоевалуација 2020-2022
- Развојна програма на училиштето 2018-2022


**датум**

_________________

**Претседател на Училишен одбор** **М.П.** **Директор**

**Жаклина Божиноска**

______________________ __________________